Содржина

САМО НАЈДОБРОТО ЗА ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ! 2

Dr.Nature 4-67

Dr.Nature Ayurvedic Line 68-69

Dr.Nature медицински печурки 70-76

Dr.Silver апарати за сребрена вода 77

Dr.Silver производи со сребрена вода 77

Иновативни производи за здравје 78-80

Dr.Nature Турмалински производи 81-82

Victoria Bells магнетен накит 83-87

Sanct Bernhard 88-98

Equilibra 99-102

Vitar 103-107

САМО НАЈДОБРОТО ЗА ВАШИОТ ДОМ! 108

Dr.Nature 110

Smart Microfiber System 111-117

Иновативни производи за дом 118

Бамбусови чорапи 119

Green Master Merino Home Line 119-120

Dafi 121-123

САМО НАЈДОБРОТО ЗА ВАШАТА УБАВИНА! 124

Dr.Nature 126

Dr.Silver 126-127

Shuya, Victoria Bells 128

Родопско чудо 129

Stolz 130-133

Equilibra 134-138

Elfa Pharm 139-175

VB Collagena 176-178

Urban Behaviour 179-180

Geske 181-198

САМО НАЈДОБРОТО ЗА ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ!



Современиот начин и забрзаното темпо на живот, промената во квалитетот на животната средина и храната наметнуваат зголемена потреба од внесување на дополнителни биолошко активни додатоци во исхраната за зачувување на нашата виталност и добро здравје. Секако додатоците во исхрана не претставуваат замена за балансираната и здрава исхрана и здравиот начин на живот.

Производите претставени во овој каталог, придонесуваат за зачувување и одржување на нормалните физиолошки процеси на организмот. За избалансиран сооднос на додатоците во исхрана кои се во функција на твоето здравје и потреби ти препорачуваме
да се консултираш со твојот лекар или да закажеш консултација со нашиот стручен медицински консултант*.

*Ова особено важи за бремени жени, доилки, деца и луѓе со посериозни здравствени проблеми.

Додатоци во исхрана
Билки и лековити растенија
Витамини, Минерали
Иновативни апарати, Магнетотерапија



Dr.Nature, Dr.Silver,
Иновативни производи за здравје,
Турмалински производи, Victoria Bells магнетен накит,
Sanct Bernhard, Equilibra, Vitar

Dr. Nature е трговска марка која во себе спојува неколку производни серии, кои содржат веќе докажани природни биолошко-активни компоненти кои со задоволство ги употребуваат стотици илјади задоволни клиенти на Green Master насекаде во светот. Производите на Dr. Nature се високо ефикасни, гарантираат брзи резултати, исклучителен квалитет и долготраен ефект. Овозможуваат брза и сигурна поддршка на организмот во постигнување на баланс и хармонија со природата.

ВИШНА ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка при гихт, високи нивоа на мочна киселина, болки во зглобовите и намален имунитет!

Вишна Форте е природна формула создадена за поддршка на организмот при создавање на вишок мочна киселина во телото, што е главен ризик-фактор за гихт и хронични болки во зглобовите. Содржи високо концентриран стандардизиран екстракт од плод на вишна 25:1 (Cerasus vulgaris Mill.), богат со антоцијанини и флавоноиди кои имаат моќно противвоспалително и антиоксидантно дејство. Формулата потпомага во регулирање на мочната киселина, ги намалува болките во зглобовите и мускулите, ја стимулира работата на бубрезите и го зајакнува имунитетот – без да го оптоварува црниот дроб и без несакани ефекти кои што се карактеристични за синтетичките лекови.

Dr. Nature го препорачува при: гихт со акутни напади (болка, црвенило и оток во зглобот на палецот на нога), хронично високи нивоа на мочна киселина, вкочанетост и отоци во колената и глуждовите, болки во зглобовите по физичка активност, потешкотии при воспаленија по спортување или напорни тренинзи, отоци и задржување на течности во зглобовите и екстремитетите, намалена работа на бубрезите и нарушено лачење на мочната киселина, чести воспаленија на зглобовите при метаболички синдром, ослабен имунитет, чести настинки и вирусни инфекции, замор, раздразливост, бавно закрепнување, живот во урбана и загадена средина, хроничен стрес и недостаток на сон, болки во грбот и колената предизвикани од заседнатост и недоволно движење, прекумерна тежина што ги оптоварува зглобовите, појава на болка во зглобовите по обилно јадење и прекумерно внесување на месо и алкохол, генетски предиспозиции за гихт или хиперурикемија, периоди на гладување или строги диети, употреба на лекови што стимулирање мокрење (на пр. диуретици), болка во зглобовите при студено време или нагли промени во температурата, чувство на вкочанетост наутро или по подолго седење, слаба циркулација во екстремитетите и чувство на „тешки нозе“, закрепнување по вирусна инфекција, чести грчеви во мускулите, недоволна хидратација и недоволен внес на течности, сезонски пад на виталноста, внесување на храна богата со протеини при спортски режими или кето диета.



Код: 32091
Цена: 1135 ден.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од плод на вишна (Cerasus vulgaris Mill.) 25:1 - 465 mg, од кои антоцијанини – 0,3% (1,4 mg) и флавоноиди – 1% (4,65 mg).

Начин на употреба: се препорачува 2 пати дневно по 1 капсула.

ЖОЛТ КАНТАРИОН ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за нервен систем, емоционален и психички баланс!



Код: 32090
Цена: 945 ден.

Жолтиот кантарион (Hypericum perforatum) е лековита билка која со векови се користи во традиционалната медицина за ублажување на нервна напнатост, вознемиреност и нарушувања на сонот. Благодарение на активните состојки – хиперицин и хиперфорин – оваа билка помага во подобрување на расположението, ја поттикнува менталната рамнотежа и придонесува за намалување на симптомите на лесна до умерена депресија. Dr. Nature Жолтион кантарион Форте е природен додаток во исхраната кој ја поддржува функцијата на нервниот систем, помага при несоница, раздразливост и хроничен замор, како и при психички и емоционален дисбаланс предизвикан од стрес.

Dr. Nature го препорачува при: емоционален и психички дисбаланс, раздразливост, внатрешно напрегање и стрес, емоционална лабилност, пад на мотивација, симптоми на повремена депресија, тешкотии со опуштање пред спиење и нарушен сон, нарушен биоритам, хронична напнатост и замор, потреба од психо-емоционална поддршка.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од надземен дел на жолт кантарион (Hypericum perforatum L.) - 375 mg, од кои што 0,3 % хиперозиди (1,125 mg).

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно, по оброк.

ШИЗАНДРА ФОРТЕ – 60 капсули

Супер адаптоген за поддршка при стрес, нервна напнатост, намалена енергија и ослабен имунитет!



Код: 32088
Цена: 1020 ден.

Шизандра Форте е природна формула создадена за да го поддржи организмот при зголемен стрес, нервна напнатост, пад на енергија и ослабен имунитет. Содржи стандардизиран екстракт од плод на шизандра (Schisandra chinensis), стандардизиран на 1% шизандрини. Овие активни соединенија имаат силно адаптогено, хепатопротективно дејство и ја подржува работата на нервниот систем и не предизвикуваат зависност или еуфоричност. Шизандра Форте обезбедува комплетна и природна поддршка за црниот дроб, енергетскиот метаболизам, менталното здравје и имунолошкиот систем. Погодна е и за лица кои страдаат од хроничен замор, имаат динамичен животен ритам, лица кои се подложни на чести инфекции, метаболчки или емоционален стрес.

Dr. Nature ја препорачува при: нервна напнатост, раздразливост и анксиозност поврзани со стрес и замор, психичка исцрпеност, намалена издржливост и недостаток на мотивација, потешкотии во адаптирање во динамична или стресна средина, нервна лабилност, емоционален дисбаланс и лошо расположение, хронична исцрпеност, дневна поспаност и потешкотии со будење, намалена физичка издржливост, апатија и нарушен енергетски ритам, враќање на енергичноста по тешка физичка активност, при промена на временски зони или долги периоди без одмор, чести инфекции, закрепнување по вирусни и бактериски инфекции, хроничен замор и намален имунитет, преоптоварена работа на црниот дроб, наталожени токсини, состојби на хормонален, метаболички или оксидативен стрес, „мозочна магла“, потешкотии со концентрација, интензивен ментално оптоварување, проблеми со помнењето и когнитивен пад.

Состав на една капсула: 500 mg стандардизиран екстракт од плод на шизандра (Schisandra chinensis), од кои 1% шизандрини (5 mg).

Начин на употреба: се препорачува 1–2 капсули дневно со храна.

ХИНАП ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за смирување, емоционална рамнотежа и подобрување на сонот!

Хинап Форте е природна формула создадена за да ја поддржи емоционалната рамнотежа, да го смири умот и да го подобри квалитетот на сонот. Содржи стандардизиран екстракт од плод на хинап (Ziziphus jujuba), стандардизиран на 2% сапонини. Овие активни соединенија имаат природно анксиолитичко и седативно дејство, без да предизвикуваат зависност или дневна поспаност. Екстрактот од хинап има благо и ефикасно дејство, со што обезбедува поддршка при стрес, нервна напнатост, вознемиреност и нарушен сон. Погоден е и за лица кои се чувствителни на сезонски промени, променливи емоционални состојби или нарушен дневно-ноќен ритам.

Dr. Nature го препорачува при: лесна раздразливост и промени во расположението, емоционална лабилност, вознемиреност и психички замор, тешкотии при заспивање и чести будења во текот на ноќта, нарушен дневно-ноќен ритам (работа во смени, патувања), емоционален дискомфорт при хормонални промени (перименопауза, менопауза), периоди на зголемен стрес, исцрпеност или закрепнување по тешки боледувања.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од плод на хинап (Ziziphus jujuba Mill.) - 500 mg од кои 2% сапонини (10 mg).

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно.



Код: 32080
Цена: 1135 ден.

СМРЕКА ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за исфрлање на вишок течности, детоксикација и подобра циркулација!

Смрека Форте е моќна природна формула која го поддржува телото во процес на детоксикација и исфрлање на вишок течности. Содржи стандардизиран екстракт од плодови на смрека (Juniperus communis), позната по своето диуретичко и дренажно дејство. Овој екстракт помага при намалување на отоци, поддржува здрав метаболизам и го поттикнува намалувањето на вишокот килограми предизвикани од задржување на вишокот течности во телото. Формулата потикнува забрзување на текот на лимфата низ лимфниот систем и во отстранување на токсините и отпадните материи, како и во намалувањето на лимфните едеми, ја олеснува работата на бубрезите и го поттикнува прочистувањето на организмот, без да ја наруши електролитната рамнотежа. Смрека Форте е особено погодна за лица кои чувствуваат подуеност, тежина и задржување на течности во организмот или се дел од некоја детокс програма за прочистување на организмот.

Dr. Nature го препорачува при: задржување на течности и чувство на подуеност, отоци во нозете и зглобовите, вишок телесна тежина поврзана со задржување на вода во телото, нарушена циркулација и забавување на лимфниот систем, како и за лица кои се на природни програми за детоксикација и дренажа.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од плодови на смрека 10:1 (Juniperus communis) -500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула двапати дневно, со многу вода.



Код: 32081
Цена: 945 ден.

ЛИСТОВИ ОД МАТОЧИНА ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за смирување, подобрување на сонот и емоционалната рамнотежа!



Код: 32082
Цена: 870 ден.

Листови од Маточина Форте е природен додаток во исхраната кој ја поддржува работата на нервниот систем, го подобрува квалитетот на сонот и ја зајакнува психо-емоционалната рамнотежа. Содржи висококонцентриран стандардизиран екстракт 10:1 од листови на маточина (Melissa officinalis), што значи дека една капсула е еквивалентна на 5 грама сушена билка. Активните состојки како етерични масла, флавоноиди и фенолни киселини имаат смирувачко дејство, помагаат при стрес, нервоза, несоница и емоционална нестабилност и истовремено ја поддржуваат менталната јасност и психофизичката благосостојба.

Dr. Nature ги препорачува при: хроничен стрес и психо-емоционална напнатост, нарушен сон, тешкотии при заспивање и чести будења во текот на ноќта, емоционална лабилност и раздразливост, за природна поддршка на нервниот систем и подобрување на менталниот фокус.

Состав на една капсула: стандардизиран естракт од листови на маточина 10:1 (Melissa officinalis) – 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно (во зависност од индивидуалните потреби) , со многу вода.

ЛЕНЕНО МАСЛО 1000 - 90 капсули

Високо квалитетното ленено масло по најдостапна цена! За здрав кардио-васкуларен, нервен и имунолошки систем!



Код: 30065
Цена: 1020 ден.

Dr. Nature Flax Seed Oil 1000 претставува чисто, ладно цедено масло од лен, кое е природен извор на 3 скапоцени Омега масни киселини (3, 6 и 9). Овие полинезаситени масни киселини се нарекуваат и есенцијални, бидејќи телото не може самостојно да ги синтетизира, па мора да се внесуваат преку исхраната. Тие придонесуваат за заштита од појава на невродегенеративни заболувања, проблеми со помнењето, анксиозност и депресија и нарушена концентрација. Редовното внесување на капсулите со ленено масло го подобрува здравјето на крвните садови, помага во превенција од атеросклероза и делува поволно кај висок крвен притисок. Ја зголемува издржливоста при зголемен ментален или физички напор. Исто така ја подобрува апсорпцијата на калциум и магнезиум во клетките – што е важно за формирање на коскеното ткиво. Лененото маслото потпомага и при болки во зглобовите, артритис, воспаленија на цревата, бронхитис, астма, како и при нарушувања на работата на црниот дроб и бубрезите. Го забрзува заздравувањето на рани, ја зголемува отпорноста на организмот на инфекции, го јакне имунитетот и ја зголемува издржливоста на организмот. Исто така придонесува за здрава и убава кожа, коса и нокти.

Dr. Nature го препорачува при: покачено ниво на холестерол, хипертензија, артритис, астма, проблеми со кардио-васкуларниот систем, за подобрување на помнењето и работата на мозокот, при зголемен физички и психички напор, при зголемена телесна тежина, како и за здрави коски, зглобови, кожа, нокти и коса.

Состав на една капсула: ленено масло - 1000 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2-3 пати дневно.

МАСЛО ОД СЕМКИ ОД ТИКВА – 60 капсули

НОВО



Код: 32055
Цена: 870 ден.

Специјална формула за мажи! Комплетна природна поддршка за здравјето на простатата, уринарниот тракт, кардиоваскуларната функција и црниот дроб!

Маслото од семки од тиква Dr. Nature е особено препорачливо за мажи над 50 години, како и за оние што имаат зголемена простата, потешкотии при уринирање, висок холестерол, заболувања на црниот дроб или губење на коса. Ова масло е богато со есенцијалната алфа-линоленска киселина (ALA), омега-3 масна киселина што телото не ја создава само, но е клучна за здравјето на срцето, функцијата на мозокот, простатата, фертилитетот, кожата и косата. Благодарение на своето антиинфламаторно и антиоксидантно дејство, ALA го намалува холестеролот, ги штити клетките, ја подобрува циркулацијата и го поддржува метаболизмот на масти. Маслото од семки од тиква исто така го регулира хормоналниот баланс преку намалување на DHT – хормон поврзан со зголемена простата и губење на коса. Дополнително, го поттикнува растот на косата, ја зајакнува структурата на фоликулите и го подобрува здравјето на скалпот. Позитивно влијае и врз здравјето на очите, коските, работата на мозокот, како и за побрзо опоравување после физичка активност, што го прави одлична поддршка за целокупното машко здравје. **Dr. Nature ги препорачува за поддршка при:** проблеми со здравјето на простатата и за одржување на нејзината нормална функција, намалување на ризикот од бенигна хиперплазија на простатата (BHP), потпомага во спречување на трансформација на тестостеронот во дихидротестостерон (DHT) – хормон кој може да предизвика зголемување на простатата, делува на намалување на лошиот холестерол (LDL) и зголемување на добриот холестерол (HDL), потпомага во намалување на ризикот од атеросклероза и други кардио-васкуларни болести, потпомага за одржување на нормален крвен притисок и работа на срцето, ја потпомага заштитата на клетките на црниот дроб од оксидативен стрес и оштетување, потпомага во намалување на таложењето на масти во црниот дроб, ги потпомага природните процеси на детоксикација, потпомага во зајакнување на фоликулите на влакната и го поттикнува растот на косата. **Состав на една капсула:** Масло од семки од тиква (Cucurbita Pepo) – 1000 mg, од кои 50 % (500 mg) линоленска киселина. **Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно.

АЛФАЛФА ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Код: 32071
Цена: 980 ден.

Поддршка при хормонален дисбаланс кај жени (менопауза, ПМС), проблеми со црниот дроб, холестерол, шеќер во крвта и зголемена ацидоза во организмот!

Алфалфа Форте содржи концентриран екстракт од луцерка – билка богата со фитоестрогени, фитостероли, флавоноиди, хлорофил и есенцијални минерали кои го поддржуваат црниот дроб, го регулираат холестеролот и шеќерот во крвта, го подобруваат варењето и придонесуваат за алкализирање на организмот. Содржи и големи количества хлорофил и протеини, витамини A, C, D, E, K и B-комплекс, биотин, фолна киселина, калциум, железо, магнезиум, калиум, натриум, цинк, фосфор, кумарини, флавони, бета-каротен и други активни соединенија. Луцерката е позната по нејзиното позитивно дејство врз хормоналната рамнотежа кај жените, особено при ПМС, менопауза и естрогенски дисбаланс. Благодарение на фитоестрогените и витамините од групата B, таа придонесува за регулирање на хормоните и метаболизмот на мастите и шеќерите. Алфалфа Форте го поддржува црниот дроб преку активирање на природната детоксикација и штити од оксидативен стрес. Ја подобрува дигестијата, ја стимулира перисталтиката и ја поттикнува здравата цревна флора. Делува како природен диуретик, ја олеснува работата на бубрезите и помага за исфрлање на вишокот течности од организмот. **Dr. Nature ја препорачува при:** зголемени нивоа на LDL („лош“) холестерол и триглицериди, метаболички синдром, замастен црн дроб, инсулинска резистенција и дијабет тип 2, хормонален дисбаланс кај жени – за потпомагање на регулација на естроген, при симптоми на менопауза (жешки бранови, раздразливост, ноќно потење и сл), при симптоми на ПМС (гадење, надуеност, променливо расположение), за подобрување на варењето на храната (гасови, подуеност, чувство на тежина), при запек и забавен дигестивен тракт. **Состав на една капсула:** стандардизиран екстракт од семе од луцерка (Medicago sativa L.) 500 mg во сооднос 10:1.**Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно.

АРОНИЈА ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Моќна природна поддршка на срцето, крвните садови, имунитетот, видот, црниот дроб и бубрезите!

Аронија Форте обезбедува исклучителна антиоксидантна заштита и природна поддршка на срцето, крвните садови, имунитетот, црниот дроб, бубрезите и видот. Аронијата е една од најмоќните суперхрани со највисока ORAC вредност меѓу овошјето и содржи високи концентрации на антоцијанини, проантоцијанидини и танини, кои ги неутрализираат слободните радикали, го намалуваат воспалението и го забавуваат процесот на стареење. Редовната употреба на аронија придонесува за заштита на клетките од оксидативен стрес, го забавува процесот на стареење и ги намалува воспалителните реакции во телото. Ја подобрува работата на срцето и крвните садови, го намалува „лошиот" холестерол и го регулира крвниот притисок. Аронијата ја зголемува отпорноста на организмот кон вируси и бактерии, го зајакнува имунитетот и помага при побрзо закрепнување по боледување. Го поддржува нормалното ниво на шеќер во крвта, ја подобрува инсулинската резистентност и помага во контрола на телесната тежина. Дополнително, ја поттикнува детоксикацијата на црниот дроб и работата на бубрезите и има позитивно влијание врз видот, концентрацијата и менталната издржливост. **Dr. Nature ја препорачува за:** зајакнување на имунитетот, поддршка на кардиоваскуларниот систем, подобрување на циркулацијата и регулирање на крвниот притисок, за заштита од оксидативен стрес, за успорување на стареењето и смирување на воспалителните процеси, при дијабет тип 2, инсулинска резистенција и нестабилни нивоа на шеќер во крвта, потпомага и при замастен црн дроб, токсично оптоварување и нарушена детоксикација, има диуретско дејство и ја поддржува функцијата на бубрезите и помага во исфрлањето на вишок течности и токсини од организмот, потпомага и за подобрување на видот, особено кај луѓе со зголемен ризик од макуларна дегенерација, ретинопатија или замор на очите. Идеална е за лица изложени на хроничен стрес, ментално и физичко исцрпување, како и за побрзо опоравување после боледување или интензивен физички напор. **Состав на една капсула:** стандардизиран екстракт 10:1 од плод од аронија (Aronia melanocarpa (Michx.) Elliott) - 400 mg. **Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно.

Код: 32072
Цена: 1135 ден.

КОРЕН ОД ГЛУВАРЧЕ ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Детоксикација и дигестивен комфор!

Глуварчето (Taraxacum officinale) е медицински докажана билка со силен детоксикациски и хепатопротективен ефект. Активните состојки како тараксацин, кафена и хлорогенска киселина ја стимулираат активноста на ензимите од фаза II на црнодробната детоксикација, што овозможува поефикасно неутрализирање и елиминација на токсини, лекови и метаболитни отпадоци. Истовремено, глуварчето го поттикнува лачењето на жолчка и ја подобрува дигестијата на масти, што е особено важно при замастен црн дроб, диспепсија или застој на работата на жолчката. Инулинот во коренот има пребиотски ефект – ја храни корисната цревна микрофлора и го подобрува варењето и перисталтиката. Покрај тоа, глуварчето има благо диуретично дејство без да предизвика губење на калиум, што го прави безбеден природен избор за елиминација на вишок течности, мочна киселина и уреа. Некои студии исто така покажуваат дека глуварчето има антиинфламаторно и антиоксидативно дејство, со што придонесува за заштита на клетките и подобра отпорност на организмот. Екстрактот од корен од глуварче се препорачува за природна детоксикација на црниот дроб, подобрување на варењето, стимулирање на жолчниот проток и намалување на надуеност и чувство на тежина после оброк. Има благ диуретичен ефект, помага при задржување на течности, чистење на бубрезите и елиминација на отпадни материи. Корисен е и при кожни проблеми и констипација. **Dr. Nature го препорачува при:** бавно варење на храната, чувство на тежина и надуеност по оброк, нарушено лачење на жолчката, горчлив вкус во устата и дигестивен дискомфорт по оброци богати со масти. Идеален е за прочистување на организмот при токсично оптоварување од лекови, алкохол, цигари, загадена средина, како и при зголемени вредности на црнодробни ензими, замастен црн дроб или задржување на течности. Помага при нередовно празнење на цревата, надуеност, кожни проблеми (акни, егзема), хроничен замор, нарушен сон, хормонални промени (ПМС, менопауза), отоци и чувствителност во долните екстремитети. Исто така, придонесува за подобра функција на бубрезите и црниот дроб, како и за подобра концентрација и расположение. **Состав на една капсула:** корен од глуварче (Taraxacum officinale) - 328 mg и 52 mg стандардизиран екстракт 4:1. **Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно за време на јадење.

Код: 32074
Цена: 870 ден.

ГОЏИ БЕРИ ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Суперхрана за супер енергија и младешки изглед! Моќна заштита против стареење, поддршка за имунитетот, кожата, очите и виталноста!

Код: 32077
Цена: 1095 ден.

Гоџи бери е моќен антиоксиданс богат со полисахариди, каротеноиди (особено зеаксантин), витамини А, С и Е, како и цинк и селен, кои го неутрализираат оксидативниот стрес, ги штитат клетките од стареење и спречуваат ДНК-оштетување; истовремено ги активира внатрешните антиоксидантни ензими како супероксид дисмутаза (SOD) и глутатион пероксидаза. Неговите полисахариди ја стимулираат активноста на макрофагите, NK-клетките и лимфоцитите, со што го засилуваат одговорот на имунолошкиот систем и го подобруваат закрепнувањето по инфекции. Зеаксантин дипалмитат, неговата биорасположива форма, се акумулира во макулата и ги штити очите од сина светлина, фотостареење и макуларна дегенерација, што е корисно при замореност на очите од дигитални уреди и слабо ноќно гледање. Бетаинот и антиоксидансите во составот имаат хепатопротективно дејство – го поттикнуваат метаболизмот на црниот дроб, детоксикацијата и обновата на хепатоцитите, што е особено корисно при замастен црн дроб или зголемени ензими. Гоџи бери ја подобрува инсулинската чувствителност и го заштитува панкреасот од оксидативни оштетувања, со што е корисен при метаболен синдром и нестабилна гликемија. Флавоноидите и витаминот С ја намалуваат оксидацијата на LDL холестеролот, го подобруваат васкуларниот тонус и ја поттикнуваат микроциркулацијата, што придонесува за кардиоваскуларна заштита. Тој е и природен сојузник на кожата – благодарение на антиоксидансите, бета-каротенот и витаминот С ја забавува нејзината дегенерација, ја поттикнува синтезата на колаген и ја намалува појавата на акни, воспаленија и иритации. **Dr. Nature го препорачува за:** поддршка при ослабен имунитет, чести инфекции и бавно закрепнување, оксидативен стрес, хронична замореност и клеточно стареење, замор на очите, замастен црн дроб, зголемени ензими и потреба од детоксикација, нарушена циркулација, синдром на студени нозе, хипертензија, инсулинска резистенција, нестабилна гликемија и метаболички синдром, проблеми со кожата како фотостареење, акни и воспаленија, како и ментален замор, стрес и намалена виталност. **Состав на една капсула:** стандардизиран екстракт од плодови на гоџи бери (Lycium barbarum) – 500 mg – од кои 40% полисахариди (200 mg).**Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно.

ЛИСТОВИ ОД КОПРИВА ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Природна поддршка за бубрезите, простатата, хематопоезата и метаболичкото здравје!

Код: 32084
Цена: 980 ден.

Копривата (Urtica dioica) е лековито растение богато со железо, витамини, минерали и антиоксиданси, кое со векови се користи за прочистување на телото и подобрување на здравјето. Ја поттикнува работата на бубрезите и елиминацијата на токсини, ја поддржува функцијата на простатата и го олеснува мокрењето. Благодарение на хлорофилот и железото, го подобрува создавањето на хемоглобин и дава повеќе енергија. Има благ ефект врз шеќерот во крвта и ги намалува воспаленијата, а истовремено е корисна за кожата, косата и коските. Екстрактот од листови на коприва е природен извор на железо, калциум, магнезиум, калиум, флавоноиди, хлорофил и витамини С и К – комбинација која ја поттикнува елиминацијата на токсини преку уринарниот тракт, ја поддржува работата на бубрезите и ја намалува појавата на отоци и задржување на течности. Покрај тоа таа е корисна и при кожни проблеми, косопад, воспаленија, дигестивни тегоби и намалена густина на коските. **Dr. Nature ги препорачува за:** поддршка при проблеми со бубрезите и уринарниот тракт, задржување на течности, чести цистити, зголемена простата со отежнато уринирање, ослабен имунитет и хроничен замор, анемија, ниски нивоа на железо и хемоглобин, нестабилна крвна гликемија, зголемен апетит за слатко, оксидативен стрес, воспаленија, лоша циркулација, висок крвен притисок, кожни проблеми и косопад.**Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од листови од коприва (Urtica dioica L.) – 500 mg (екстракт со однос 10:1). **Начин на употреба:** се препорачува од 1–2 капсули дневно.

НОНИ ФОРТЕ – 60 капсули



Моќен природен адаптоген за имунитет, енергија и хормонална рамнотежа! Го поддржува целиот организам при состојби на стрес, воспаленија и ослабен имунолошки одговор!

Нони (Morinda citrifolia) е тропско растение богато со нутритивни и биоактивни соединенија како проксеронин, скополетин, витамини, минерали и антиоксиданси. Тој е природен адаптоген и антиоксиданс кој го зајакнува имунитетот, ја подобрува клеточната отпорност, го намалува воспалението и оксидативниот стрес, ја поттикнува виталноста и го враќа балансот на телото и умот. Неговите биоактивни соединенија се ефикасни за зајакнување на имунолошкиот систем, за хормоналната рамнотежа, за подобрување на расположението. Нони ја подобрува циркулацијата, ја поддржува работата на дигестивниот и кардиоваскуларниот систем и се користи за детоксикација и природно враќање на енергијата и животната сила.

Dr. Nature го препорачува за: ослабен имунитет, хроничен замор, стрес и анксиозност, воспалителни процеси, дигестивни и метаболички нарушувања, хормонален дисбаланс, кардиоваскуларна поддршка и целокупно подобрување на виталноста.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од плодови на нони 4:1 (Morinda citrifolia) – 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1–2 капсули дневно.

Код: 32085
Цена: 1020 ден.

КОЛОН ДЕТОКС ФОРТЕ – 60 капсули



Поддршка при запек, дигестивни тегоби, нарушена цревна флора и природна детоксикација на организмот!

Колон Детокс Форте е специјално создадена природна формула за поддршка на дигестивниот систем и детоксикација на организмот. Содржи внимателно одбрани растителни екстракти, растителни влакна, пробиотик и антиоксиданси кои делуваат синергично за подобрување на перисталтиката, олеснување на варењето и прочистување на цревата. Формулата делува деликатно, без агресивни лаксативни ефекти, поттикнува природно празнење на дебелото црево и придонесува за чувство на леснотија и енергија. Пробиотикот Lactobacillus acidophilus ја обновува корисната цревна микрофлора, додека алое верата, нането и слаткиот корен имаат смирувачко и заштитно дејство врз дигестивната слузница. Производот може да се користи како дел од сезонски програми за прочистување или при акутни состојби како запек, подуеност и чувство на оптовареност.

Dr. Nature го препорачува при: запек и нередовна столица, чувство на тежина и подуеност, нарушена цревна микрофлора, по употреба на антибиотици, токсично оптоварување на организмот, слаб перисталтички ритам, природна детоксикација и регенерација на цревата.

Код: 32073
Цена: 1890 ден.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од листови на сена (20% сенозиди) - 145 mg, стандардизиран екстракт од кора на крушина (10% сапонини) - 150 mg, псилиум хуск - 50 mg, екстракт од ленено семе - 50 mg, екстракт од гел од листови на алое вера - 40 mg, Lactobacillus acidophilus (200 милијарди CFU) - 25 mg, стандардизиран екстракт од сладок корен (10% глициризинска киселина) - 25 mg, стандардизиран екстракт од семе од анасон - 11,5 mg, стандардизиран екстракт од листови на мента - 7,5 mg, стандардизиран екстракт од корен од чичок - 12,5 mg, стандардизиран екстракт од плодови и семиња на млечен трн (80% силимарин) - 12,5 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1–2 капсули дневно, пред јадење, со доволна количина вода.

ГЛУКОМАНАН ФОРТЕ – 90 капсули

НОВО



Природна поддршка за регулирање на телесната тежина, намалување на апетитот и подобрување на работата на дигестивниот систем!

Глукоманан Форте е природен производ кој содржи растворливи влакна добиени од коренот на растението Amorphophallus konjac. При внесување со вода, глукомананот набабрува и формира гел во желудникот, што предизвикува чувство на ситост и ја намалува желбата за прекумерно внесување храна. Оваа способност го прави идеален за луѓе кои се на почеток на рестриктивни диети, имаат зголемен апетит или сакаат природна поддршка за контрола на телесната тежина. Дополнително, глукомананот го поттикнува правилното варење и го поддржува здравјето на дигестивниот систем, а има позитивно влијание и врз регулирање на нивото на холестерол и шеќер во крвта.

Код: 32076
Цена: 1475 ден.

Dr. Nature го препорачува при: тенденција кон прејадување, чувство на постојан глад, почетни фази на диета со намален внес на калории,лица кои имаат потреба од поддршка за намалување на телесната тежина, зголемено ниво на холестерол и шеќер во крвта.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од грутки на Amorphophallus konjac - 500 mg (од кои што 425 mg глукоманан – 85%).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула двапати дневно пред главните оброци, со голема количина вода. Во случај на зголемена потреба, дозата може да се зголеми на 2 капсули двапати дневно.

ХМЕЉ ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Природна поддршка за смирување, подобрување на сонот и психо-емоционална рамнотежа!

Хмељ Форте е природна формула создадена да помогне при намалување на нервната оптовареност, да го подобри квалитетот на сонот и да ја поддржи психо-емоционалната рамнотежа. Содржи висококвалитетен стандардизиран екстракт од цвет на хмељ (Humulus lupulus), со 4% флавони – активни соединенија познати по своите смирувачки и релаксирачки својства. Оваа формула е наменета за луѓе изложени на секојдневен стрес, анксиозност, напнатост или имаат потешкотии со спиењето, како што се проблеми со заспивање, лесно будење или немирен сон. Хмељ Форте делува нежно и природно, без да предизвика зависност, што го прави погоден за подолготрајна употреба.

Код: 32078
Цена: 755 ден.

Dr. Nature го препорачува при: нарушен сон и тешкотии при заспивање, чести будења во текот на ноќта, емоционален и ментален стрес, напнатост, нервоза и психичка преоптовареност, за лица кои сакаат природна поддршка за баланс на нервниот систем.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од цвет на хмељ (Humulus lupulus) - 310 mg од кои што 4% флавони (12,4 mg).

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно.

КОРЕН ОД РЕН ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка на респираторниот и имунолошкиот систем, со дренажно и муколитичко дејство

Корен од Рен Форте е природна формула базирана на стандардизиран екстракт од корен на рен (Armoracia rusticana) во однос 10:1. Овој екстракт е познат по своите муколитички, антисептички и дренажни својства, кои помагаат при разводнување и елиминација на секрети, зголемување на проодноста на дишните патишта и подобрување на функцијата на имунолошкиот систем. Дополнително, ренот има ефект врз варењето и диурезата и истовремено придонесува за одржување на нормална цревна флора. Поради своето комплексно дејство, овој додаток е идеален за лица со чувствителен респираторен систем, хронична конгестија или намалена отпорност на организмот.

Dr. Nature го препорачува при: инфекции на горните дишни патишта, затнат нос, синузитис, ринитис, сезонска или хронична конгестија, зголемено лачење секрети, воспалителни состојби на дишните патишта, имунослабост и општ замор, како поддршка на одбранбените механизми на организмот.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од корен на рен (10:1) - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно, неколку часа пред или после земање други лекови.

НОВО



Код: 32079
Цена: 830 ден.

ЕХИНАЦЕА ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за имунитетот, отпорност на организмот и побрзо закрепнување!

Ехинацеа Форте е природен додаток со стандардизиран екстракт 10:1 од надземниот дел на ехинацеа (Echinacea purpurea), со висока концентрација на активни состојки за поттикнување на имунолошкиот одговор. Една капсула содржи еквивалент на 1 300 mg свежа билка и делува имуностимулативно, антивирусно и антиоксидативно. Производот придонесува за зголемување на природната одбрана на организмот, обновување на респираторната слузница и побрзо закрепнување при настинки и вирусни инфекции. Погоден е и за подолготрајна употреба, особено во сезони со зголемен ризик од инфекции.

Dr. Nature ја препорачува при: ослабен имунитет и чести настинки, почетни симптоми на вирусни инфекции, зголемена потреба за поддршка на имунитетот, периоди на оporавување после боледување, природна профилактика при сезонски вируси.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт 10:1 од надземниот дел на ехинацеа (Echinacea purpurea L.) - 130 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно.

НОВО



Код: 32075
Цена: 715 ден.

КИНЕСКИ СЛАДОК КОРЕН ФОРТЕ – 60 капсули

НОВО



Природна поддршка за дигестивен, респираторен и имунолошки систем!

Кинески сладок корен Форте е природна формула со стандардизиран екстракт од сладок корен (Glycyrrhiza uralensis) кој што ја заштитува дигестивната слузница, му дава поддршка на респираторниот систем и ја стимулира работата на имунолошкиот систем. Формулата е создадена за лица кои чувствуваат желудочни тегоби (киселина), имаат раздразнет стомак или фарингитис, како и за оние кои се опоравуваат после инфекции или се изложени на сезонски вируси. Тој преку своите активни состојки, има и адаптогено и смирувачко дејство, придонесувајќи за емоционална рамнотежа во стресни периоди.

Dr. Nature го препорачува при: гастритис, зголемена киселост и чувство на печење во желудникот, рефлукс и болка или напрегање во хранопроводот, раздразнета дигестивна или респираторна слузница, поддршка при опоравување после вирусни инфекции, емотивен стрес, намален имунитет, сезонска чувствителност и потреба од дополнителна антиоксидантна поддршка.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од кинески сладок корен (Glycyrrhiza uralensis) – 250 mg (од кој што глициризинска киселина 2,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно

Код: 32083
Цена: 755 ден.

ЖАЛФИЈА ФОРТЕ – 90 капсули

НОВО



Природна поддршка за нервниот систем, помнењето и когнитивните функции!

Жалфија Форте е природна формула која го искористува моќниот потенцијал на жалфијата (Salvia officinalis) за поддршка на когнитивните функции, меморијата, концентрацијата и рамнотежата на нервниот систем. Овој стандардизиран екстракт има антиоксидантно, невропротективно и ноотропно дејство, со способност да го зајакне умот без притоа да предизвика еуфоричност или нарушување на сонот.

Dr. Nature ја препорачува при: повремен или хроничен стрес, намалена ментална способност, загуба на концентрација и помнење, когнитивна оптовареност (многу мисли), како и за лица кои сакаат природна поддршка за подобрување на вниманието и менталната јасност.

Состав на една капсула: Стандардизиран екстракт 10:1 од лист на жалфија (Salvia japonica Thunb.) – 320 mg.

Начин на употреба: се препорачува од 1 до 2 капсули дневно за време на оброк.

Код: 32086
Цена: 1020 ден.

САО ПАЛМЕТО ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за здравјето на простата и уринарниот тракт!

Сао Палмето (Serenoa repens) е ниска палма од Југоисточна Америка, чии што плодови со векови се користат во традиционалната медицина за поддршка на машкото здравје. Плодот изобилува со мастни киселини, фитостероли и антиоксиданти, кои имаат позитивно дејство врз простатата, хормоналната рамнотежа и уринарниот систем.

Dr. Nature го препорачува при: при бенигна хиперплазија на простатата, зголемена потреба за уринирање особено ноќе, слаб проток и чувство на непотполно празнење на мочниот меур, задржување на урина, зголемен ризик од уринарни инфекции, хроничен простатит, по уролошки интервенции, генетски предиспозиции за бенигна хиперплазија на простатата, намалено ниво на тестостерон, намалено либидо и еректилна дисфункција, хормонален дисбаланс поврзан со возраста, поддршка на нормалната сперматогенеза и репродуктивната способност, хроничен замор, апатија и намалена виталност кај мажи над 40 години, како и за превенција на мажкото здравје и виталност.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од плодови на сао палмето (Serenoa repens) 20:1 – 160 mg, од кои што 45% масни киселини – 72 mg; Цинк (цинк оксид) – 10 mg.

Начин на употреба: се препорачува 1 капсула дневно по јадење.



Код: 32087
Цена: 1020 ден.

ИЗОФЛАВОНИ ОД СОЈА ФОРТЕ – 60 капсули

Природна поддршка за хормонален баланс, за здрави коски и зглобови!

Изофлавони од соја Форте содржи висококвалитетен стандардизиран екстракт од соја, со концентрација од 40 % активни изофлавони – генистеин, даидзеин и глицитеин. Овие фитохемикалии делуваат како природни фитоестрогени, кои ја поддржуваат хормоналната рамнотежа кај жените, особено во периоди на предменопауза и менопауза. Тој помага во ублажување на симптоми како што се жешки бранови, ноќно потење, променливо расположение и емоционални флуктуации. Дополнително, поддржува заштита на коските, на кардиоваскуларното здравје и општата виталност, без да предизвика несакани ефекти кој што се карактеристични за синтетичките хормони.

Dr. Nature ги препорачува при: хормонален дисбаланс и симптоми на менопауза, жешки бранови и ноќно потење, раздразливост, анксиозност и променливо расположение, потешкотии со заспивање и чести будења, пад на коскената густина, ризик од остеопороза, кардиоваскуларни нарушувања поврзани со естрогенски дефицит.

Состав на една капсула: изофлавони од соја - 250 mg од кои што 40 % се активни изофлавони (100 mg).

Начин на употреба: се препорачува 1 до 2 капсули дневно, по оброк.



Код: 32089
Цена: 1245 ден.

D-HIRO ИНОЗИТОЛ – 60 капсули

Поддршка за инсулинска чувствителност, хормонален баланс и метаболичко здравје!

D Hiro Инозитол е биолошки активна форма на инозитол која се вклучува во сигналните патеки на инсулинот и метаболизмот на јаглехидратите. Овој додаток помага да се подобри инсулинската сигнализација, да се одржи рамнотежата на шеќерот во крвта и да се зајакне хормоналната функција. Тој се употребува кај лица со инсулинска резистенција, нарушен метаболизам, предменопауза / менопауза, нарушен циклус или други ендокринолошки проблеми, за поддршка на метаболичката рамнотежа и сл.

Dr. Nature го препорачува при: инсулинска резистенција и нарушена гликемиска контрола, синдром на полицистични јајници (PCOS), хормонален дисбаланс, нередовен циклус, предменопауза и менопауза метаболички синдром, оптоварување на панкреас / лоша толеранција на јаглехидрати.

Состав на една капсула: D-хиро инозитол – 85 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно.



Код: 32095
Цена: 1400 ден.

ОМЕГА 3 РИБИНО МАСЛО 1000 – 90 капсули

Рибиното масло е богат извор на Омега 3 незаситени масни киселини, од кои најзначајни се полинезаситените масни киселини - EPA (еикосапентаенска киселина) и DHA (докосахексаенска киселина). Тие се есенцијални масни киселини, што човековиот организам не може сам да ги синтетизира и затоа треба да се внесуваат преку исхраната. EPA и DHA киселините се од суштинско значење за оддржување на структурата и еластичноста на клеточната мембрана и учествуваат во голем број процеси кои што континуирано се случуваат во нашиот организам. Придонесуваат за нормално функционирање на кардио-васкуларниот, имунолошкиот, репродуктивниот и локомоторниот систем, мозокот, очите и сл. Потпомагаат за оддржување на нормално ниво на холестерол во крвта, за чистење на атеро-склеротичните наслаги и за подобрување на циркулацијата на крвта. Рибиното масло има способност да го намали создавањето на тромбови и ги заштитува клетките од дејството на слободните радикали.

Dr. Nature го препорачува за: проблеми поврзани со недостиг на есенцијални масни киселини, за потпомагање на функциите на кардио-васкуларниот систем, за зајакнување на метаболизмот на маснотии со што се подобрува состојбата на крвните садови и за оддржување на нормални нивоа на холестреол и триглицериди.

Состав на една капсула: рибино масло - 1000 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 3 пати дневно.




Код: 30064
Цена: 830 ден.

ФИТОРЕЛАКС ДЕН И НОЌ - 30 капсули

Смирен ум дење. Спокоен сон ноќе!
Природен баланс за телото и умот!

НОВО



Код: 30094
Цена: 590 ден.

Фиторелакс е природен сојузник за мирен ден и квалитетен сон. Содржи моќна комбинација од стандардизирани и внимателно одбрани екстракти од пасифлора, валеријана, глог, хмељ и мента – билки со докажано смирувачко и релаксирачко дејство. Пасифлората го поттикнува лачењето на хормонот на среќата - серотонин и го смирува нервниот систем. Помага при вознемиреност, анксиозност, напнатост, несоница и ПМС. Валеријаната има моќно смирувачко дејство и го релаксира нервниот систем, го намалува стресот, ја смирува нервната напнатост, го подобрува сонот и го намалува крвниот притисок. Глогот го поддржува здравјето на срцето и потпомага во регулирање на притисокот – без создавање на зависност. Екстрактите од мента и хмељ смируваат, ги ублажуваат грчевите и го подобруваат фокусот и концентрацијата.

Dr. Nature го препорачува за: стрес, анксиозност, депресија, панични напади, срцебиење, стегање во грлото предизвикано од нервна напнатост; чувство на вознемиреност, нарушен сон и несоница; зголемена психичка напнатост; замор, лошо расположение и вознемиреност; напнатост за време на менструален циклус и менопауза; главоболки предизвикани од нервна напнатост; луѓе кои што работат на смени и имаат нарушен биоритам; патувања со голема часовна разлика.

Состав на една капсула: екстракти од пасифлора – 34 mg, хмељ – 34 mg, мента – 34 mg, глог – 34 mg, валеријана – 55 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули дневно.

ПРОБИОТИК МАКСИМУС – 10 капсули

Нова генерација пробиотик + пребиотик! 210 милијарди корисни бактерии во една капсула! 7 биокомпатибилни пробиотски соеви + пребиотик за добра цревна флора! Само 1 капсула од Пробиотик Максимус содржи повеќе живи бактерии во споредба со цело пакување од обичните пробиотици!

Долгогодишните научни истражувања и употребата на биотехнологии од најнова генерација го овозможија создавање на овој уникатен пробиотик со огромно количество корисни бактерии во една капсула. Внимателно одбраните 7 биокомпатибилни соеви + пребиотик дејствуваат комплексно и синергично за постигнување на максимален ефект и видливи придобивки за дигестивниот тракт, имунолошкиот систем и за контрола на телесната тежина. Капсулите се отпорни на желудочната киселина и содржат пребиотик за потпомагање на растот на корисните бактерии. Сето ова го прави Dr.Nature Пробиотик Максимус поефикасен од обичните пробиотици и соодветен за употреба на подолг временски период.

НОВО



Код: 30095
Цена: 715 ден.

Dr.Nature го препорачува за: обновување на корисната цревна микрофлора по употреба на антибиотици, за зајакнување на имунитетот после чести боледувања, грип и вирусни инфекции, сезонски респираторни и дигестивни инфекции, нарушена цревна микрофлора, дигестивни проблеми (подуеност и гасови), проблеми со апсорбирањето на хранливите материи (вклучително и нетолеранција на лактоза), габични и бактериски инфекции, болки во стомакот (запек и дијареа), воспалителни состојби на цревата (синдром на нервозни црева), проблеми со кожата, стрес и успорен метаболизам, лоша исхрана.

Состав на една капсула: Lactobacillus bulgaricus, Streptococcus thermophilus, Lactobacillus rhamnosus, Lactobacillus reuteri, Lactobacillus acidophilus, Lactobacillus casei, Lactobacillus plantarum – општа пробиотска мешавина од не помалку од 210 милијарди CFU во една капсула; инулин со краток синџир (пребиотик) – 100 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно (пред или по јадење). При употреба на антибиотици, капсулата се пие 2 часа по земањето на антибиотикот.

КОЕНЗИМ Q10 – 60 капсули

Супер енергија, здраво срце, клеточна заштита!

НОВО



Код: 32016
Цена: 1620 ден.

Коензим Q10, познат како CoQ10 или убиквинон има главна улога во енергетскиот метаболизам во клетките. Создавањето и трансформацијата на енергија во нашите клетки не може да се замисли без коензимот Q10. Уште од нашето раѓање, нашиот организам започнува да го создава и без него би настанала енергетска криза, особено заради неговото значење за правилно фунционирање на нашето срце. До 20-ата година човековиот организам е во состојба да произведува Q10 со кој ги снабдува клетките на својот организам. Потоа настапува период на постепено опаѓање на количината на коензимот Q10 што организмот може сам да го произведе. По изминување на 60-ата година неговата содржина во срцевиот мускул опаѓа двојно, што води до нарушување на фунцијата на срцето и појава на срцеви заболувања. Неговите основни придобивки се поврзани со забавување на процесите на клеточно стареење и подобрување на енергетскиот метаболизам. Делува антиоксидантно, го потпомага срцевиот мускул и го намалува ризикот од кардио-васкуларни заболувања, ја подобрува мозочната активност, го намалува стресот, го оддржува здравјето на кожата и косата.

Dr. Naturego го препорачува за: нарушена работа на срцевиот мускул, тахикардија, ангина пекторис, срцева слабост, за превенција и намалување на ризик од инфаркти, недостаток на енергија, хроничен замор, намалени витални функции, главоболка, мигрена, физички оптоварувања, стрес, вознемиреност, проблеми со кожата, еднолична исхрана и стареење.

Состав на една капсула: коензим Q10 - 100 mg, растворен во масло од соја за максимална апсорпција во организмот.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно.

ЈАБОЛКОВ ОЦЕТ ПЛУС – 90 капсули

Супер формула за контрола на телесната тежина, апетитот и шеќерот во крвта!

НОВО



Код: 32045
Цена: 1135 ден.

Јаболковиот оцет е природен производ кој што дејствува врз ензимите, кои што учествуваат во оксидацијата на масните киселини со што предизвикува нивно побрзо согорување, наместо складирање. Таа содржи оцетна киселина, која што успешно го потиснува апетитот, го намалува нивото на шеќер во крвта, ја подобрува дигестијата, го регулира нивот на pH во желудникот и ги чисти цревата од насобраните токсини. За подобри резултати се препорачува Dr. Nature Јаболковиот оцет да се комбинира со соодветен спортски режим и намален внес на калории.

Dr. Nature го препорачува за: намалување на тежината, при успорен метаболизам, за контрола на шеќерот во крвта и регулација на производството на инсулин, намалување на желбата за храна (особено за слатко), чувство на ситост, зголемено согорување на масти и јаглехидрати, подобрување на имунитетот, за повеќе енергија.

Состав на една капсула: јаболков оцет – 400 mg (5% јаболкова киселина – 20 mg); стандардизиран екстракт од цејлонски цимет (Cinnamomum zeylanicum) - 50 mg, од кои што 8% флавони (4 mg); витамин C (L – аскорбинска киселина) – 25 mg; цинк (цинк цитрат) – 5 mg; хром (хром III пиколинат) – 100 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден.

ЏОИНТ КОМПЛЕКС – 60 таблети

Стоп за болката и вкочанетоста!
Премиум формула со сите неопходни активни материи за одржување на здравјето на коските и мускулите!

- ***глукозаминсулфат + хондроитин+ метилсулфонилметан;***
- ***колаген тип II + босвелија + куркума;***
- ***хијалуронска киселина + бор***

Сите состојки во **Dr. Nature Џоинт Комплекс** работат заедно во одлична синергија, за да обезбедат целосна поддршка на зглобовите, рскавиците и тетивите. **Глукозаминот и хондроитинот** дејствуваат заедно, за да го оддржат и обноват 'рскавичното ткиво, обезбедувајќи му ги неопходните составни елементи за здрави и функционални зглобови. Тие ја намалуваат болката и вкочанетоста, ја подобруваат подвижноста и квалитетот на живот. **Метилсулфонилметан** го дополнува дејството на глукозаминот и хондроитинот и има главна улога во формирањето на колаген и сврзно ткиво. Тој има моќни противоспалителни својства, кои што го намалуваат воспалението и болката во зглобовите. **Колагенот тип II** го потпомага обновувањето на 'рскавицата и ја оддржува структурата и здравјето на зглобовите. **Босвелијата и куркумата** се моќно дуо со противовоспалителен ефект, кои што го намалуваат воспалението и болката во зглобовите, ја подобруваат подвижноста и го олеснуваат движењето. **Хијалуронската киселина** го дополнува дејството на другите состојки, со тоа што обезбедува подмачкување на зглобовите и го намалува триењето меѓу рскавиците. Тоа помага за поголема флексибилност и подвижност на зглобовите и за намалување на болката и вкочанетоста. **Борот** е важен за метаболизмот на калциум и магнезиум, кои што се основни за здравјето на коските и зглобовите. Тој ја оддржува коскената густина што е основно за здравјето на зглобовите.



Код: 32048
Цена: 1705 ден.

Dr. Nature го препорачува за: проблеми со локомоторниот систем, нарушена функција на зглобовите, рскавиците и коските, подобрување на структурата на зглобовите, болки и воспаленија на зглобовите, намалена подвижност и вкочанетост, поддршка на тетивите и сврзните ткива, остеоартритис и други дегенеративни заболувања на зглобовите (ја ублажува состојбата и ја намалува прогресијата), го забрзува заздравувањето после физичка активност и спортски повреди, го олеснува движењето.

Состав на една таблета: Глукозамин сулфат - 500 mg, Хондроитин сулфат - 400 mg, Метилсулфонилметан (MSM) - 333 mg, Колаген тип II - 40 mg, Екстракт од Босвелија (Boswellia serrata) - 33 mg (од кои што 65% босвелична киселина - 21,45 mg), Екстракт од корен на Куркума (Curcuma longa L) - 33 mg, Хијалуронска киселина - 8 mg, Бор (Натриум борат) - 3,6 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 -2 таблети на ден.

МОРИНГА – 90 капсули

Суперхрана за секојдневна поддршка на виталноста на организмот!

НОВО



Код: 32051
Цена: 1135 ден.

Моринга (Moringa oleifera), позната и како „дрвото-чудо", е вистински природен еликсир – суперхрана богата со нутритивни состојки што телото ги препознава и користи на најефикасен можен начин. Таа е природен извор на протеини и ги содржи сите девет есенцијални аминокиселини, кои се од суштинско значење за обновата на мускулите, синтезата на ензими, здравјето на клетките и нормалната функција на мозочните хемикалии одговорни за расположението и когнитивните способности. Моринга е вистинска ризница на витамини – А, С, Е и оние од групата В, како и минерали како калциум, железо, магнезиум, калиум, цинк и селен. Овие елементи делуваат синергиски за зајакнување на имунитетот, подобрување на метаболизмот и поддршка на виталните функции на организмот. Благодарение на присуството на моќни антиоксиданси, како што се кверцетинот и хлорогената киселина, таа помага во неутрализирање на слободните радикали, намалување на оксидативниот стрес и заштита на клетките од предвремено стареење и оштетување. Има изразено противоспалително дејство, кое произлегува од природни соединенија како изотиоцијанати и флавоноиди, а нејзината висока содржина на растителни влакна ја подобрува дигестијата и придонесува кон стабилизирање на нивото на шеќер во крвта. Дополнително, моринга содржи и омега-3, омега-6 и омега-9 масни киселини, кои ја поддржуваат работата на срцето, помагаат во регулирање на холестеролот и го намалуваат крвниот притисок. **Dr. Nature ја препорачува за:** вегетаријанци, вегани, лица со дефицит на хранливи материи, дијабетичари, повозрасни лица, како и за време на диети и детокс програми. Природно помага при намален имунитет, воспаленија, висок притисок, холестерол и шеќер во крвта. Ги поддржува здравјето на срцето, зглобовите, дигестивниот тракт, коските, кожата, косата и ноктите. Се препорачува и при хроничен замор, хормонални и нарушувања на тироидната жлезда, несоница, анксиозност, депресија, како и за подобрување на видот, функцијата на црниот дроб и менталниот фокус. **Состав на една капсула:** високо квалитетен екстракт од листови на моринга (Moringa oleifera) - 500 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 - 2 капсули на ден.

ЛИСТОВИ ОД МАСЛИНКА – 60 капсули

За здраво срце, нормален крвен притисок, шеќер во крвта и холестерол, супер имунитет и антиоксидантна заштита

НОВО



Код: 32052
Цена: 870 ден.

Екстрактот од листови од маслинка е богат со олеуропеин – природен полифенол со силни и клинички докажани антиоксидантни, антивирусни и антибактериски својства. Тој го намалува оксидативниот стрес, го зајакнува имунитетот и штити од хронични заболувања како карцином, срцеви и невродегенеративни болести. Олеуропеинот помага во ширење на крвните садови, со што го подобрува протокот на крвта, го намалува притисокот и го поддржува здравјето на крвните садови. Исто така, ја подобрува чувствителноста на инсулин, ја стабилизира гликозата во крвта и придонесува за подобра контрола на дијабетесот. Покрај тоа ги штити невроните од оштетување и спречува развој на невро дегенеративни заболувања, поттикнува создавање на нови нервни клетки и го поддржува помнењето и концентрацијата. **Dr. Nature ги препорачува за:** подобро здравје и работа на срцето, за ширење на крвните садови и подобрување на циркулацијата, за намалување на нивоата на "лошиот" холестерол, намалување на ризикот од атеросклероза, за спречување на формирање на артеријални наслаги и намалување на крвниот притисок, за полесна апсорпција на глукозата во ткивата и контрола на дијабетесот; зголемување на имунитетот, за намалување на ризикот од когнитивен пад и деменција, превенција од мозочен удар и оштетување на мозочното ткиво; ублажување на симптомите на артритис и сл. **Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од листови од маслинка (Olea europaea Linn.) – 500 mg, од кои што 20% олеуропеин – 100 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно.

МАСЛО ОД ПЕРИЛА – 90 капсули

Поддршка за срцето, имунитетот и кожата! Најбогатиот растителен извор на масни киселини кој е погоден и за вегани! Најбогатиот растителен извор на масни киселини кој е погоден за вегани!



Код: 32054
Цена: 870 ден.

Маслото од семки на перила претставува природен извор на моќни активни состојки, меѓу кои доминира алфа-линоленската киселина (ALA), главниот претставник на Омега-3 масните киселини, но и линоленската киселина (Омега-6) и олеинската киселина (Омега-9). Овие есенцијални масни киселини играат клучна улога во одржувањето на здрав липиден метаболизам, со што ја подобруваат циркулацијата, ги заштитуваат крвните садови и го намалуваат присуството на воспалителни процеси во организмот. Бидејќи алфа-линоленската киселина не се синтетизира самостојно во телото, нејзиниот внес преку исхраната или со помош на додатоци како Dr. Nature Масло од перила е од особено значење. Дополнително, ова масло е богато со флавоноиди и антиоксиданти – како лутеолин, апигенин, кверцетин и розмаринска киселина – кои активно ги неутрализираат слободните радикали и ги штитат клетките од оксидативен стрес. Благодарение на ваквиот состав, се зајакнува имунолошкиот систем, се намалуваат воспаленијата и се зголемува отпорноста на организмот на инфекции и хронични заболувања. Маслото од перила исто така содржи корисни минерали како магнезиум, цинк и калиум, кои придонесуваат за подобра имунолошка заштита, како и витамин Е (токоферол), кој ги штити клеточните мембрани од оштетување, ја подобрува хидратацијата на кожата и го поддржува здравјето на косата и ноктите.
Dr. Nature го препорачува при: кардиоваскуларни заболувања, покачен холестерол, воспалителни и метаболни нарушувања, артритис, гихт, проблеми со црниот дроб, кожа, косопад и кршливи нокти, како и при ослабен имунитет, недостаток на енергија и когнитивен пад. **Состав на една капсула:** масло од семки од перила (Perilla frutescens) – 400 mg, богати со омега-3 алфа-линоленска киселина (ALA) и моќни антиоксиданти. **Начин на употреба:** се препорачува по 1-2 капсули дневно.

CLA 1000 – 60 капсули

Лесен начин да го елиминираме вишокот на килограми! Ефикасно слабеење, дури и кога спиеме!



Код: 30038
Цена: 930 ден.

Конјугираната линоленска киселина дејствува во две насоки: прво го потиснува наталожувањето на нови количества на масти во масните клетки и второ - ги активира процесите за согорување на наталожените масти. Благотворно делува врз метаболизмот, дури и додека спиеме. Го намалува нивото на лошиот холестерол. Со употреба на конјугираната линоленска киселина се избегнува „jo-jo" ефектот, кога разградените масти се натрупуваат повторно по престанување на користење на производот. CLA овозможува зачувување на добрата фигура подолг временски период по престанување со нејзина употреба.
Dr.Nature ја препорачува да се користи при: луѓе со зголемена телесна тежина; обезност; за намалување на мастите во телото без загуба на мускулна маса; за ефикасно слабеење.
Состав на една капсула: CLA (конјугирана линоленска киселина) - 1000 mg
Начин на употреба: 1-2 капсули на ден.

ВИТАМИН С + ШИПКА СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ – 60 таблети

НОВО



Формула со продолжено ослободување за добар имунитет и заштита на клетките од оксидативен стрес!

Код: 32059
Цена: 830 ден.

Витаминот С и шипка со продолжено ослободување е високоефикасен извор на витамин С и екстракт од шипка која што е богата со биофлавоноиди, кои што го засилуваат антиоксидантниот ефект на витаминот С и помагаат во негова апсорпција. Обезбедува здравствени придобивки во текот на целиот ден, благодарение на постепеното ослободување во ораганизмот што е особено важно за дигестивниот систем бидејќи се намалува ризикот од гастроинтестинален дискомфорт. Синергијата меѓу витаминот С и шипката се должи на нивното комплементарно и взаемно засилувачко дејство. Моќните антиоксидантни и имуностимулирачки ефекти на витаминот С се засилуваат од биофлавоноидите, каротеноидите, полифенолите и други хранливи материи кои ги има во шипките. Оваа комбинација обезбедува подобра антиоксидантна заштита и подобра имунолошка функција што ја прави многу подобар избор за оддржувањето на целокупното здравје на организмот. **Dr. Nature го препорачува за:** зајакнување на имунитетот, подобрување на функцијата на белите крвни зрнца, намалување на симптомите на настинки и грип, одржување на здрав респираторен систем, подобрување на апсорпцијата на железо, забрзано зараснување на рани, побрзо закрепнување по болест или операција, за превенција од инфекции и хронични заболувања, за намалување на оксидативниот стрес и признаците на стареење, заштита на очите и крвните садови, како и поддршка при воспаленија, кардиоваскуларни заболувања и подобрување на когнитивните функции. **Состав на една таблета:** витамин С (L-аскорбинска киселина) – 500 mg; екстракт од плодови од шипка (Rosa canina) – 30 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 таблета дневно.

ВИТАМИН С + ЦИНК СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ – 60 капсули

НОВО



Заштита на имунитетот, прва помош при грип и настинка, заштита од инфекции во текот на целиот ден! Супер антиоксидантна моќ во само 1 капсула! Грижа за кожата, косата, ноктите, зглобовите и непцата, подобра апсорпција на калциум и железо!

Код: 32060
Цена: 905 ден.

Витаминот С и цинкот претставуваат моќно дуо со клучна улога во одржувањето на здравјето и зајакнување на имунолошкиот систем. Во Dr. Nature Витамин С и Цинк SR – формула со продолжено ослободување – овие две хранливи материи делуваат синергиски и обезбедуваат придобивки во текот на целиот ден, придонесувајќи за подобар имунолошки одговор, заштита од оксидативен стрес, обновување на ткивата, поддршка на метаболизмот и хормоналната рамнотежа. Витаминот С ја зголемува апсорпцијата на железо, го обновува витаминот Е и ги неутрализира слободните радикали, а цинкот дополнително ја поддржува синтезата на колаген – есенцијален за структурата и интегритетот на ткивата – и ја зајакнува природната одбрана на организмот. **Dr. Nature го препорачува при:** ослабен имунитет и често боледување, намалување на симптомите и времетраењето на настинки и грип, за зајакнување на имунитетот, побрзо зараснување на рани, при воспалителни состојби на кожата (акни и егземи), за намалување на знаците на стареење преку стимулирање на создавањето на колаген, остеоартритис и ревматоиден артритис, за подобрување на апсорпцијата на железо во крвта, заштита на непцата, косата и ноктите, за одржување на здравјето на кардиоваскуларниот систем, забавување на дегенерацијата на макулата, за регулирање на кортизолот- хормонот на стрес, за подобрување на репродуктивното здравје кај мажите и жените, за намалување на ризикот од депресија. **Состав на една капсула:** Витамин С (L- Аскорбинска киселина) – 500 mg; цинк (цинк оксид) – 10 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно со 200 ml вода.

АСТАКСАНТИН + БОРОВИНКА – 60 капсули

Моќна формула за поддршка на очите, мозокот, циркулацијата и имунитетот, со една од најсилните природни антиоксидантни заштити против слободните радикали!



Код: 32061
Цена: 1135 ден.

Предноста на формулата **Dr. Nature Астаксантин + Боровинка** лежи во нејзиниот природен состав, кој вклучува внимателно избрани состојки – боровинки и морски алги – чие синергично дејство има значајно влијание врз целокупното здравје. Природниот астаксантин, добиен од алгата Haematococcus pluvialis, припаѓа на групата на каротеноиди – пигменти кои природно се присутни во растенијата и морските организми – и претставува еден од најмоќните познати антиоксиданти. Тој ги неутрализира слободните радикали, ги штити клеточните мембрани, има силно противвоспалително дејство, го зајакнува имунолошкиот одговор, придонесува за здрав вид и ги снабдува ги мозочните клетки со повеќе кислород и крв, како и помага во подобрување на когнитивните функции. Екстрактот од боровинка е богат со антоцијанидини, соединенија со изразено антиоксидантно и противвоспалително дејство, кои придонесуваат за здравјето на очите преку зајакнување на капиларните ѕидови и подобрување на микроциркулацијата, а истовремено го поддржуваат кардиоваскуларниот систем преку зголемена флексибилност на артериите, намалување на хипертензија и ризик од срцеви заболувања.

Dr. Nature ги препорачува за: одржување на целокупното здравје на очите – ги штити клетките на ретината од оксидативно оштетување, помага во превенцијата од макулна дегенерација и катаракта, го зајакнува капиларниот систем и го подобрува протокот на крв во ретината. Покрај тоа, придонесува за намалување на заморот на очите предизвикан од изложеност на сина светлина, го намалува ризикот од ноќно слепило и го поддржува јасниот и остар вид. Покрај тоа допринесува за зголемување на имунолошкиот одговор при чести инфекции и боледувања, хронични воспалителни и автоимуни заболувања, целосна антиоксидантна поддршка, за превенција од кардио-васкуларни заболувања, когнитивен пад и превенција од невродегенеративни заболувања, намалување на воспаление на крвни садови и хипертензија, атеросклероза, проширени вени, Алцхајмер, заштите на невроните при Паркинсонова болест, закрепнување после мозочен удар, когнитивен пад, намалување на задржувањето на течности, синдром на хроничен замор, зголемување на енергијата и метаболички синдром.

Состав на една капсула: природен астаксантин, 2% (Haematococcus pluvialis) – 100 mg; стандардизиран екстракт од плодови на боровинка (Vaccinium myrtillus) – 27 mg, од кои што 24% антоцијанидини – 6,5 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 -2 капсули дневно.

КАЛИНКА – 60 капсули

НОВО



Код: 32063
Цена: 1020 ден.

Супер антиоксиданта заштита! Поддршка за срцето, регулирање на крвниот притисок и холестеролот! Нормален метаболизам и телесна тежина!

Екстрактот од калинка е ценет поради неговите бројни здравствени придобивки, кои се резултат на богатата содржина на биоактивни состојки, особено на полифеноли како елагичната киселина – моќен природен антиоксидант кој ги неутрализира слободните радикали и ги штити клетките од оксидативно оштетување. Благодарение на овие својства, екстрактот од калинка придонесува за одржување на клеточното здравје и превенција од хронични заболувања. Елагичната киселина исто така делува противвоспалително, го намалува воспалението низ целиот организам, има вазодилататорен ефект кој ги релаксира мазните мускули на крвните садови, ја подобрува циркулацијата, го регулира крвниот притисок и го намалува нивото на триглицериди во крвта. Дополнително, таа го зајакнува липидниот метаболизам, помага во контрола на телесната тежина и превенција на компликации поврзани со дебелината. Има позитивно дејство и врз нервниот систем – го намалува оксидативниот стрес врз невроните, ја штити кожата од оштетување предизвикано од UV зраци, го поттикнува имунитетот и ја поддржува функцијата на дигестивниот систем. **Dr. Nature ги препорачува за:** заштита на организмот од штетните фактори од животната средина, овозможува ефикасна клеточна заштита и поддржува здраво стареење, за зајакнување на телото при вирусни напади, срцеви проблеми и нарушена циркулација, за намалување на ризикот од инфаркт, мозочен удар и други кардиоваскуларни заболувања, за регулација на висок крвен притисок, зголемен холестерол и триглицериди, за подобрување на метаболизмот и контрола на телесната тежина, за јакнење на имунолошкиот систем, за поддржување на машкото здравје и ја подобрува сексуалната активност, за зголемување на енергијата и работоспособноста, за заштита на кожата од штетното дејство на UV-зраците и процесите на стареење, помага при акни, псоријаза и егзема, ја подобрува дигестивната функција и помага во превенција и третман на чир во желудник. **Состав на една капсула:** екстракт од калинка (Punica granatum) – 250mg, од кои што 40 % елагична киселина (100 mg). **Начин на употреба:** се препорачува по 1 – 2 капсули дневно.

ВИТАМИН С + ЖЕЛЕЗО СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ – 60 капсули

НОВО



Код: 32064
Цена: 905 ден.

Формула со продолжено ослободување за постојана поддршка на имунитетот, подобар транспорт на кислород и природно зголемување на енергијата! Совршен за справување со замор, анемија и ослабен имунитет!

Dr. Nature Витамин С + железо со продолжено ослободување овозможува подобра апсорпција и повисока ефикасност, благодарение на витаминот С кој значително го зголемува искористувањето на железото во организмот. Оваа формула не го надразнува желудникот и обезбедува стабилно и постепено ослободување на железото во крвта во текот на денот. Витаминот С е моќен антиоксидант кој ги неутрализира слободните радикали, ги заштитува клетките од оксидативен стрес и го намалува ризикот од хронични заболувања. Тој го зајакнува имунолошкиот систем, ја подобрува состојбата на кожата, ја зголемува нејзината еластичност и тонус, помага при заздравување на рани и спречува појава на фини линии и брчки. Железото, како клучна компонента на хемоглобинот – протеинот во црвените крвни зрнца што врзува кислород – е неопходно за транспорт на кислород до сите ткива во телото. Исто така, учествува во производството на енергија, а неговото присуство е особено важно за правилен развој и функција на мозокот. **Dr. Nature го препорачува за:** ослабен имунитет, анемија, зголемување на нивото на хемоглобин, за вегани и вегетаријанци со дефицит на железо, хронични заболувања кои што влијаат на апсорпција на железо или ја зголемуваат неговата загуба, при зголемена физичка активност, при обилно менструално крварење, за надополнување на резервите на железо после операции, за време на бременост, а подобрување на синтезата на колаген и за здравјето на кожата, при проблеми со тироидната жлезда, за подобро снабдување на мозокот со кислород и подобра апсорпција на хранливите материи. **Состав на една капсула:** витамин С (L – аскорбинска киселина) – 250 mg, железо (железен глуконат) – 15 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно.

МУЛТИВИТАМИНИ А-З – 60 таблети

НОВО



Код: 32068
Цена: 1020 ден.

Комплексна формула за добро здравје, енергија и виталност! Широк спектар на најважните витамини и минерали!

Dr. Nature Мултивитамини А-З е сеопфатна формула со внимателно избрана комбинација на сите важни витамини и минерали, кои се неопходни за одржување на целокупното здравје и правилното функционирање на организмот. Овие хранливи материи синергично делуваат за поддршка на виталните телесни процеси, јакнење на имунитетот, нервниот систем, коските, мускулите, за подобрување на расположението и психофизичката благосостојба. Формулата содржи витамини од групата В – вклучувајќи В1, В2, В3, В5, В6, В7, В9 и В12 – кои играат клучна улога во енергетскиот метаболизам, го поддржуваат психичкото здравје, го намалуваат нивото на кортизол (хормонот на стрес), и го зајакнуваат имунолошкиот и нервниот систем. Калциумот и витаминот D се важни за одржување на густината и цврстината на коските, додека минералите натриум, калиум, магнезиум и калциум ја одржуваат електролитната рамнотежа и хидратацијата. Хромот и биотинот (В7) го подобруваат метаболизмот на јаглехидрати и масти, што е важно за контролата на шеќерот во крвта и телесната тежина. Витаминот D, цинкот и селенот се од суштинско значење за синтеза и регулација на хормони, а цинкот и јодот го поддржуваат создавањето на тестостерон и тироидни хормони, важни за репродуктивното здравје и хормоналната рамнотежа. **Dr. Nature ги препорачува при:** ослабен имунитет, чести боледувања, хроничен замор, недостаток на енергија, дефицит на витамини и минерали, зголемен стрес и анксиозност, нарушена функција на мускулите и коските, проблеми со меморија и концентрација, нарушена електролитна рамнотежа, бавен метаболизам, слаба апсорпција на хранливи материи, хормонален дисбаланс и тешкотии со регулирање на телесната тежина. **Состав на една таблета: Калциум** – 120 mg, **Магнезиум** – 60 mg, **Витамин С** – 30 mg, **Железо** – 14 mg, **Цинк** - 10 mg, **Нијацин** - 10 mg, **Пантотенска киселина** – 10 mg, **Витамин Е** – 10 mg, **Витамин** В6 – 3 mg, **Манган** – 2 mg, **Витамин В2** – 1,7 mg, **Витамин В1** – 1,5 mg, **Бакар** – 1 mg, **Витамин А** - 800 µg, **Витамин В9** - 200 µg, Јод – 150 µg, **Селен** – 55 µg, **Молибден** - 50 µg, **Биотин** - 50 µg, **Хром** - 40 µg, **Витамин D3** – 10 µg, **Витамин К2** – 10 µg, **Витамин В12** – 5 µg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 таблета дневно.

МУЛТИЛЕКС – 15 капсули

НОВО



Код: 32070 Цена: 755 ден.

100% природна формула за намалување на болките и воспаленијата! Со екстракти од куркума, босвелија и црн сусам делува брзо и таргетирано при различни болки и тегоби!

Dr. Nature Мултилекс веднаш ја ублажува непријатноста и болката во зглобовите, тетивите, мускулите, коските, ,рскавиците, вратот, грбот и карлицата. Содржи Rhuleave-K™ – патентирана формула (комбинација на куркума и црн сусам) со клинички докажано брзо дејство, која ја намалува болката за само 3 часа по употребата, правејќи ја едно од најбрзите природни решенија за болка на пазарот. Мултилекс ја подобрува подвижноста, ја намалува вкочанетоста кај лица со остеоартритис и други зглобни нарушувања, има силно противвоспалително и антиоксидантно дејство. Дополнително, содржи Bospure® – стандарден екстракт од босвелија со висока концентрација на босвелични киселини, познат по своето ефикасно дејство кај воспалителни состојби. Помага при симптоми на остеоартритис, го намалува воспалението, ја подобрува подвижноста и го спречува уништувањето на зглобната ,рскавица. **Dr. Nature го препорачува при:** болки во зглобовите и мускулите, намалена подвижност и флексибилност, закрепнување по тешки физички оптоварувања, хронични воспалителни состојби на локомоторниот систем, болки во грбот и вратот, намалување на мускулен дискомфорт при фибромијалгија, ревматски болки, повреди на зглобови и мускули, дегенеративни заболувања (дископатија и спондилоза), побрзо заздравување после операции на локомоторниот систем. **Состав на една капсула:** патентирана состојка Rhuleave-K™ - 500 mg, од која што 140 mg екстракт од корен на куркума; патентирана состојка Bospure® (екстракт од смола на босвелија) - 50 mg; Масло од црн сусам - 310 mg. **Начин на употреба:** При потреба по 1 капсула 3 пати дневно во интервал од 8 часа. Максимална дневна доза: 3 капсули.

МАСЛО ОД ЦРН ДРОБ НА БАКАЛАР – 120 капсули

Супер поддршка за кардиоваскуларниот систем, мозокот, видот, кожата, зглобовите! Масло од црн дроб на бакалар е природен извор на витамин А и D3



Код: 32065
Цена: 1510 ден.

Маслото од црн дроб на бакалар е богато со Омега-3 масни киселини (EPA и DHA), витамини A, D и E, како и низа корисни хранливи состојки како фосфолипиди, стероли, минерали (јод, селен, магнезиум), коензим Q10, аминокиселини и протеински фрагменти. Овие компоненти синергиски делуваат за намалување на воспалителните процеси, зајакнување на имунитетот и обезбедување на силна антиоксидантна заштита. Витаминот А има суштинска улога во поддршката на видот, имунолошкиот систем и здравјето на кожата, додека витаминот D е од особено значење за здравјето на коските и забите и за нормална функција на имунолошкиот систем. Омега-3 масните киселини, особено EPA и DHA, се познати по своето противвоспалително дејство, ја подобруваат флуидноста на клеточните мембрани и придонесуваат за заштита на кардиоваскуларниот и нервниот систем.

Dr. Nature го препорачува при: проблеми со кардиоваскуларниот систем, високи нивоа на холестерол и триглицериди, висок крвен притисок, атеросклероза, за стимулирање на когнитивните функции, подобрување на памтењето, фокусот и концентрацијата, намалена коскена густина, зголемен ризик од остеопороза и фрактури, ублажување на симптомите на ревматоиден артритис и остеоартритис, намален имунитет и зголемен ризик од инфекции, проблеми со видот, ноќно слепило и дегенерација на макулата, кожни проблеми (акни, псоријаза, сува кожа), депресија и вознемиреност.

Состав на една капсула: масло од црн дроб на бакалар - 500 mg, од кое што витамин А - 150 µg RE (ретинил палмитат од масло од црн дроб на бакалар), витамин D3 -1,25 µg (холекалциферол од масло од црн дроб на бакалар).

Начин на употреба: се препорачува по 1 - 2 капсули дневно

КОЛАГЕН БЈУТИ – 75 g

Тајната за здрава коса, сјајна кожа и цврсти нокти! Број 1 формула со специфични биоактивни колагенски пептиди со подобар и побрз ефект!



Код: 32017
Цена:1020 ден.

Dr. Nature Колаген Бјути нуди уникатна формула со VERISOL® биоактивни колагенски пептиди кои обезбедуваат побрзи и подобри резултати во споредба со останатите колагени. Потеклото на колагенот е телешки, а специјалната двофазна ензимска хидролиза овозможува оптимална апсорпција и директно таргетирање на клетките во кожата. Придобивките од употребата на Dr. Nature Колаген Бјути се: позатегната, мазна и хидратирана кожа со помалку брчки, намалување на целулитот и заштита на кожата штетното дејство од UV-зраците, подобрена структура на коса и цврстина на ноктите. Колагенот е есенцијален за здравјето на кожата, но стареењето, UV-зраците и други фактори ја намалуваат неговата синтеза во кожата и затоа е потребно дополнително да го внесуваме за да го одржиме нејзиното здравје и младешки изглед. VERISOL® го стимулира производството на нов колаген, ја подобрува еластичноста на кожата и ја забавува појавата на знаци на стареење, постигнувајќи резултати за многу кратко време со само 2,5 g дневно.

Dr.Nature го препорачува за: одржување на здрава, сјајна и хидратирана кожа, измазнување на брчките и фините линии, намалување на целулитот, намалување на штетното дејство од UV-зраците, одржување на здрава коса и цврсти нокти.

Состав на една капсула: стандардизирани патентиран колаген хидролизат VERISOL® (биоактивни колагенски пептиди). Потекло на колагенот: телешки.

Начин на употреба: се пијат 2,5 g (½ кафена лажичка) дневно растворени во вода или во друга течност.

МЕНО ПЛУС – 60 капсули

НОВО



Најмоќната природна подршка за хормонален баланс на женскиот организам при ПМС и менопауза!

Природната формула на **Dr. Nature Мено Плус** помага да се ублажат симптомите на ПМС, менструални болки, хормонални акни, дигестивни проблеми, пореметен сон, зголемен апетит и симптоми на менопауза како жешки бранови, ноќно потење, промени во расположението и вагинална сувост, преку поддржување на хормоналната рамнотежа. Капсулите содржат: изофлавони од соја кои помагаат при хормоналнен дисбаланс, менопауза, го подобруваат здравјето на срцето и кожата, див јам кој ја поддржува хормоналната рамнотежа, ја ублажува менструалната болка и симптомите предизвикани од менопауза, црн кохош кој ги регулира хормоналните промени, го намалува интензитетот на жешки бранови и го подобрува сонот, жалфија која придонесува за намалување на менструалните грчеви, коњско опавче кое придонесува за подобрување на густината на коските и го спречува задржувањето на вода во телото, анџелика која го регулира менструалниот циклус и ги ублажува симптомите на менопауза и пасифлора која го подобрува сонот, ја намалува нервозата и ги смирува менструалните болки. Капсулите на Dr. Nature Мено Плус обезбедуваат сигурна и природна поддршка за жените, овозможувајќи полесно справување со хормоналните промени во женскиот организам.

Код: 32029
Цена: 1400 ден.

Dr.Nature ги препорачува при: подобрување на хормоналната рамнотежа за време на менструален циклус и менопауза, при ПМС, за подобрување на функциите на нервниот систем, за профилактика од остеопороза, за здравјето на кожата, косата и ноктите, за стимулирање на когнитивните функции и меморијата, полесно исфрлање на течности од организмот, за забрзување на метаболизмот, за потпомагање на работата на дигестивниот систем, за стимулирање на либидото и сл.

Состав на една капсула: стандардизирани изофлавони од соја (40% изофлавони) – 200 mg, стандардизиран екстракт од корен на див јам (16% диосгенин) – 120 mg, Екстракт од корен на анџелика – 60 mg, стандардизиран екстракт од црн кохош (2.5% тритерпенски гликозиди и тоа 27-деоксиацетин) – 60 mg, екстракт од надземниот дел од билката коњско опавче – 10 mg, стандардизиран екстракт од листови на жалфија (10% полифеноли) – 10 mg, стандардизиран екстракт од цветови на пасифлора (4% флавони) – 5 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно.

ГЛУКОЗАМИН+ХОНДРОИТИН+MSM – 90 таблети

НОВО



Комбинација од „три златни додатоци во исхрана споени во 1“ за зглобови, со противвоспалително, смирувачко и регенеративно дејство!

Глукозаминот е клучна состојка на сврзните ткива, одговорна за синтеза на глукозаминоглукани, кои ја обновуваат ’рскавицата. Најчесто се користи во форма на сулфат, кој лесно се апсорбира и помага во синтезата на ’рскавичното ткиво, ја подобрува структурата на зглобовите,ги спречува воспаленијата и ја намалува болката. Неговата долготрајната употреба ја намалува можноста за артроза и го забрзува заздравувањето на меките ткива. MSM е органско сулфурно соединение со антиоксидантни и противвоспалителни својства. Учествува во создавањето на колаген, кератин и еластин, кои ја зголемуваат флексибилноста и ја намалуваат болката. MSM е корисен за кожата, косата и ноктите, а помага и при алергии и воспаленија. Хондроитин сулфатот е основен за еластичноста и заштитата на рскавичното ткиво, спречувајќи повреди на рскавицата и лигаментите.

Код: 30004
Цена: 1590 ден.

Dr. Nature ги препорачува при: проблеми со зглобовите и тетивите; воспалителни и дегенеративни заболувања; вкочанетост и абење на зглобовите; артритис, остеоартритис, ревматизам и артрози; ишијас и шилци; оптоварување на зглобовите.

Состав на една таблета: глукозамин сулфат – 500 mg, метилсулфонилметан – 300 mg; хондроитин сулфат – 200 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 таблети на ден.

ЃАВОЛСКА КАНЦА – 60 капсули

Природна поддршка за движење без болка и ефикасно намалување на симптомите од Гихт!



Код: 32038
Цена: 1135 ден.

Dr Nature Ѓаволската канџа е природно решение за здравјето на зглобовите, коските, мускулите и тетивите. Благодарение на патентираната формула **FlexiGo™**, со комбинација од 2 вида ѓаволска канџа H. procumbens и H. zeyheri, придонесуваат за брзо намалување на болката и воспаленијата и го олеснуваат движењето. Активните состојки, **харпагозиди и иридоиди**, делуваат противвоспалително преку инхибирање на ензими како COX и LOX, додека аналгетските својства потиснуваат сигнали за болка. Истражувањата потврдуваат ефикасност против ревматски состојби, артритис, фибромиалгија, ишијас и мускулно-скелетни проблеми, што го прави идеален за спортисти и сите со зголемени физички напори. Докажано ги намалува воспаленијата и ја олеснува болката предизвикана од таложење на кристали на мочна киселина во зглобовите и со тоа ефикасно придонесува во намалување на симптомите на гихт. **Ѓаволскиот нокт** благодарение на **грелинот** се издвојува и како природна поддршка за намалување на апетитот и губење на тежина.

Dr. Nature ги препорачува при: вкочанетост и болки во коските, зглобовите и мускулите и различни воспаленија и заболувања на коскено-мускулниот систем (при артритис, ревматоиден артритис и остеоартритис), за намалување на симптомите на гихт, при прекумерно оптоварување и тензија во мускулите и тетивите и сл.

Состав на една капсула: Екстракт од корен на Ѓаволска канџа - 400 mg, патентирана француска формула со два вида ѓаволска канџа FlexiGotm - 50 mg (која содржи 9 mg харпагозиди и 15 mg иридоиди).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.

ВЕНО ОК – 60 таблети

Премиум формула со 9 активни состојки за природно решение за хемороиди, здрави вени и добра циркулација



Код: 32032
Цена: 2005 ден.

Dr. Nature Вено ОК е специјално формулиран за зајакнување на венскиот систем и подобрување на циркулацијата. Содржи комбинација од природни состојки, кои ја зголемуваат еластичноста на крвните садови, спречуваат создавање на тромбови и ги намалуваат воспаленијата. Капсулите содржат диосмин и хесперидин кои го подобруваат тонусот на вените, ја зголемуваат нивната еластичност и ја намалуваат пропустливоста на капиларите, екстракт од коњски костен кој содржи есцин со противвоспалително дејство, ги зајакнува ѕидовите на венските садови и ја намалува нивната пропустливост, проантоцианидини од црвени листови на лоза кои се моќни антиоксиданти и го поддржуваат здравјето на кардиоваскуларниот систем, витамин C и рутин кои придонесуваат за еластичноста на крвните садови и го зајакнуваат капиларниот систем и бромелаин кој ја подобрува циркулацијата и ги смалуваат воспаленијата. Dr. Nature Вено ОК е идеален избор за намалување на тежината и заморот во нозете кај лица со проширени вени, лица кои страдаат од хемороиди или лица кои подолго време поминуваат во седење/стоење.

Dr.Nature ги препорачува при: проширени вени, хемороиди, уморни и тешки нозе, венски застој и проблеми со протокот на крв во вените, хронична венска инсуфициенција, отоци, болки, тежина, грчеви и воспаленија, за подобрување на здравјето на вените, зајакнување на ѕидовите на вените и капиларите, за стимулација на лимфата и сл.

Состав на една таблета: Диосмин/Хесперидин (90% Диосмин, 10% Хесперидин) – 400 mg, Стандардизиран екстракт од див коњски костен (20% есцин) – 100 mg, Стандардизиран екстракт од Манго (0,03% Мангиферин) – 100mg, Стандардизиран екстракт од плодови на див чемшир (5% сапонини) – 75 mg, Стандардизиран екстракт од црвени листови од лоза (98% Проантоцијанидин) – 40 mg, витамин P – 50 mg, Витамин C - 20 mg, Екстракт од семки од грозје – 20 mg; Бромелаин – 20 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 таблета навечер после јадење.

НОВО

АРТИЧОКА – 60 капсули

Природен сојузник на црниот дроб, жолчката и за добро варење на храната! 100% природен екстракт од Артичока (5% кафена киселина)!



Код: 32011
Цена: 815 ден.

Артичоката го поддржува метаболизмот на масти и има докажано ефикасно делување на работата на црниот дроб и жолчката, за шеќер во крвта, проблеми со срцето и крвните садови, гихт и детоксикација. Активните состојки, **цинарин и силимарин** кои ги содржи, го заштитуваат и регенерираат црниот дроб, ги намалуваат воспаленијата и ги неутрализираат токсините. **Хлорогената киселина** помага во работата на жолчката и го спречува создавање на камења, кафената киселина ги намалува воспаленијата, додека **цинаринот** го стимулира жолчниот сок и работата на дигестивниот систем. **Инулинот** кој го содржи е природен пребиотик кој го подобрува варењето, го намалува апетитот и го регулира нивото на холестерол и триглицериди. Артичоката се препорачува и при дијабетес, бидејќи има низок гликемиски индекс. Инулинот кој што го има во артичоката претставува природна замена за инсулин и не го зголемува нивото на шеќер во крвта.

Dr. Nature ги препорачува при: проблеми и нарушена работа на црниот дроб, интоксикација на црниот дроб од различно потекло (дури и од зголемена консумација на алкохол), проблеми со жолчката (талог и камења во жолчката), стомачни проблеми како: гастритис, запек, подуеност, гасови, болки и вопаленија во желудникот, киселини, иритирана слузница на цревата и желудникот.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од листови на артичока – 250 mg, од кои што 5 % кафена киселина

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.

НОВО

ЃУМБИР – 60 капсули

Природен избор за одржување на здрав дигестивен систем, зајакнување на имунитетот и борба со воспаленија и стрес!



Код: 32036
Цена: 830 ден.

Ѓумбирот е познат по своите лековити својства повеќе од 3.000 години, особено за време на сезона на вируси, инфекции, стрес и диети за слабеење. **Џинџеролите** кои ги содржи имаат силно противвоспалително и антиоксидантно дејство. Тие помагаат во намалување на воспаленијата, во зајакнување на имунитетот и во борба против бактерии и вируси. Покрај тоа, ѓумбирот е богат со **витамин С, диететски влакна, витамин В6, калиум и магнезиум**, кои придонесуваат за здравјето на дигестивниот систем, нервниот систем, коските и срцето. Исто така, ѓумбирот има антимикробни својства и го намалува оксидативниот стрес. **Клиничките испитувања** докажуваат дека ѓумбирот: го олеснува варењето на храната и го забрзува празнењето на желудникот, помага при болки предизвикани од артроза и други воспаленија, го намалува гадењето, особено при патувања или утрински мачнини, го забрзува заздравувањето по интензивни физички оптоварувања и сл.

Dr. Nature ги препорачува при: намален имунитет и чести настинки, за заштита во периоди на грип и настинки, проблеми со варењето на храната: болки, подуеност, метеоризам, желудочни киселини, гадење, повраќање и запек, „патувачка болест", бавен метаболизам и зголемена тежина, воспалителни процеси: артритис, остеоартритис, мускулни и други болки, подобрување на циркулацијата, и сл.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од ѓумбир - 500 mg, од кои што 5 % (25 mg) џинџероли.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.

МАСЛО ОД ОРИГАНО – 60 капсули

Најмоќен природен антисептик со 85% карвакрол! За силен имунитет и здрав респираторен систем!



Код: 32031
Цена: 715 ден.

Dr. Nature Маслото од оригано е моќен природен производ со антибактериско, противвоспалително и имуностимулирачко дејство. Се добива преку дестилација од растението Origanum vulgare кое е богато со активни состојки како карвакрол, тимол и розмаринова киселина. Благодарение на активните состојки маслото од оригано има антимикробно дејство и ефикасно ги отстранува бактериите како што се ешерихија коли, стафилококи, стрептококи, листерија и сл. Ја подржува работата на дигестивниот систем и помага при подуеност, гасови и стомачни тегоби, ја подобрува рамнотежата на цревната флора и го подобрува варењето на храната. Исто така позитивно делува и на респираторниот систем ги разредува секретите, ја смирува кашлицата и помага при инфекции на дишните патишта. Дополнително го зајакнува имунитетот и придонесува за смирување на нервниот систем. Dr. Nature Маслото од оригано е одличен избор за природна заштита и подобрување на целокупното здравје.

Dr.Nature ги препорачува при: при намален имунитет и чести боледувања, за превенција и заштита на организмот во сезона на вируси, при респираторни проблеми, за олеснување на дишењето, за олеснување на искашлувањето, за полесно исфрлање на секрет од бронхиите и дишните патишта, за смирување на кашлицата, при течење на носот, бронхитис, трахеитис, синузитис, пневмонија, бронхијална астма, голема кашлица и сл., при проблеми со желудникот и воспаленија на цревата, за зголемување на апетитот, при гасови, грчеви во стомакот, дијареја, цревни паразити и сл., за подобрување на метаболизмот, при заболувања на црниот дроб и жолчката, при зголемен стрес и нервна напнатост, за целосно зајакнување на организмот сл.

Состав на една капсула: стандардизирано масло од стебло и цветови од Оригано со 85% карвакрол – 50 mg, ленено масло – 25 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно.

ДИГЕСТИВ КОМПЛЕКС – 60 капсули

Врвна формула со патентиран ензимски комплекс Digezyme® за добро варење на храната! Кажете им збогум на тегобите во желудникот!



Код: 32043
Цена: 815 ден.

Благодарение на **Digezyme®** патентираниот ензимски комплекс капсулите помагаат за разградување на протеините, мастите, јаглехидратите, влакната и лактозата со што се подобрува метаболизмот и апсорпцијата на хранливи материи. Растителните екстракти како **див копар, сладунец, ѕвездест анасон и ѓумбир**, вклучени во формулата, имаат докажано дејство за намалување на дигестивните тегоби, воспаленијата и симптомите како подуеност, гасови и киселини.

Dr. Nature ги препорачува при: превенција од дигестивни проблеми на средовечни и повозрасни лица, проблеми со варење на храната, лоша апсорпција на хранливи материи, проблеми со лачење на ензими од панкреасот, желудникот, плунковите жлезди и тенкото црево, хронична гастроинтестинална непријатност (гасови, подуеност, гадење, грчеви, киселини), поддршка при промена на исхраната, ензимски дисбаланс, нетолеранција на лактоза и амилаза и сл.

Состав на една капсула: екстракт од семе на див копар – 100 mg; патентирана комбинација од ензими на Sabinsa - Digezyme® (Алфа Амилаза 24000 DU/g, Неутрална Протеаза 6000 PC/g, Целулаза 1100 CU/g, Лактаза 4000 ALU/g, Липаза 200 FIP/g, малтодекстрин) – 50 mg; екстракт од цветови на камилица - 70 mg; екстракт од корен на сладунец – 50 mg; екстракт од ѕвездест анасон – 30 mg стандардизиран екстракт од ѓумбир - 30 mg (од кои што џинџероли -1,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 3 пати дневно (со секој оброк).

ЦРН ЛУК – 60 капсули

НОВО



Код: 32044
Цена: 1135 ден.

Со патентиран екстракт од чешниња на црн лук - ABG10 + ® за здраво срце и кардио-васкуларен систем и за добар имунитет!

Dr. Nature Црн лук се препорачува за поддршка на кардио-васкуларниот систем и стимулирање на природните одбранбени сили на организмот, особено во периоди на вирусни инфекции. Патентираниот екстракт **ABG10 + ®** од црн лук кој се добива преку ферментација, содржи високи концентрации на **S-алил цистеин**, кој има кардиопротективни ефекти и помага за намалување на оксидативниот стрес, холестеролот и крвниот притисок. Неговите антиоксидантни својства го зајакнуваат имунитетот и го поддржуваат здравјето на срцето. Дополнително, екстрактот од црн лук има позитивен ефект на циркулацијата, помага во детоксикација на црниот дроб и може да го подобри метаболизмот, особено кај пациенти со дијабетес. Процесот на ферментација му дава на црниот лук уникатен вкус и го прави полесен за консумирање, без да предизвикува иритирање на желудникот или лош здив, а клинички е докажано дека неговото дејство и апсорпција во организмот се многукратно подобри за разлика од екстрактите од друг лук.

Dr. Nature ги препорачува за: поддршка на работата на срцето и превенција од кардио-васкуларни заболувања, профилактика од вируси и настинки и подобрување на имунитетот, антиоксидантна заштита, регулација на холестеролот, крвниот притисок и шеќерот во крвта, детоксикација на црниот дроб, чистење на крвните садови и цревата од токсини, намалување на ризикот од појава на тромбоза, подобрување на дигестијата и сл.

Состав на една капсула: стандардизиран сув екстракт од чешниња на црн лук ABG10+® - 125 mg (од кои 0,125 mg S-allyl Cysteine).

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули дневно.

БЕЛ СЛЕЗ – 60 капсули

НОВО



Код: 32035
Цена: 640 ден.

Природен екстракт од корен на Бел слез за силен имунитет и здрав респираторен и дигестивен систем!

Dr. Nature Бел Слез е природен производ за заштита на слузокожата на респираторниот и дигестивниот систем. Тој создава заштитен филм и има смирувачки и регенеративен ефект и помага во борбата со вируси и бактерии, а има и антиинфламаторно и антибактериско дејство. Докажано е дека помага при смирување на кашлица и воспалено грло, а исто така олеснува дигестивни проблеми како запек, дијареа и чир на желудникот.

Dr.Nature ги препорачува при: респираторни проблеми (сува кашлица, ларингитис, фарингитис, бронхитис, пневмонија, воспаленија на дишните патишта, го олеснува дишењето во загадена околина и сл.), гастроинтестинални проблеми (поддршка на органите за варење, стомачни тегоби, болка во стомакот, чир, колитис, гастритис, рефлукс, гасови, подуеност, запек, воспалителни заболувања на цревата, синдром на пропустливи црева, заштита од хеликобактер и сл.), за зајакнување на имунитетот и сл.

Состав на една капсула: екстракт од корен на бел слез - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно.

ДЕТОКС ДЕН – 60 капсули

Природен комплекс од 24 активни состојки за ефикасен детокс, свежина и виталност во текот на денот!



Код: 32028
Цена: 945 ден.

Dr. Nature Детокс Ден е специјално создадена формула за потпомагање на природните процеси на детоксикација на организмот во текот на денот. Клучните предности на овој додаток во исхраната се во насока на поддржување на правилната работа на црниот дроб и бубрезите – главните органи за прочистување на организмот, да потпомогнат во стимулирање на исфрлањето на штетните материи од телото, да ја подобрат енергијата и чувството на леснотија. Природниот состав на капсулите е погоден за секојдневна употреба. Тој содржи исклучително богата формулаи која изобилува со природни екстракти и избалансиран состав на витамини и минерали за подобрување на метаболизмот во текот на денот додека организмот е најактивен и го прочистува и регенерира црниот дроб и жолчката на клеточно ниво. Резултатот е подобрено варење и системот за лачење, повеќе енергија, почиста кожа и силен имунитет. **Dr. Nature Детокс Ден содржи бел трн** богат со силимарин кој ја регенерира и заштитува функцијата на црниот дроб и жолчката и ја поттикнува детоксикацијата. **Луцерката и хлорелата** содржат хлорофил за елиминација на токсини. **Бетаинот од цвеклото** го намалува таложењето на масти во црниот дроб. **Ѓумбирот** го штити црниот дроб и го подобрува варењето, додека куркуминот се бори против воспаленија и го стимулира жолчниот сок. **Артичоката и глуварчето** ја поттикнуваат работата на црниот дроб и жолчката, одржувајќи здрав цревен микробиом. **Копривата, магдоносот, мечкиното грозје и бучуто** имаат диуретично дејство за елиминација на токсини преку бубрезите. **Семките од грозје и моринга**та се моќни антиоксиданси со хепатопротективни и противвоспалителни својства.

Dr. Nature ги препорачува за потпомагање при: отежната работа на црниот дроб, жолчката и бубрезите, зголемена консумација на алкохол, мрсна храна, лекови, труење со тешки метали и сл., нарушен цревен микробиом, гастроинтестинални нарушувања, хроничен замор и недостаток на енергија, по оперативни зафати на црниот дроб, жолчката и цревата, прекумерна телесна тежина и сл.

Состав на една капсула: Стандардизиран екстракт од листови на млечен трн (80% силимарин) – 100 mg, екстракт од листови на луцерка - 50 mg, екстракт од корен на цвекло - 30 mg, стандардизиран екстракт од корен на ѓумбир (5% џинџерол) – 25 mg, витамин C - 25 mg, екстракт од листови на артичока – 20 mg, стандардизиран екстракт од листови на коприва (2% силициев диоксид) – 20 mg, стандардизиран екстракт од семки од грозје (50% проатоцијанидини) – 20 mg, екстракт од моринга – 20 mg, стандардизиран екстракт од листови на мечкино грозје - 20% арбутин – 15 mg, холин – 15 mg, калиум - 10 mg, екстракт од корен на глуварче - 10 mg, микроалги хлорела – 8 mg, екстракт од листови на бучу – 10 mg, екстракт од корен на магдонос – 10 mg, естракт од цветови на црвена детелина – 10 mg, екстракт од корен на бел слез – 10 mg, екстракт од корен на куркума – 10 mg, цинк – 2 mg, екстракт од листови на зимска пченица – 8 mg, фолна киселина – 600 µg, селен - 15 µg, витамин B12 -3 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула наутро.

ДЕТОКС НОЌ – 60 капсули

Природен комплекс од 18 активни состојки за ефикасен детокс додека спиете!



Код: 32027
Цена: 905 ден.

Формулата на **Dr. Nature Детокс Ноќ** е специјално создадена за да ги поттикне природните процеси на детоксикација на организмот во текот на ноќта. Таа е исклучително богата со: диететски влакна кои што ги прочистуваат цревата, го намалуваат процесот на скапување на храната во организмот и помагаат во исфрлањето на токсините од организмот; ензими кои го подобруваат варењето и апсорпцијата на хранливите материи и антиоксиданти кои го намалуваат оксидативниот стрес врз организмот. Патентираната формула изобилува со природни екстракти кои во текот на ноќта им потпомагаат на црниот дроб и на глимфниот систем во отстранувањето на токсините од организмот и мозокот додека спиеме. Организмот активно ги регенерира клетките, ја регенерира ДНК-то и ги елиминира штетните отпадни материи од телото. Dr. Nature Детокс Ноќ содржи јаболков пектин кој ја поттикнува здравата цревна микрофлора и ги храни корисните бактерии. Лушпите од псилиум се богати со пребиотски влакна, ја стимулираат детоксикацијата, спречуваат запек и го подобруваат метаболизмот на масти и шеќер. Глукомананот ги апсорбира токсините, спречувајќи нивна повторна апсорпција во крвта. Екстрактите од американска крушина и киселец потпомагаат за омекнување на столицата и го олеснуваат нејзиното исфрлање. Сладунецот, дивиот копар и црвениот брест имаат гастропротективно дејство и ги намалуваат и елиминираат тегобите во желудникот. Коренот на реум ја чисти крвта и потпомага во отстранување на вишок течности, додека Rumex japonicus има благо диуретско дејство и помага во разградување на маснотиите во црниот дроб. Трифалата ја поддржува работата на црниот дроб, варењето на храната и здравјето на дебелото црево. Нането го смалува ферментацискиот процес во цревата, а бромелаинот го подобрува варењето на протеините.

Dr. Nature ги препорачува за потпомагање при: природен детокс, заштита на црниот дроб, жолчката и бубрезите, активна регенерација на клетките во текот на ноќта, потпомага при хепатитис и цироза, исфрлање на токсините од организмот (предизвикани од нездрава исхрана, алкохол, лекови, стрес, загаден воздух, UV-радијација и др.), подобро варење на храната по прејадување пред спиење, подобрување на цревниот микробиом, подобра перисталтика и нормална дефекација, намалување на нивото на холестерол, хормонален баланс во текот на ноќта, детоксикација на кожата, регулирање на телесната тежина, подобрување на сонот и сл.

Состав на една капсула: Пектин од јаболко - 50 mg, Псилиум хуск лушпи - 50 mg, Глукоманан - 40 mg, Гума арабика, Екстракт од кора на Американска крушина - 40 mg, Екстракт од Сладунец - 25 mg, Екстракт од корен на Чичок - 25 mg, Екстракт од листови на Киселец - 25 mg, Екстракт од кора на Црвен брест - 25 mg, Екстракт од корен на Реум - 25 mg, Екстракт од листови od Rumex japonicus - 25 mg, Екстракт од корен на Див копар (Foeniculum vulgare) - 25 mg, Трифала [Екстракт од плодови на Амла- 8 mg; Харитаки – 9 mg; Бибитаки – 8 mg] – 25 mg, Карагенан - 20 mg, Екстракт од листови на Нане - 15 mg, Бромелаин - 15 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула навечер.

ДЕТОКС ФОРТЕ (ПАРАЗИТОЦИД) – 60 капсули

Комплексна формула со 22 активни состојки за ефикасна детоксикација и борба со паразитите!



Код: 32030
Цена: 870 ден.

Формулата на **Dr. Nature Детокс Форте** е специјално создадена за да ги поттикне природните процеси на детоксикација на организмот во текот на ноќта. Таа е исклучително богата со: диететски влакна кои што ги прочистуваат цревата, го намалуваат процесот на скапување на храната во организмот и помагаат во исфрлањето на токсините од организмот; ензими кои го подобруваат варењето и апсорпцијата на хранливите материи и антиоксиданти кои го намалуваат оксидативниот стрес врз организмот. Патентираната формула изобилува со природни екстракти кои во текот на ноќта им потпомагаат на црниот дроб и на глимфниот систем во отстранувањето на токсините од организмот и мозокот додека спиеме. Организмот активно ги регенерира клетките, ја регенерира ДНК-то и ги елиминира штетните отпадни материи од телото. **Dr. Nature Детокс Форте (Паразитоцид)** според препораките на д-р Хилда Кларк содржи моќна комбинација од **морски пелин, црн орев и карамфилче** која ефикасно делува против паразитите во организмот. Нивното моќно дејство дополнително е зајакнато од **екстрактот од лук** кој покрај антипаразитното дејство, има и моќно антивирусно дејство и го зајакнува имунитетот. **Тимјанот и семките од тиква** помагаат во чистење на цревата, додека растителни екстракти како **јапонска фалопија, куркума и чичок** го зајакнуваат црниот дроб и ги штитат клетките од оштетувања. **Екстракт од оригано** има антимикробно дејство, одржувајќи здрава цревна флора. Слично делуваат и **ѓумбирот, екстрактот од бел слез и листовите од ниим**, кои го намалуваат ризикот од инфекции на дигестивниот систем и го штитат црниот дроб. Формулата е збогатена со антиоксиданти и минерали, како **магнезиум и цинк**, кои ја поддржуваат детоксикацијата, ја одржуваат цревната флора и ја подобруваат функцијата на црниот дроб.

Dr. Nature ги препорачува за потпомагање за: целосно чистење на организмот од паразити и токсини, подобрување на работата на црниот дроб, жолчката и дигестивниот систем, поддршка на цревниот микробиом и елиминација на гнилостните процеси, намалување на заморот, обновување на енергијата и тонизирање на телото, зголемување на имунитетот, подобрување на расположението и менталната функција.

Состав на една капсула: екстракт од цвет на морски пелин – 100 mg, Екстракт од црн орев (млади оревчиња) – 80 mg, Екстракт од семе на каранфилче – 80 mg, Стандардизиран екстракт од корен на јапонска фалопија (10% ресвератрол) – 20 mg, прав од кора на цимет – 20 mg, Екстракт од корен на чичок – 20 mg, Екстракт од листови на тимјан – 20 mg, Стандардизиран екстракт од лук (1,2% алицин) – 18 mg, Магнезиум (Магнезиум цитрат) – 15 mg (4% RDA*), Стандардизиран екстракт од листови на оригано (30% Карвакрол) – 15 mg, Стандардизиран екстракт од корен на ѓумбир (5% џинџероли) – 15 mg, Екстракт од корен на див копар – 15 mg, Стандардизиран екстракт од семки од тиква – 13 mg, Стандардизиран екстракт од семки на Грејпфрут – 10 mg, Екстракт од корен на бел слез – 5 mg, Екстракт од листови на Ниим – 10 mg, Екстракт од корен на Куркума – 5 mg, Цинк – 3 mg, Екстракт од семки на пискавец – 3 mg, Стандардизиран екстракт од листови на маслинка – 2 mg, Екстракт од корен на Глуварче – 2 mg, Екстракт од корен на магдонос – 2 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула навечер.

РЕНО ОК – 60 капсули

Премиум формула со 17 активни состојки за здрави бубрези и уринарен тракт!

НОВО



Код: 32033
Цена: 980 ден.

Dr. Nature Рено ОК благодарение на својата премиум формула која содржи 17 различни природни екстракти овозможува сеопфатна поддршка на здравјето на бубрезите и уринарниот тракт. **Екстрактот од Чанка пиедра** го олеснува исфрлањето на камења и песок од бубрезите и спречува создавање на нови, додека екстрактите од **мачешки мустаќ, глуварче, пченкарна свила и др. природни екстракти** помагаат при инфекции и воспаленија на на уринарниот тракт, го чистат од токсини и го стимулираат и олеснуваат мокрењето. Дополнителните состојки како **бела бреза, мечкино грозје и хибискусот** го зајакнуваат диуретичкото и антиоксидантното дејство на капсулите, додека **алфа-липоичната киселина и леспедезата** ја подобруваат функцијата на бубрезите. **Чичокот** ги штити клетките на бубрезите од оштетување, а екстрактот од **бучу** има антимикробно дејство и потпомага во спречување на инфекции на урогениталниот тракт. **Dr.Nature ги препорачува при:** проблеми со бубрезите и уринарниот тракт:, болка, печење и тешкотии при уринирање, песок, камења, воспаленија и хронични инфекции, болести како цистит, простатитис, пиелонефритис, проблеми со исфрлање токсини и задоцнета диуреза, ризик од бактериски инфекции и ослабен имунитет, за санирање на последици предизвикани од лекови што ги оштетуваат бубрезите, поддршка при повторувачки инфекции и антибиотска терапија. **Состав на една капсула:** екстракт од надземниот дел од растението Чанка пиедра – 40 mg, екстракт од листови на мачешки мустаќ - 40 mg, екстракт од дршки на дива цреша - 40 mg, екстракт од пченкарна свила - 30 mg, екстракт од корен на голем чичок - 30 mg, екстракт од корен на глуварче - 30 mg, екстракт од цветови на суданско хибискус - 30 mg, екстракт од листови на бучу - 30 mg, екстракт од листови на бреза - 30 mg, алфа липоична киселина - 25 mg, екстракт од листови на моринга – 25 mg, екстракт од корен на леспедеза - 25 mg, стандардизиран екстракт од листови на мечкино грозје (20% арбутин) - 25 mg, екстракт од листови на планински јасен - 20 mg, екстракт од Spiraea ulmaria- 20 mg, екстракт од андографис - 25 mg, екстракт од надземниот дел на аспарагус - 8 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно.

ПЛАНТА ПРОСТАЛ – 30 капсули

Најмоќната природна подршка за секој маж!
6 активни состојки за здрава простата!

НОВО



Код: 32020
Цена: 680 ден.

Проблемите со простатата се сè почеста појава, која се јавува дури и кај помладите мажи. Проблемите најчесто се предизвикани од бенигна хиперплазија на простатата (зголемување на простатата). Симптомите вклучуваат тешкотии при уринирање, често ноќно мокрење, болка и непријатност при мокрењето и сл. Формулата на **Планта Простал** содржи 6 активни состојки кои синергиски дејствуваат за здравјето на простатата. Екстрактот од **сао палмето** го спречува зголемувањето на простатата и проблемите со мочните канали, **маслото од семки од тиква** изобилува со масни киселини кои ги спречуваат воспаленијата, – блокира штетни хормони и спречува воспаленијата, го блокираат дихидротестостеронот и ја потпомагаат работата на уретрата и мочниот меур и спречува создавање на камења во бубрезите. Покрај тоа капсулите содржат и **коприва** која е позната како моќен диуретик со противвоспалително дејство, кој го враќа хормоналниот баланс. **Ликопенот** е моќен антиоксидант што ги штити клетките од оксидативен стрес. Формулата е збогатена и со два есенцијални минерали за машкото здравје **цинк и селен** кои го поддржуваат здравјето на простатата и ги намалуваат воспаленијата на простатата и уринарниот тракт. Овој производ е одлична поддршка за мажите кои сакаат да го подобрат здравјето на својата простата и да ги олеснат непријатните симптоми. **Dr.Nature ги препорачува при:** бенигна хиперплазија на простатата; простатитис; проблеми и притисок при мокрење; често и нецелосно мокрење; воспалителни процеси во уринарниот тракт и нарушени сексуални функции. Ефикасно ја поддржува работата на простатата; придонесува за целосно празнење на мочниот меур и ги намалува честите ноќни уринирања; го подобрува протокот при уринирање; придонесува за оддржување на нормални вредности на тестостерон во крвта и помага за оддржување на потенцијата и сл. **Состав на една капсула:** масло од семки од тиква – 606 mg, стандардизиран маслен екстракт од плодови на Сао Палмето (8% ситостероли) – 320 mg, стандардизиран екстракт од листови од Коприва (1% бета-ситостерол) – 35 mg, ликопен – 5 mg, цинк – 3 mg, селен – 25 µg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно.

ДИАСАН МАКС – 60 капсули

Ефикасна контрола на нивоата на шеќер и липиди во крвта!



Код: 30075
Цена: 755 ден.

Синергиското дејство на **Dr.Nature Диасан макс** ги комбинира докажано најефикасните природни екстракти за контрола на нивото на шеќер во крвта. Екстрактот од цејлонски цимет помага при апсорпција на глукозата во ткивата (особено во мускулите) и придонесува за одржување на нормални нивоа на холестерол во крвта. Екстрактот од горчлива диња придонесува за стабилни нивоа на глукоза во крвта и ја подобрува нејзината искористливост во ткивата. Екстрактот од гимнема традиционално се користи за поддршка на нормални вредности на шеќер во крвта. Цинкот учествува во нормалниот метаболизам на јаглехидрати, масни киселини, витамин А и синтеза на протеини. Хромот (во форма на хром пиколинат) придонесува за одржување на нормално ниво на шеќер во крвта, потпомага во контрола на апетитот и желбата за слатка храна и го поддржува метаболизмот преку поефикасно согорување на вишокот глукоза. **Dr.Nature го препорачува за потпомагање при:** покачени нивоа на шеќер и липиди во крвта, дијабетес тип 2, дијабетска полиневропатија, предијабетна состојба, предиспозиции за развој на дијабетес, покачени нивоа на холестерол и триглицериди, нарушен метаболизам на јаглехидрати, нездрав начин на исхрана и сл. **Состав:** екстракт од цејлонски цимет (Cinnamomum zeylanicum 8% флавоноиди), желатинска капсула, екстракт од горчлива диња (Momordica charantia), цинк глуконат (цинк), екстракт од гимнема (Gymnema sylvestre 50% гимнема киселина), хром пиколинат (хром (Cr3+)). **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно, по можност наутро пред појадок. Употребата на Диасан макс не пречи на стандардната терапија за дијабет и може да се употребува заедно со неа.

TOTAL FRESH – 60 капсули

Моќната комбинација од медицински печурки за превенција од дијабетес и намалување на нивото на шеќер во крвта.



Код: 30058
Цена: 1815 ден.

Лошиот здив и непријатните телесни миризби често укажуваат на натрупување на токсични материи во организмот и можат да бидат знак за развој на посериозни заболувања. При варењето дел од храната цревните бактерии ја разградуваат во токсини, најголем дел од нив се исфрлаат преку изметот, но некои завршуваат во крвотокот и преку белите дробови и потните жлезди се ослободуваат во форма на лош здив и миризби. Dr. Nature Total Fresh е уникатна природна формула која го прочистува организмот, ги елиминира токсините и ефикасно ги неутрализира непријатните миризби настанати како последица од нездрава исхрана, консумирање пикантна храна, пушење, недостаток на физичка активност, дехидратација, работа во загадена средина, зголемен стрес, парадонтални проблеми, употреба на одредени лекови или карактеристична „старечка" миризба. Формулата комбинира внимателно одбрани природни состојки со висока биолошка активност – екстрактот од Агарикус биспорус делува во елиминација на непријатните миризби, екстрактот од семки од грозје има силно антиоксидантно дејство и дополнителна заштита на организмот, хлорофилинот го прочистува телото, ја одржува ацидо-базната рамнотежа и ги намалува гнилостните процеси, додека пробиотските бактерии Bacillus coagulans ја штитат дигестивната флора, го подобруваат варењето и ја одржуваат природната рамнотежа на корисните микроорганизми. **Dr.Nature ги препорачува за:** природно прочистување на телото од токсини, заштита на забите и непцата од бактерии, кои што се причинители на лош здив, неутрализирање на непријатниот мирис на кожата (пот, секретирачки рани), одржување на свежи стапала, пазуви и гениталии, подобрување на дефекацијата и намалување на миризбата на изметот и урината, при таложење на токсини во цревата, подобрување на цревната микрофлора, подобрување на апсорпцијата на хранливи материи. **Состав на една капсула:** екстракт од Агарикус биспорус – 200 mg, екстракт од семки од грозје – 200 mg (од кои олигомерни проантицианидини (OPC) 40 % - 80mg), хлорофилин – 100 mg, витамин С – 50 mg, цинк – 10 mg, Bacillus coagulans– 5 mg, фолна киселина – 200 µg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно.

САМЕНТО (мачешка канџа) – 60 капсули

Волшебната билка од Перу со моќно противвоспалително и имуномодулирачко дејство!



Код: 32010
Цена: 905 ден.

Dr.Nature Саменто е природен производ кој содржи стандардизиран екстракт од кората на растението мачешка канџа кое расте во џунглите во Перу. Локалното население ја користи оваа билка уште од времето на Инките против разни воспаленија, чир на желудникот, ревматизам, дизентерија, цревни проблеми и рани. Оваа ретка билка содржи преку 100 различни корисни материи (флавони, алкалоиди, гликозиди, полифеноли, проантоцијанидини, тритерпени и др.) со широк спектар на дејство и со право ја носи титулата за „Најмоќен природен имуномодулатор", а суплементите со екстракт од Саменто се во 5-те најпродавани имуномодулатори во САД. Флавоните кои ги содржи Саменто имаат голема улога во различни ензимски процеси и моќно антиоксидантно дејство кое ги штити клетките од слободните радикали и ги успорува процесите на стареење. Научно е докажано дека Саменто му помага на организмот во борбата со преку 300 различни заболувања, ја потпомага општата состојба на организмот и му потпомага побргу да закрепне после долги и тешки боледувања. **Dr.Nature ги препорачува при:** намален имунитет, вируси и настинки, силна исцрпеност на дијабетес тип 2; дијабетска полиневропатија; предијабетна состојба; склоност кон развој на дијабетес; покачени нивоа на холестерол и триглицериди; нарушен метаболизам на јаглехидрати; нездрава исхрана. дијабетес тип 2; дијабетска полиневропатија; предијабетна состојба; склоност кон развој на дијабетес; покачени нивоа на холестерол и триглицериди; нарушен метаболизам на јаглехидрати; нездрава исхрана. организмот, замор, летаргија и склоност кон инфекции, воспалителни процеси (хронични воспаленија како што се артритис, остеоартритис и ревматски артритис), проблеми со мускулите и тетивите, гастроинтестинални проблеми, интоксикација и ингестија на токсични и штетни материи. Дополнително капсулите со екстракт од Саменто потпомагаат при проблеми со циркулацијата, хипертензија и зголемен ризик од инфаркт и мозочен удар, ја ублажуваат состојбата на организмот при алергии, астма, синузитис, поленска треска и инфекции на респираторниот тракт, потпомагаат при зголемен стрес и депресија, имаат моќно антибактериско, антипаразитско и антимикотично дејство, ја стимулираат работата на мозокот и го намалуваат ризикот од Алцхајмер и потпомагаат при проблеми со кожата (псоријаза, акни, егземи, херпеси). **Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од кора на мачешка канџа (10:1) (Uncaria tomentosa) 3% флавони - 250 mg (кое е еквивалентно на 2500 mg кора од мачешка канџа). **Препорачана дневна доза:** се препорачува по по 1 капсула дневно.

БАБИНИ ЗАБИ (трибулус) – 90 капсули

За хормонален баланс, сила, издржливост, либидо!



Код: 30056
Цена: 1400 ден.

Трибулус терестрис уште попознат под името Бабини заби е растение кое го има во јужните делови на Азија, Европа и Африка е билка која со векови наназад ја употребувале како„лек" за издржливост и потенција. Денес оваа билка е една од најпопуларните кога станува збор за билки кои го подобруваат машкото здравје и сексуалната функција благодарение на стероидните сапонини, алкалоиди, рутин и гликозиди кои што ги содржи и кои го стимулираат производството на тестостерон и го регулираат хормоналниот баланс кај мажите. Трибулусот е познат како еден од најдобрите природни афродизијаци, ја зголемува машката потентност, ја подобрува сексуалната функција и издржливост и ја подобрува сперматогенезата. Исто така овој суплемент е одличен и за спортистите за постигнување на подобри перформанси, бидејќи ја зголемува издржливоста и енергијата при тешки физички оптоварувања, а од друга страна потпомага и во зголемување на мускулната маса. Во капсулите на Dr.Nature се користи 100% природен и најквалитетен трибулус терестрис од Бугарија кој содржи двојно повеќе активни материи – сапонини од конкурентските производи и е стандардизиран за постигнување на сигурни и максимални резултати. **Dr.Nature ги препорачува за:** хормонален баланс, сила, енергија, издржливост и добро расположение. Го зголемува либидото кај мажите. Ја потпомага функцијата на зглобовите, мускулите и коските. Позитивно делува на кардио-васкуларниот систем и за баланс на холестеролот. **Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од Tribulus terrestris L. (80% сапонини) - 500 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула 2 пати дневно.

МАСЛО ОД НОЌНИЧЕ – 90 капсули

За нормален хормонален баланс и здрава и убава кожа!



Код: 30003
Цена: 1135 ден.

Маслото од ноќниче се смета за симбол на женското здравје и хормоналната рамнотежа и се препорачува при репродуктивни проблеми,како и за подобрување на состојбата пред, за време и по менопаузата. Покрај тоа ефикасно е и за разни кожни проблеми - егзема, дерматитис, акни и ја подобрува состојбата на косата и ноктите. Неговото дејство главно се должи на есенцијалните омега-6 масни киселини кои ги содржи, од кои најценета е гама линоленската киселина (GLA). Оваа киселина е многу важна за одржување на структурата на клетките и нивно правилно функционирање. Телото ја трансформира GLA во простагландини – хормони потребни за извршување на важни функции. Истражувањата покажуваат дека при симптоми на менопауза, ПМС и слични состојби, е намалено нивото на GLA во организмот. Со помош на маслото од жолто ноќниче се враќа балансот во организмот за негово непречено работење. Во капсулите на Dr.Nature се употребува висококвалитетно масло од ноќниче, стандардизирано на 10% гама-линоленска киселина (GLA) збогатено и со витамин Е, што е гаранција за максимална ефикасност и сигурни и безбедни резултати при употребата на производот. **Dr.Nature ги препорачува за:** хормонален баланс, потпомага во регулирање на менструалниот циклус, за намалување на симптомите на менопаузата и болките за време на циклусот, му олеснува на женскиот организам пред, за време и по менопауза, ги стимулира репродуктивните функции на организмот, доприносува за здравјето на косата, кожата и ноктите, ја зголемува апсорпцијата на калциум и го намалува ризикот од остеопороза, потпомага во регулирање на нивоата на холестерол и триглицериди и доприносува за здравјето на срцето. **Состав на една капсула:** Стандардизирано масло од семе на ноќниче (Oenothera biennis) - 500 mg од кое што 10% гама линоленска киселина (GLA) - 50 mg, витамин Е (D-алфа-токоферол ацетат) - 15 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 2 капсули дневно, 30 минути по јадење.

ЦРНА МАКА – 60 капсули

Тајната на инките за сила, издржливост, либидо, хормонален баланс!



Код: 32007
Цена: 930 ден.

Перуанската **црна мака** е коренеста билка која уште во антиката ја употребувале инките како суперхрана и моќен афродизијак. Нивните воини ја употребувале за енергија и издржливост при битките кои ги воделе. Црната мака за разлика од другите видови на мака има многу помоќно дејство и поголема биолошка активност. Изобилува со високи концентрации на витамини B2, B6, B12, C, фолна киселина, минерали како железо, калциум, јод, манган, калиум и цинк, незаситени масни киселини (линоленска, олеинска и палмитинска киселина), амино киселини, танини, сапонини и алкалоиди. Благодарение на нејзиното дејство врз ендокриниот систем, таа е моќен адаптоген и ја зголемува отпорноста на организмот при стрес и инфекции. Благопријатно делува и ги стимулира машкиот и женскиот репродуктивен систем, воспоставува хормонален баланс и го зголемува либидото. Покрај тоа флавоноидите кои што ги содржи ја намалуваат нервната напнатост и вознемиреност, го релаксираат нервниот систем и ефикасно го штитат организмот од стрес. **Dr.Nature ги препорачува за:** зголемување на силата, енергијата и издржливоста. Го потпомага хормоналниот баланс, репродуктивниот систем и либидото, како кај мажите, така и кај жените. Делува благопријатно врз женскиот организам за време на менопауза. Доприносува за полесно справување со физичкиот и психичкиот замор. Има позитивно дејство при вознемиреност и нервна напнатост. Го потпомага помнењето. **Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од корен на Црна Мака (Lepidium meyenii Walp.) - 500 mg (еквивалент на 10000 mg корен од мака). **Начин на употреба:** се препорачува по по 1 капсула дневно.

БРАХМИ – 60 капсули

Природен производ за добро помнење, концентрација, тонус, сон и добро расположение!



Код: 32009
Цена: 815 ден.

Брахми е традиционална билка од Индија која илјадници години наназад се употребува и има важна улога во традиционалната Ајурведска медицина за работата на нервниот систем и поддршка на мозокот. Брахми изобилува со сапонини, од кои што најважни се бакозидите и бакопазидите, кои имаат моќно дејство врз когнитивните функции, ја поддржуваат работата на мозокот, го подобруваат помнењето и концентрацијата, го подобруваат расположението и сонот. Капсулите се наменети за поддршка при силни психички и ментални оптоварувања, особено на луѓе од научната и креативната област, студентите и учениците кои секојдневно имаат потреба од меморирање на многу информации. Врз основа на научни истражувања докажано е дека билката Брахми потпомага кај повозрасните луѓе кои се соочуваат со пад на когнитивните функции и потпомага да се подобри помнењето и концентрацијата. Оваа билка исто така се користи за полесно справување со стресот и помага да се фокусираме подобро во стресни ситуации и за разлика од седативите (кои го успоруваат умот), ја подобрува менталната јасност, фокус и расположение. **Dr.Nature ги препорачува за:** потпомагање на работата на мозокот и нервниот систем, особено при зголемена психичка и ментална активност. Ги подобрува помнењето, концентрацијата, фокусот, доброто расположение и сонот. Допринесува за нормализирање на нивото на стрес, го смирува и релаксира организмот. Допринесува и за надминување на анксиозноста и менталниот замор, има позитивно дејство кај деца со церебрална парализа, епилепсија и аутизам, потпомага за подобрување на говорот при пелтечење, за спречување на Алцхајмер и деменција. Покрај тоа има моќно антиоксидантно дејство и го заштитува организмот од слободните радикали. **Состав на една капсула:** Стандардизиран екстракт од Bacopa monnieri (55% бакозиди) - 500 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по по 1 капсула дневно.

АЛФА ЛИПОИЧНА КИСЕЛИНА – 60 капсули

Супер антиоксидант, за нормални нивоа на шеќер во крв, здраво срце и подобар метаболизам!



Код: 30099
Цена:1740 ден.

Алфа липоичната киселина (ALA) е составен дел од секоја клетка на нашето тело и природно се создава во нашиот организам но во многу мали количини. Нејзината важност е голема, а нејзиниот недостаток доведува до проблеми со кардио-васкуларниот, нервниот и имунолошкиот систем. ALA се нарекува "универзален" антиоксидант поради нејзиниот широк спектар на делување. Единствено ALA од сите антиоксиданти е растворлива во вода и во масло што го олеснува нејзиниот транспорт низ сите клеточни мембрани во организмот и лесно да се апсорбира. Капсулите од Dr.Nature му помагаат на организмот да се снабди со дневната потребна доза од алфа липоична киселина за да може да ги извршува своите функции непречено. ALA потпомага во заштита на оштетувања на мозокот и на другите клетки во организмот, ги одржува нормалните нивоа на витамините E и C, глутатионот и коензимот Q10, го штити организмот од оксидативен стрес, а потпомага и при различни невропатски нарушувања во организмот. **Dr.Nature ги препорачува за:** заштита на клетките од оксидативен стрес, ги потпомага нормалните нивоа на шеќер во крвта, за подобрување на состојбата на дијабетес тип 1 и 2, како и за спречување на компликации од дијабетес, за подобрување на состојбата на метаболички синдром, за превенција од кардио-васкуларни заболувања и миокарден инфаркт, за подобрување на работата на црниот дроб, потпомага при различни невропатски нарушувања, ги ублажува симптомите предизвикани од карпал тунел синдром, при проблеми со очите предизвикани од глауком и катаракта, за подобрување на работата на мозокот и спречување на развој на деменција и Алцхајмер, при витилиго и сл. **Состав на една капсула:** алфа-липоична киселина - 300 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 -2 капсули дневно.

МОРСКИ МАГНЕЗИУМ – 60 таблети

Природен производ добиен од длабоките морски води за максимална апсорпција и брзи резултати!

Магнезиумот е еден од најважните минерали во нашиот организам без кои не може правилно да функционира. Тој ги поддржува нормалните функции на нервниот, кардио-васкуларниот систем и мускулите. Придонесува за нормална работа на метаболизмот, производство на енергија и електролитен баланс, како и за намалување на чувството на исцрпеност и замор. Покрај тоа го потпомага одржувањето на нормалната состојба на коските и забите и учествува во процесот на клеточната делба. Магнезиумот во таблетите на Dr.Nature е 100% природен и извлечен од длабочините на морето , што овозможува негова целосна апсорпција во организамот за постигнување на оптимална ефикасност.

Dr.Nature ги препорачува за: одржување на соодветен енергетски метаболизам и потпомага за правилното функционирање на нервниот систем. Придонесува за нормалното функционирање на мускулите и срцето.

Состав на една таблета: морски магнезиум (магнезиум оксид добиен од морска вода) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 таблета дневно со 200 ml вода.



Код: 30012
Цена: 985 ден.

СУПЕР ВИТАМИНИ К2+D3 – 60 таблети

100% природни витамини за здрави коски, срце, кожа, заби, непца, имунитет!

Внесувањето на **витамините К2 и D3** е предуслов за правилна апсорпција на калциумот во организмот. Во таблетите на Dr.Nature витамините К2 и D3 се од природно потекло со што се постигнува синергиско дејство за нивна максимална ефикасност и апсорпција во организмот. Витаминот D3 го зголемува производството на протеинот кој го внесува калциумот во коските - неактивен остеокалцин. К2 го активира овој протеин и на тој начин ефикасно го транспортира калциумот до коскениот систем и забите преку крвотокот. Во исто време, К2 го активира и матриксот GLA-протеин, кој се наоѓа во ѕидовите на крвните садови и има улога во отстранувањето на калциумот од ѕидовите на крвните садови и меките ткива, со што се спречува нивната калцификација (стврднување) и спречување на несакани кардио-васкуларни нарушувања.

Dr.Nature ги препорачува за: здрави коски, срце, крвни садови, кожа, непца и заби. Го потпомага имунолошкиот систем. Позитивно делува на видот, ја потпомага нормалната апсорпција на калциум и фосфор.

Состав на една таблета: природен витамин К2 (менахинон) од ферментирана соја (натто) - 100 µg, природен витамин D3 извлечен од планински диви лишаи (холекалциферол) - 10 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 таблета дневно со 200 ml вода.

ТОП производ



Код: 32004
Цена: 970 ден.

IMMUNE POWER MAX – 60 таблети

За зајакнување на имунолошкиот систем и одбрамбените сили на организмот! За заштита при инфекции и побрзо закрепнување по боледување!



Код: 30018
Цена: 1620 ден.

Комплексна формула со синергиско дејство на ехинацеа, црн бозел и лук во комбинација со витаминте C и D3 и минералите цинк и селен, која го зајакнува имунолошкиот систем и ја зголемува отпорноста на организмот пред сезоната на настинки и грип. Ехинацеата е еден од најмоќните природни имуностимулатори со антивоспалително дејство, црниот бозел е богат со антиоксиданти и биоактивни состојки кои штитат од вируси и бактерии, додека лукот е докажан природен антибиотик што придонесува за здраво срце и нормални нивоа на шеќер и холестерол во крвта. Витаминте и минералите дополнително ја поттикнуваат одбранбената функција и овозможуваат подобро справување со инфекции и оксидативен стрес.

Dr.Nature ги препорачува при: намален имунитет; пред и во сезона на грип и вирусни инфекции; при воспаленија на горните дишни патишта и настинки; за борба со слободните радикали (за заштита на организмот од оксидативен стрес); за поддршка на вродениот и активирање на стекнатиот имунитет, за заштита на клетките, како поддршка на метаболизмот, при замор, истоштеност и исцрпеност на организмот, за побрзо закрепнување по боледување, ја враќа виталноста и силата на организмот. Употребата на овој производ е исклучително важна пред и за време на вирусни и други инфекции.

Состав на една таблета: витамин C – 300 mg, екстракт од ехинацеа - 100 mg (стандардизиран до 4% цикорија киселина), екстракт од ехинацеа - 100 mg (стандардизиран до 4% полифеноли), екстракт од лук (стандардизиран до 1,2% гарлицин), екстракт од црн бозел – 100 mg (стандардизиран до 5% антоцијанидини), цинк - 7,5 mg, витамин D3 - 5 µg и селен - 50 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 таблета 2 пати дневно.

БАЈКАЛСКИ ШЛЕМНИК – 60 капсули

Моќта на недопрената природа за поддршка на имунолошкиот систем во борба со вирусите!



Код: 30034
Цена: 890 ден.

Бајкалскиот шлемник е билка која во традиционалната кинеска медицина се употребува преку илјада години и има многу докажани придобивки за нашето здравје. Во стандардизираниот екстракт од корен на Бајкалски шлемник влегуваат голем број амино киселини, етерични масла, флавоноиди, стероли и др. Од најголема важност како основна биолошко активна компонента во неговиот состав е бајкалинот. Голем број клинички испитувања го докажуваат антивирусното дејство на бајкалинот, особено против инфлуенца вирус тип A и B и респираторно синцицијален вирус (RSV), кои што се меѓу основните причинители на инфекции. Бајкалинот го блокира врзувањето на вирусот со клетката-домаќин и го спречува размножувањето и ширењето на вирусот во организмот. Бајкалинот има и антиинфламаторно дејство, го подобрува антиинфламаторниот одговор на организмот, потиснувајќи го ослободувањето на проинфламаторни цитокинини. Има антиоксидантна активност и ја подобрува имунолошката заштита зголемувајќи го производството на интерферон.

Dr.Nature го препорачува при: грип и вирусни инфекции, респираторни заболувања (бронхитис, пневмонија), бактериски и габични инфекции, како превентива во период на чести респираторни инфекции, за поддршка на имунитетот, при инфекции на дигестивниот систем, при стрес и напнатост, при недостаток на тонус и енергија.

Состав на една капсула: екстракт од Бајкалски шлемник (Scutellaria baicalensis) - 200 mg, од кои 80 % бајкалин (160 mg).

Начин на употреба: се препорачува 1 до 2 капсули на ден наутро пред јадење.

МОНОЛАУРИН – 90 капсули

За природна поддршка на имунитетот уште од првиот ден!
Една од најперспективните природни производи за борба против вирусите!



Код: 30020
Цена: 1210 ден.

Монолауринот е еден од најперспективните природни производи кој има моќно дејство против вирусните и бактериските инфекции и е потполно безбеден и нежен за употреба и нема никакви контраиндикации. Лауринската киселина ја има единствено во мајчиното млеко и во кокосовото масло и со нејзино внесување во организмот се претвора во монолаурин. Употребата на монолауринот е побрза и поефикасна од лауринската киселина, заради целосната апсорпција на монолаурин во организмот. Монолауринот ги уништува сите вируси кои што имаат липидна мембрана бидејќи молекулата на монолауринот е со иста големина како масните молекули на вирусите и на тој начин се апсорбира во масниот слој на клетката и ја распаѓа клеточната обвивка на вирусот, оневозможувајќи врзување и влегување на вирусот во клетките домаќини и на тој начин се запира инфекцијата и размножувањето на вирусот. Исто така делува на зголемување на активноста на клетките одредени за одбрана на организмот и овозможува брз имунолошки одговор на организмот кога е нападнат од бактериски и вирусни инфекции. Во борбата со бактериските инфекции, монолауринот има способност да инхибира голема група на грам позитивни бактерии (стрептококи, стафилококи, Escherichia coli, Helicobacter pylori, Borrelia burgorferi) и да го спречи производството на бактериски токсини што доведува до намалување на токсичноста предизвикана од бактериски инфекции. Исто така голем број на истражувања го потврдуваат неговото моќно дејство против габични инфекции и габични квасци (како што се кандидата, трихофитијата и др.).

Dr.Nature го препорачува при: борба на организмот со различни инфекции, поддршка при вирусни, бактериски, габични заболувања, за зајакнување на имунитетот и имунолошкиот одговор на организмот, потпомага при хроничен замор, како моќен антиоксидант кој го намалува штетното дејство на слободните радикали, при вируси предизвикани од грип, цитомегаловирус, херпес (I и II), пневмонии, РНК и ДНК вируси и др.

Состав на една капсула: монолаурин (глицерол монолаурат) - 300 mg.

Начин на употреба: се препорачува превентивно по 1 капсула 3 пати дневно. При појава на први симптоми на инфекција по 3 капсули 3 пати дневно.

КОРА ОД БЕЛА ВРБА – 60 капсули

100% природно средство против болки и воспаленија!

Природен аспирин безбеден и нетоксичен за употреба!



Код: 30085
Цена: 815 ден.

Кората на белата врба (Salix alba) се користела за лечење на многу болести уште од антиката. Главна компонента на кората од бела врба е салицинот - природна материја, фармаколошки слична на ацетилсалицилната киселина (аспирин). Извршените истражувања покажуваат дека позитивниот ефект на салицинот трае подолго во споредба со ефектот од ацетилсалицилната киселина. Екстрактот од кората на бела врба има моќно антиинфламаторно, антипиретично и аналгетско дејство, а исто така ја подобрува коагулацијата на крвта и го штити кардио-васкуларниот систем.

Dr.Nature ги препорачува: за намалување на болките и воспаленијата, при симптоми на грип и настинка, при главоболки и мигрени, при болки во коските и мускулите, артритис, ревматски болки, висока температура, при забоболка, при менструални тегоби, за нормална коагулација на крвта, за превенција од срцев и мозочен удар.

Состав на една капсула: екстракт од кора на бела врба (15% салицин) – 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати дневно.

ХЛОРЕЛА – 90 таблети

100% чиста Chlorella vulgaris! Супер зелена формула!



Код: 30023
Цена: 985 ден.

Хлорелата е слатководна алга која е исклучително богата со биолошко активни материи и содржи најголема концентрација на хлорофил, по што го добива и своето име. Моќно го алкализира организмот и го прочистува од токсини, тешки метали и наслаги. Придонесува за зголемување на нивото на кислород во крвта и на тој начин придонесува за подобро снабдување со кислород на сите клетки и ткива во организмот. Хлорелата изобилува и со протеини и влакна, па е извонредна за вегетаријанци, спортисти и луѓе кои се на строги диети. Популарноста на хлорелата и алгите се зголемува по нивната употреба од страна на астронаутите на нивните мисии во вселената.

Dr.Nature ја препорачува за: чистење на организмот од штетни метаболни продукти; токсини и тешки метали; за поддршка на организмот при хемотерапија и зрачење; за прочистување на крвта, црниот дроб, бубрезите и цревата; за забрзување на метаболизмот; зајакнување на имунолошкиот систем и за активирање на одбрамбениот механизам во борба со вируси и бактерии; за борба против оксидативен стрес; за смирување на воспаленија во организмот; за поддршка на работата на цревата и одржување на рамнотежа на цревната микрофлора; за поддршка на работата на мозокот и нервниот систем; за зголемување на виталноста и енергијата.

Состав на една таблета: хлорела (Chlorela vularis) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2-3 таблети на ден (препорачливо 30 минути пред јадење).

СПИРУЛИНА – 90 таблети

100% Spirulina Pacifica Hawaii! Супер зелена формула за енергија, имунитет и виталност



Код: 30024
Цена:755 ден.

Спирулината е едноклеточна сино-зелена алга која е позната како „супер храна“ или „храна на иднината“ заради високите концентрации од биолошко хранливи материи кои не можат да се сретнат во ниту еден друг вид на растение. Имено, спирулината содржи од 61 до 71% чисти протеини со совршен баланс на сите амино киселини, различни витамини, минерали и каротеноиди, бета-каротин, железо, витамини Е и В12, хлорофил, калциум, селен, магнезиум, цинк, бакар, хром, ензими и есенцијални масни киселини (вклучувајќи ја и гамалиноленската киселина која се содржи во мајчиното млеко). Заради својот биолошки избалансиран состав спирулината се препорачува како додаток во вегетаријанскиот и макробиотичкиот начин на исхрана, при строги диети за слабеење, посебен режим на исхрана на спортисти и лица со хипогликемија. Спирулината е 100% природна, без конзерванси, лесно сварлива, погодна за употреба за сите возрасти и е извонреден природен извор на сите неопходни минерали и витамини. Наменета е за сите кои имаат потреба од дополнително прочистување на организмот, црниот дроб и цревата. Исто така се препорачува на лица со анемија кои имаат потреба од зајакнување на крвта и за лица со намален имунитет.

Dr.Nature ја препорачува за: целосна поддршка на организмот; за зајакнување на имунитетот; за регенерација на ткивата и органите; за нормализирање на холестерол и шеќер во крвта; за спречување на липидна оксидација; за прочистување на организмот; за подобрување на железото во крвта кај лица кои се анемични; за поддршка на сите органи и системи во организмот; за поддршка на метаболичките процеси; за подмладување, енергија и виталност на организмот.

Состав на една таблета: спирулина (100% Spirulina Pacifica Hawaii) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2-3 таблети на ден (препорачливо 30 минути пред јадење).

ХЛОРОФИЛИН – 60 капсули

Моќен природен антиоксиданти! За ефикасна ДНК заштита!



Код: 30036
Цена: 1135 ден.

Хлорофилинот е зелена природна и безбедна активна формула на хлорофил која има значително зголемена ефикасност и апсорпција во организмот. Допринесува за зајакнување на имунолошкиот систем. Тој е моќен антиоксидант кој ги штити клетките од оксидативен стрес и го потпомага клеточното дишење. Благопријатно делува врз состојбата на кожата и потпомага во зараснувањето на раните. Допринесува за подобрување на работата на дигестивниот систем и за заштита и подобрување на работата на дебелото црево (ја одржува слузницата на дебелото црево здрава и мазна). Потпомага за одржување на нормалната телесна тежина. Неколку истражувања потврдуваат дека хлорофилинот потпомага во намалувањето на оштетувањата на ткивата предизвикани од радиоактивно и хемиско зрачење на организмот. Дополнително хлорофилинот ја потпомага и регенерацијата на оштетените ткива. Научни истражувања покажуваат дека хлорофилинот ја подобрува крвната слика и го зголемува бројот на црвени крвни зрнца и се спротивставува на врзувањето на туѓи хемиски молекули со ДНК структурите во клетките во организмот и на тој начин обезбедува активна ДНК заштита на телото. **Dr.Nature го препорачува за:** поддршка на имунолошкиот систем; за прочистување на организмот; за алкализирање и одржување на pH рамнотежа во организмот; за одржување на здравјето на кожата и слузниците; за контрола на телесната тежина; за исфрлање на токсините од организмот; за потпомагање на клеточното дишење; за успорување на процесите на стареење на клетките; за надминување на проблеми со лош здив; за подобрување на работата на дигестивниот систем и цревата. **Состав на една капсула:** хлорофилин - 100 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1-2 капсули на ден.

БОРОВ ПОЛЕН – 120 таблети

Уникатната моќ на природата во една таблета!



Код: 30073
Цена: 1620 ден.

Dr.Nature нуди висококвалитетен боров полен со докажано потекло и максимална биолошка активност, загарантиран од структурата на скршената клеточна мембрана. Боровиот полен е уникатен производ од природата со исклучително богат и високо концентриран состав. Содржи повеќе од 260 скапоцени биолошки активни супстанции во совршени пропорции кои преку долгогодишни научни истражувања потврдено дејствуваат синергично на телото, со што ги балансираат и регулираат различните процеси, органи и системи.**Dr.Nature ги препорачува за:** зајакнување на имунитетот и потпомага при побрзо закрепнување на истоштен организам од чести боледувања; делува како моќен антиоксиданс кој ги неутрализира слободните радикали од различно потекло, потпомага при респираторни заболувања, го регулира метаболизмот на липидите, ги нормализира вредностите на холестерол и триглицериди во крвта, ја потпомага правилната работа на срцето и кардио-васкуларниот систем, го регулира крвниот притисок, ги тонизира крвните садови и ја подобрува циркулацијата, го заштитува црниот дроб и ја потпомага неговата регенерација, го нормализира излачувањето на жолчната киселина, го подобрува варењето на храната, потпомага при воспалителни и хронични заболувања на желудникот и цревата (гастритис, колитис, чир, запек), потпомага при проблеми со простатата - простатитис, хиперплазија, аденом, како и при сексуални дисфункции, потпомага при балансирање на метаболичките процеси во организмот и потпомага при ендокринолошки проблеми, потпомага при акни и при други кожни проблеми, ги успорува процесите на стареење на клетките, го елиминира заморот, ја враќа виталноста и тонусот на телото. **Состав на една таблета:** боров полен со скршена клеточна мембрана (Pinus massoniana Lamb) – 500 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 2 таблети два пати на ден.

ВИТАМИН D3 – 90 капсули

Сончевиот витамин – извор на здравје и силен имунитет!



Код: 30017
Цена: 715 ден.

Повеќе од 30% од луѓето имаат недостаток на витамин D3 во организмот. Една од најважните функции на витаминот D е да го регулира нивото на калциум и фосфор во организмот и да обезбеди нормална густина на коските и здравје на забите. Покрај тоа го спречува таложењето на калциум во органите, особено во бубрезите. Оптималното ниво на витамин D му потпомага на организмот при грип и настинки преку активирање на имунолошкиот систем. Според многу истражувања внесувањето на витамин D во есенскиот период делува како „вакцина против вирусите", односно го штити и зајакнува организмот од несаканите сезонски настинки и грипови. Покрај тоа се употребува за профилакса и лекување на рахитис, остеопороза, косопад, за зараснување на рани и чирови. Витаминот D го добиваме преку изложување на сонце, некои видови храна и додатоци во исхрана. Бидејќи не е застапен многу во храната и се повеќе го избегнуваме изложувањето на сонце, се понеопходна е суплементацијата на Витамин D како би го снабдиле организмот со потребната соодветната количина.

Dr.Nature го препорачува за: нормална апсорпција и искористување на калциум и фосфор; за нормално ниво на калциум во крвта; за зачувување на здравјето на коските, забите, мускулите; за зајакнување и поддршка на работата на имунолошкиот систем и одбрамбените сили на организмот; за заштита од инфекции особено на дишните патишта; за одржување на коскената густина; за спречување на развој на Алцхајмер и други когнитивни нарушувања кои се појавуваат со текот на годините; за намалување на воспаленијата во организмот; за потпомагање при зараснувањето на рани и за превенција од развој на карцином (особено во дигестивниот тракт).

Состав на една капсула: витамин D3 (холекалциферол) – 400 IU.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.

КОЛОСТРУМ СО МУЛТИВИТАМИНИ – 45 пастиљи

Природна заштита и поддршка на детскиот организам!
Со неодоливи вкусови на дива јагода и кајсија
за деца и возрасни!



Код: 30072
Цена: 815 ден.

Dr.Nature ги препорачува за: општи проблеми со здравјето на децата над 3 годишна возраст, намален имунитет, чести боледувања, пред и за време на сезона на епидемии на вируси и грип, воспаленија, за комплетна поддршка на детскиот организам во фаза на растење, за добра концентрација и меморија.

Состав на една таблета: колострум – 30 mg, биотин – 12,5 μg, витамин B1 – 0,275 mg, витамин B2 – 0,350 mg, витамин B6 – 0,350 mg, витамин B12 – 0,625 μg, никотинамид – 4 mg, пантонтенска киселина – 1,5 mg, фолна киселина – 50 μg, витамин C – 20 mg, витамин E – 3 mg, витамин D3 – 1,25 μg.

Начин на употреба: за деца над 3 годишна возраст – 2 пастиљи на ден, за возрасни – 4 пастиљи на ден.

ПРОБИОТИК КОМПЛЕКС ПЛУС – 10 капсули


За здрава цревна микрофлора!

Dr.Nature **Probiotic complex +** се капсули со највисока отпорност на пробиотските бактерии на собна температура, со специфичен пробиотски сој Bacillus coagulans кој гарантира ефикасно внесување во желудникот на живите бактерии, стабилни при зголемена влажност за долг живот на пробиотските бактерии во цревата.

Dr.Nature ги препорачува за: нарушена микрофлора на дигестивниот тракт, алергии од храна, проблеми со варењето на храната од различен карактер, воспалителни процеси и гнилост во цревата, по антибиотска терапија, дисбактериоза, пад на имунолошкиот систем.

Состав на една капсула: 10 млрд живи пробиотски бактерии од специфичен пробиотски сој Bacillus coagulans.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.



Код: 30069
Цена: 490 ден.

ПОСТБИОТИК ПЛУС – 30 капсули

Првиот постбиотик! Биолошко активни компоненти од 12 соеви корисни пробиотски бактерии со директно дејство во цревата!

Dr.Nature **Постбиотик +** е првиот револуционерен постбиотик кој што потпомага за здравјето во желудникот и цревата и за силен имунолошки систем со патентирана состојка 37Labtico®HP, која што ги соединува дејствата на биолошко активни метаболити од 12 соеви на корисни млечно-кисели бактерии во комбинација со патентиран висококвалитетен пребиотик Floracia™. Благодарение на револуционерните и патентирани компоненти Dr.Nature Постбиотик + обезбедува брз, безбеден, ефикасен и траен баланс во цревата.

Зошто Dr.Nature Постбиотик + е поефикасен од обичните пробиотици?

- Делува брзо и не е потребно да се размножи во цревата
- Отпорен е на желудочна киселина и антибиотици
- Не е потребна одредена специјална температура за чување и складирање
- Содржи метаболити од 12 корисни пробиотски соеви



Код: 30039
Цена: 755 ден.


Dr.Nature го препорачува при: При употреба на антибиотици; при проблеми со варењето на храната, подуеност и гасови; намален имунитет и често боледување; при грип и други вирусни заболувања; во период на сезонски респираторни и гастро-интестинални инфекции; при намалена апсорпција на хранливи материи, дури и при нетолерантност на лактоза; при габични и бактериски инфекции; болки во стомакот, запек и дијареа; воспалителни заболувања на цревата, па дури и синдром на нервозни црева; стрес и бавен метаболизам; при лоши навики на исхрана, покачена телесна тежина и гојазност.

Состав на една капсула: 37 Labtico®HP – 200 mg и Floracia™ – 200 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден (пред или по јадење).

КОЛОСТРУМ 35 – 30 капсули

Силата на првото мајчино млеко за природен имунитет и регенерација!



Состав на 1 капсула: 350 mg колострум од кои што минимум 35% имуноглобулин G (IgG) – 122,5 mg.

Начин на употреба: по 1-2 капсули на ден, наутро 20-30 минути пред јадење со чаша вода. Производот може да се дава и на деца над 1 година – по една капсула на ден.

Код: 30070
Цена: 1170 ден.

РОДИОЛА РОЗЕА – 60 капсули

Моќен адаптоген, извор на сила и енергија!



Родиолата (Rhodiola Rosea) или „златен корен" е еден од најмоќните природни адаптогени кој расте на карпести и планински места на надморска висина над 2000 метри. Во народната медицина се применува уште од античкиот период како средство за намалување на заморот, за зголемување на работоспособноста, при слабокрвност, импотентност, фригидност и сл. Содржи етерични масла, гликозиди, флавоноиди, органски киселини, шеќери, танини и др. Го стимулира централниот нервен систем, со што ја подобрува менталната и физичката работоспособност. Го подобрува апетитот, спиењето, срцевата активност. Ги подобрува перцепциите, ја засилува меморијата, го заострува вниманието. Уште во време на Советскиот сојуз оваа билка била користена за ментално здравје, против депресија, силен фокус и меморија и зголемена физичка и психичка издржливост. Делува одлично при стрес, физички напор, несоница, срцева нервоза.

Код: 30027
Цена:1590 ден.

Dr.Nature ја препорачува за: помош на организмот да се прилагоди на стресни ситуации и промени во условите на живеење; депресија и анксиозност; потпомагање на организмот при хроничен замор и истоштеност; психички замор; проблеми со концентрација и помнење; ја зголемува енергијата и издржливоста на организмот; за нормализирање на сонот; за ублажување на стресот; за зајакнување на имунитетот; за помош при сексуални дисфункции кај двата пола, особено кај мажите.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од корен на родиола (Rhodiola rosea L) (3% розавини, 1% салидрозиди) - 200 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули на ден.

АШВАГАНДА ФОРТЕ – 60 капсули

За енергија и виталност! Природен чувар на организмот од стрес! Со Sensoril® - патентиран екстракт од Ашваганда кој содржи 10% витанолиди!



Код: 30026
Цена: 1170 ден.

Sensoril® е стандардизиран и висококонцентриран патентиран екстракт од Ашваганда. Неговата висока ефикасност е докажана од 14 независни и различни контролирани клинички студии. Ашвагандата во Индија и на далечниот исток е позната како кралица на Ајурведата и е една од најценетите билки заради изобилството на биолошко активни материи со широк спектар на дејство. Нејзиното дејство се определува од група биолошко-активни компоненти кои што ги има во нејзиниот состав – витанолидни гликозиди. Патентираниот екстракт SENSORIL® е добиен од коренот и листот на ашваганда и е стандардизиран до максимално ниво на активните материи во растението (10% витанолиди, 32% олигосахариди, 0,5% витаферин А) благодарение на што се зголемува апсорпцијата и се максимизира ефикасноста на Ашвагандата во организмот. Од низата направени клинички студии за дејството на патентираниот екстракт од ашваганда - SENSORIL® се докажува дека се подобрува нивото на енергија и општата состојба на организмот, се намалуваат нивоата на кортизол (кој се зголемува како последица на хроничен или ненадеен стрес), се зголемува нивото на енергија на клеточно ниво, испитаниците се чувствуваат подобро во текот на целиот ден, нивните когнитивни функции се подобрени, се подобрува работата на нервниот систем, делува антиоксидантно и ги заштитува невроните од оштетување, му дава поддршка на организмот полесно да се справи со стресот, го подобрува квалитетот на сон, ја зголемува психичката и физичка издржливост на организмот. **Dr.Nature ја препорачува за:** потпомагање на организмот во справување со стрес предизвикан од различни фактори и намалување на неговите последици; за подобрување на работата на нервниот систем и когнитивните способности; за зголемен фокус и концентрација; за зголемување на енергијата и виталноста; за зголемување на издржливоста при тешки физички и психички оптоварувања; за успорување на процесите на стареење; за хормонален баланс и за подобрување на сексуалната активност. **Состав на една капсула:** Sensoril® - патентиран екстракт од лист и корен на Ашваганда (Withania somnifera) (10% витанолиди, 32% олигосахариди, 0,5% витаферин А) – 150 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1-2 капсули на ден.

АЛОЕ ВЕРА ЧИСТ СОК – 1000 ml

99,5% екстра чист сок за здравје, убавина и виталност



Код: 30820
Цена: 1740 ден.

Алое верата е една од најпопуларните билки и важи за чувар на нашето здравје и благосостојба благодарение на синергиското дејство и избалансираниот состав на преку 75 биолошко активни компоненти кои ги содржи. Dr.Nature чистиот сок се добива од срцевината на листови на Aloe barbadensis M обработено под висок притисок (HPP) и ладно цедено кое гарантира максимално зачувување на сите биолошко активни компоненти кои ги содржи и обезбедување на производ со најголем квалитет и ефикасност. Сокот од Алое Вера е моќен извор на: аминокиселини (од кои 8 незаменливи), витамини (А, В1, В2, В6, В12, С и Е, Фолна киселина и Никотинамид), микро и макроелементи (Калциум, Натриум, Железо, Калиум, Хром, Магнезиум, Манган, Бакар и Цинк). Сокот од Алое има докажано имуномодулирачко, антиоксидантно, противоспалително и антиканцерогено дејство. Ги подобрува метаболичките процеси во организмот. **Dr.Nature го препорачува при:** намален имунитет и пад на имунолошкиот систем; проблеми со дигестивниот систем, варењето на храната, гастритис, колитис, чир и други воспалителни заболувања на слузокожата; алергии, кожни проблеми, егземи, дерматитис и др.; за детоксикација на организмот од токсини и штетни метаболни продукти; при зголемени вредности на холестерол, триглицериди, шеќер во крвта; за потпомагање на организмот при малигни заболувања; при воспалителни процеси во организмо;, бактериски и вирусни инфекции; замор и истоштеност; за одржување на алкален баланс во организмот. **Состав на една доза:** 30 ml содржат 29,85 ml пречистен сок од срцевината на листовите на Алое Вера (Aloe Barbadensis M.).**Начин на употреба:** 30 ml наутро пред појадок. Да се протресе пред употреба. ***!!!Поради природното потекло на состојките, во определени серии може да се забележи разлика во конзистенцијата, бојата и вкусот, што не го нарушува квалитетот на производот.***

ЛЕВЗЕЈА – 60 капсули

За енергија, сила и имунитет!



Код: 30007
Цена: 1210 ден.

Левзејата е една од најскапоцените билки која на прв поглед многу наликува на Белиот трн, која е специфична за Алтајскиот регион и со векови наназад се употребувала од Монголските, Кинеските и Руските билкари. Се верува дека оваа билка им помагала да останат витални, бодри, издржливи, со бистар ум и сексуално активни до длабока старост над 100 години. Во нашите капсули се употребува стандардизиран екстракт со максимална концентрација од 50 % на екдистерон кој е главна компонента врз која се должи широкиот спектар на дејство на левзејата. Левзејата има благопријатно дејство врз нервниот, имунолошкиот, кардио-васкуларниот и репродуктивниот систем и го подржува организмот на клеточно ниво. Екстрактот од левзеја ги зголемува перформансите на телото и му овозможува на организмот да се прилагоди на стресот. Покрај тоа екстрактот од левзеја е моќен извор на енергија – дава сила и издржливост при зголемени физички и психички оптоварувања. Левзејата го подобрува метаболизмот на протеини и се препорачува при високопротеински режим на исхрана, бидејќи доброто разградување и апсорбирање на протеините влијае на метаболизмот и на брзото закрепнување на организмот по тешки физички оптоварувања и тренинзи и го стимулира растот на мускулната маса. Исто така екстрактот од левзеја допринесува за зголемувањето на нивото на хемоглобин и црвени крвни зрнца.

Dr.Nature ја препорачува при: тешки и исцрпувачки физички и психички оптоварувања; замор, истоштеност и исцрпеност; намален имунитет, стрес; нервни растројства – проблеми со спиењето, депресија, анксиозност и промени во расположението; сексуални дисфункции и намалено либидо; проблем со разградувањето на протеини и таложење на маснотии; проблеми со црниот дроб од прекумерна конзумација на алкохол.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од корен на Левзеа (Leuzea carthamoides) (50% екдистерон) - 50 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули наутро.

МАСЛО ОД ЛУК – 90 капсули

За здрав кардио-васкуларен систем и регулирање на вредностите на холестерол!



Код: 30014
Цена:815 ден.

Квалитетите на лукот биле познати уште пред илјадници години. Една од највредните состојки на лукот претставува етеричното масло наречено алицин. Алицинот го спречува развојот на над 20 вида бактерии. Со користење на специјална технологија се добива стандардизиран екстракт од лук со што се заштитуваат сите негови лековитите состојки.

Dr.Nature го препорачува при: проблеми со регулирање на холестеролот и работата на кардио-васкуларниот систем; артеросклероза; хипертонија; зголемени вредности на шеќер во крвта; вирусни и респираторни заболувања; заболувања на респираторниот систем; воспалителни процеси; намален имунитет; ја потпомагаат циркулацијата; делуваат антивирусно, антибактериски и против габично.

Состав на една капсула: масло од лук како стандардизиран екстракт (500:1), соодветно на 1000 mg лук (50% алицин) – 2 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули на ден, наутро и навечер пред јадење.

НАТОКИНАЗА 100 – 45 капсули



Код: 30030
Цена: 1325 ден.

За здраво срце и крвни садови! При проблеми со циркулацијата и зголемен ризик од тромбоза!

Натокиназата е протеолитски ензим со фибринолитичка активност. Ензимот се употребува во народната медицина како средство за здраво срце и крвни садови. Токму затоа во последните години се спроведуваат голем број истражувања, кои што докажуваат, дека натокиназата е едно од најдобрите природни средства за потпомагање на работата на срцето, крвните садови и микроциркулацијата. Натокиназата се синтезира од традиционалната јапонска состојка Натто (ферментирани зрна од соја во присуство на бактеријата bacillus subtilis). Натокиназата има докажано дејство во разградувањето на фибринот и директно уништување на тромбовите во крвните садови. Механизмот на делување на ензимот трае во текот на целото денонoќие, што наложува еднократна употреба. Така, ризикот од појава на мозочен удар и инфаркт се намалува во текот на целиот ден, дури и во раните утрински часови, кога веројатноста од појава на мозочен удар и инфаркт е најголема. Придобивките од натокиназата се чувствуваат и го опфаќаат целиот кардио-васкуларен систем и сите крвни садови и се од суштинско значење за превенција на голем број заболувања на срцето и крвните садови. **Dr.Nature ја препорачува при:** исхемична болест на срцето; намалување на ризикот од појава на тромбоза; превенција од инфаркт и мозочен удар; тромбофлебитис; длабока венска тромбоза; зголемени вредности на холестерол и крвен притисок; атеросклероза; метаболички синдром; полиневропатија; лоша исхрана и стрес; кардио-васкуларни заболувања; нарушувања во циркулацијата. **Состав на една капсула:** натокиназа (природен ензим добиен од контролирана ферментација на Bacillus subtilis со активност од 20000 Fu/g) - 100 mg. Начин **на употреба:** се препорачува по 1 капсула на ден, навечер по јадење. ***!!!Производот не се препорачува на бремени жени и доилки, луѓе кои се алергични и имаат нетолеранција на соја и луѓе со зголемен ризик од крварење.***

СЕРАЗИ ПЛУС – 60 капсули



Код: 30032
Цена: 1170 ден.

Природно средство против болка, оток и воспаление! Силата на протеолитските ензими за здраво срце и дишни патишта!

Протеолитската ензимска терапија наоѓа се поширока примена при различни состојби и заболувања. **Dr Nature Серази плус** содржи патентирана протеолитска ензимска мешавина Serrazimes® со висока активност (добиена од габите Aspergillus oryzae и Aspergillus melleus) која што има способност брзо, ефикасно и безбедно да ги разградува протеинските соединенија и да спречува голем број симптоми, поврзани со воспаленија и заболувања на многу системи во организмот. Serrazimes® е создаден да потпомогне на респираторниот, имунолошкиот, кардио-васкуларниот и локомоторниот систем. Serrazimes® делува систематски на одржување на балансирана реакција на имунолошкиот систем, преку помагање да се разложат протеинските имунолошки клеточни секрети, со што се овозможува нивно отстранување. На овој начин, Serrazimes® може да го подобри васкуларното и респираторното здравје. Serrazimes® допринесува за ублажување на болките, ја олеснува елиминацијата на воспалителни едеми и разложувањето на бактериските биофилм што допринесува и до зголемување на ефикасноста на антибиотиците и го забрзува разводнувањето и елиминацијата на шлајм, гној и хематом. **Dr.Nature го препорачува при:** воспалителни процеси на белите дробови (во акутна фаза и фаза на заздравување); артроза и остеоартритис (гонартроза, коксартроза); повреди на локомоторниот систем; после операции; при стоматолошки интервенции (при вадење на заби за намалување на отокот); при рани кои што тешко зараснуваат; при зголемено физичко оптоварување; при зголемен ризик од мозочен удар и инфаркт. **Состав на една капсула:** патентирана протеолитска ензимска мешавина Serrazimes® со исклучително висока активност од 606 000 U/g - 33 mg, што доведува до брз и сигурен резултат уште при првата употреба. Капсулите се произведени со специјална патентирана DR-растителна формула која е гастро-отпорни и придонесува за максимално оддување на активноста на капсулите. **Начин на употреба:** се препорачува 1 до 3 пати по 1 капсула на ден, по можност 30 минути пред или 2 часа по јадење.

ФИБРО СТОП – 60 капсули

Револуционерна комбинација од ензими, биофлавоноиди, витамини и минерали за здрав респираторен систем, срце, крвни садови, зглобови и мускули!



Код: 30033
Цена: 1620 ден.

Dr.Nature Фибро стоп содржи патентирана протеолитска ензимска мешавина со висока активност, моќни антиоксиданти, витамини и минерали кои што имаат способност брзо, ефикасно и безбедно да спречат голем број симптоми, поврзани со воспалителни процеси и заболување на многу системи во организмот. **Serrazimes®** протеолитска мешавина од ензими со висока активност која има способност брзо, ефикасно и безбедно да ги разградува протеинските соединенија и да спречува голем број симптоми, поврзани со воспаленија и заболувања на многу системи во организмот. **Кверцетинот** е моќен антиоксидант кој го заштитува организмот од оксидативен стрес. Поседува моќно антиинфламаторно дејство, ги стимулира одбранбените сили на организмот при вирусни и бактериски инфекции и преку блокирање на хистаминот ги намалува воспалителните процеси. Бромелаинот е ензим кој помага во спречување на отекување на дишните патишта и лачењето на секретот и го олеснува дишењето. Комбинацијата од **фолна киселина, витамин B6 и витамин B12** придонесува за намалување на вредностите на хомоцистеин во крвта. На тој начин се намалува ризикот од создавање на атеросклеротични наслаги и се намалува веројатноста од појава на мозочен удар и инфаркт. **Селенот** го штити организмот од штетното дејство на слободните радикали и ја активира виталната енергија, ги регулира функциите на срцето, црниот дроб и сите витални органи. **Dr.Nature го препорачува при:** воспалителни процеси на белите дробови (во акутна фаза и во фаза на заздравување); по повреди и хируршки интервенции; артроза и остеоартритис; атеросклероза; рани кои потешко зараснуваат; покачена коагулација; зголемен ризик од мозочен удар; при астма и бронхит; при воспаленија на синусите (синузит); при отоци и болки во усната шуплина. **Состав на една капсула:** Serrazimes – 33 mg (со активност 606000 U/g), кверцетин – 110 mg, бромелаин - 220 mg (со активност 1200 GDU/g), фолна киселина – 70 µg, витамин B6 – 0.5 mg, витамин B12 – 1 µg, селен – 20 µg. **Начин на употреба:** се прпорачува по 1 капсула 3 пати на ден, 30 минути пред или 2 часа по јадење.

ЛИСТОВИ ОД БАМБУС – 120 таблети

Најдобриот пријател на срцето и крвните садови!



Код: 30079
Цена:2005 ден.

Екстрактот од листови од бамбус претставува поликомпонентен комплекс на синергиски активни супстанции со моќен антиоксидативен ефект, со висока концентрација на флавони - дел од групата флавоноиди со исклучителна биолошка активност. Повеќегодишните истражувања покажуваат дека приемот на екстракт од листови од бамбус ефикасно помага за нормално функционирање на кардио-васкуларниот систем, уринарниот, нервниот и имунолошкиот систем. .**Dr.Nature ги препорачува при:** хипертензија; хиперлипидемија; коронарни заболувања; нарушена работа на срцето, како и при нарушувања на церебралната циркулација; го регулира нивото на липиди; ефикасно ги неутрализира слободните радикали; ја активира ендогената антиоксидантна активност на организмот и ги заштитува клеточните мембрани и биолошки структури во организмот; ги проширува и зајакнува sидовите на крвните садови и ја спречува појавата на артеросклероза; го нормализира срцевиот ритам; помага при детоксикација на организмот и прочистување на крвта; помага при алкализација на телото; при проблеми со мокрење и полесно исфрлање на акумулираната мочна киселина и ја потпомага работата на уринарниот тракт. **Состав на една таблета:** екстракт од листови на бамбус (Lophatherum gracile) со докажано потекло од диви растенија - 350 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 2 таблети 2 пати на ден.

СЕМКИ ОД ГРОЗЈЕ СО ВИТАМИН С – 60 капсули

Моќно антиоксидантно дејство и јак имунитет!



Код: 30090
Цена: 640 ден.

Капсулите со **семки од грозје и витамин С** претставуваат моќна комбинација која има докажано антиоксидантно дејство и допринесува за зачувување на правилната работа на кардио-васкуларниот систем.

Dr.Nature ги препорачува: за подобрување на циркулацијата; за заздравување на крвните садови; за превенција од инфаркт и мозочен удар; за спречување на проширени вени; за смирување на воспалителни процеси; за регулирање на холестеролот и крвниот притисок; за зајакнување на имунолошкиот систем и одбранбените функции на организмот; за поголема енергија и виталност; за подобрување на помнењето и когнитивните функции; при синдром на студени екстремитети; побрзо закрепнување по боледување; за уништување на токсините во организмот.

Состав на една капсула: екстракт од семки од грозје (95% проантоцианидини) – 400 mg, витамин С – 10 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули на ден.

ПОЛИФЕНОЛ ZONE 22 – 60 капсули

Моќен имуностимулатор со антиоксидантно и антиинфламаторно дејство!



Код: 30091
Цена: 1250 ден.

Dr.Nature Полифенол zone 22 е моќна комбинација за здравје и долговечност, која содржи биоактивни полифеноли од 22 различни овошја и зеленчуци со исклучително моќно антиоксидантно дејство. Полифенолите се хемиски соединенија кои најмногу ги има во овошјето и зеленчукот и имаат моќно антиоксидантно дејство. Нивната примарна улога е да се борат против слободните радикали и тивките воспаленија кои се главна причина за низа најтешки заболувања (како што се малигни заболувања, срцев и мозочен удар, Алцхајмер, дијабетис, невродегенеративни заболувања и др.), истовремено намалувајќи ги негативните ефекти од оксидативниот стрес врз клетките.

Dr.Nature ги препорачува за: за намалување на воспалителните процеси во ткивата; за превенција од мозочен и срцев удар; за намалување на холестеролот и високиот крвен притисок; за зголемување на виталноста и енергијата; за подобрување на метаболизмот; за зајакнување на имунолошкиот систем и одбранбените функции на организмот; за регулирање на телесната тежина; за подобрување на видот; за подобрување на кожата; за поддршка и подобрување на работата на дигестивниот систем; за превенција од малигни заболувања.

Состав на една капсула: Екстракт Oxxypea FP – 250 mg, витамин С – 100 mg. Екстракт Oxxypea FP содржи: екстракт од семки од грозје - 30%, екстракт од зелен чај - 20%, екстракт од грозје - 10%); микс од овошје- 10% (боровинки - 25%, грејпфрут – 13%, папаја –8%, ананас – 8%, јагоди – 8%, јаболки – 8%, кајсии - 8%, цреши - 8%, портокали – 8%, црни рибизли- 6%); микс од зеленчуци– 10% (брокули – 22%, зелка – 22%, кромид – 17%, лук – 17%, аспарагус – 12%, маслинки – 5%, краставици – 5%); исушени домати во прав - 5%; сок од моркови - 5%.

Начин на употреба: се препорачува по 1 до 2 капсули на ден.

УЛТРА ОМЕГА 3 – 90 капсули

Ултра прочистено и молекуларно дестилирано рибино масло со гарантирано најдобар квалитет на пазарот!



Код: 30009
Цена: 1895 ден.

Dr.Nature Ultra Omega 3 рибиното масло е добиено со молекуларна дестилација, што резултира со концентрација на EPA од 35,69% и DHA 24,82%, со што со секоја капсула внесувате 605 mg EPA + DHA. Ова го прави производот Ultra Omega 3 најдобар избор за секој кој го цени вистинскиот квалитет и добрите резултати.

Dr. Nature ги препорачува при: проблеми со кардио-васкуларниот систем; за регулирање на липидниот баланс и нивоата на холестерол и триглицериди; при проблеми со висок притисок; потпомага во спречување на различни воспаленија во организмот; потпомага при различни проблеми со коските и мускулите; ја подобрува работата на нервниот систем; потпомага при депресии и вознемиреност; потпомага во одржување на добар вид; го подобрува сонот; го подржува имунолошкиот систем и потпомага за одржување на здрава кожа и коса.

Состав на една капсула: EPA - 356,9 mg; DHA - 248,2 mg, витамин E - 8,04 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден. За балансиран зонски режим на исхрана 40:30:30: се препорачуваат 3-4 капсули на ден со вечерата.

НОФАТИН – 60 таблети

Револуционерен производ за слабеење со кој ќе ја постигнете фигурата за која мечтаете и на здрав начин ќе ги намалите вишокот килограми!



Код: 30021
Цена:1620 ден.

Доктор Нутришн Нофатин е создаден според принципите на Зонската медитеранска диета на доктор Бари Сирс. Нофатин е различен од обичните производи за слабеење бидејќи делува директно на причините за таложење на вишок маснотии и ги балансира сите процеси во организмот, обезбедувајќи сигурен и долготраен ефект. Со 16 биолошки активни состојки со синергиско дејство, производот го поддржува метаболизмот, дигестивниот систем, хормоналниот баланс, имунитетот и помага во намалување на тивките воспаленија. Употребата на Doctor Nature Нофатин придонесува за здраво губење на килограми, намалување на масните наслаги во проблематичните зони, зголемување на енергијата, подобрување на самодовербата и регулирање на нивото на шеќер во крвта, без строги диети и јо-јо ефекти.

Состав на 1 таблета: бета глукани - 115.2 mg, Артичока - 55 mg, бел трн - 55 mg, глуварче - 55 mg, шизандра - 55 mg, родиола розеа - 55 mg, кинески сладок корен - 55 mg, корејска мента - 55 mg, кинески тегавец - 55 mg, кинеска ангелика - 55 mg, чичок - 55 mg, куркума - 55 mg, магнезиум - 55 mg, пиперин - 1 mg, хром - 50 µg, јод - 50 µg.

Начин на употреба: се препорачува 2 пати на ден по 2 таблети, по можност 30 минути пред јадење.

НОФАТИН МЕТАБОЛИК – 30 капсули

Најновиот супер ефикасен производ за слабеење при метаболички синдром и обезност!



Код: 30043
Цена: 1620 ден.

Dr.Nature Нофатин Метаболик е иновативна формула која помага за слабеење и постигнување на целосен метаболички баланс. Наменет е за лица со метаболички синдром, прекумерна телесна тежина, масни наслаги, покачен холестерол, висок крвен притисок, инсулинска резистентност и хормонален дисбаланс. Формулата комбинира две клинички докажани патентирани состојки, Metabolaid® и CSAT+®, кои синергиски ја контролираат телесната тежина, работата на кардио-васкуларниот систем, апетитот и нивото на глукоза во крвта, додека истовремено ја поддржуваат цревната микрофлора и имунитетот. Дополнителните биолошки активни состојки ја балансираат функцијата на метаболизмот, намалуваат тивки воспаленија и го подобруваат здравјето на срцето и крвните садови. Употребата на Нофатин Метаболик придонесува за намалување на вишокот килограми и масни наслаги, контрола на апетитот и желбата за слатко, одржување на нормални вредности на холестерол, триглицериди, крвен притисок и глукоза, како и за здрави црева и оптимален метаболизам. **Dr.Nature Нофатин Метаболик** е дел од Целосната програма **Нофатин** – за оформување на бедрата, колковите, стомакот и половината. Може да се употребува самостојно, во **брз** или **умерен** план за постигнување на идеална телесна тежина и фигура во зависност од поставените цели и желби. За максимално да се искористат придобивките и дејството на производот, Ви препорачуваме да го употребувате, како дел од целосната програма Нофатин која можете да ја погледнете на нашата web страна www.greenmaster.mk

Состав на една капсула: Metabolaid® - 250 mg, CSAT® - 150 mg, цинк - 5 mg, ниацин - 5 mg NE, хром - 50 μg, селен - 25 μg, витамин D3 – 2,5 μg.

Начин на употреба: се препорачува 2 пати на ден по една капсула (наутро и навечер 20-30 минути пред јадење).

САНИЛАКС – 60 капсули

Комбинација од 9 природни состојки за редовна столица и витка фигура!



Код: 30074
Цена: 755 ден.

Комплексна природна формула која ја подобрува перисталтиката на цревата, го регулира варењето на храната, го подобрува внесувањето на гликоза во клетките и претворањето во гликоген во црниот дроб, го ограничува претворањето на јаглехидратите во масти, акумулира вода во дебелото црево.

Dr.Nature ги препорачува при: запек, мрзливи црева, нередовна столица, интоксикација, проблеми со варењето на храната, хемороиди.

Состав на една капсула: сена (Cassia angustifolia Valh.)– 34 mg, лотос (Nelumbo nucifera) – 34 mg, ревен Rheum rhabarbarum) – 21 mg, американска крушина (Rhamnus purshiana DC) – 13 mg, алое (Aloe Vera Barbadensis) – 34 mg, горка диња (Momordica charantia L.) – 55 mg, зелен чај (Camellia sinensis) – 34 mg, гарсинија камбоџа (Garcinia Cambogia) – 55 mg, цејлонски цимет (Cinnamomum verum) – 34 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули препорачно да се пијат навечер.

МАЛИНОВИ КЕТОНИ – 60 капсули

Хит производ за здрава телесна тежина, нормален метаболизам и регулирање на шеќер во крвта!



Код: 30062
Цена: 1020 ден.

Кетоните од малина природно се содржат и го даваат специфичниот мирис на малините, а во нашиот организам имаат неколку клучни улоги. Тие го поддржуваат управувањето со апетитот и дигестивното здравје, ги регулираат тивките воспаленија во организмот и го поттикнува здравиот метаболизам. Кетоните од малина обезбедуваат антиоксидантна заштита, го потиснуваат апетитот, ги топат мастите и го спречуваат таложењето на нови масти, го забрзуваат метаболизмот, му помагаат на организмот да се ослободи и да ги исфрли токсините, го намалуваат холестеролот, го регулираат нивото на шеќер во крвта, го штитат срцето и го подобруваат варењето на храната. Според голем број на студии со помош на капсулите од Dr.Nature Малинови кетони докажано е дека се чувствувате поенергични, повитални и полесно ќе се ослободите од вишокот килограми. **Dr.Nature ги препорачува за:** нормална здрава телесна тежина, нормален метаболизам и оформување на силуетата, за поддршка на разни диети и режими на исхрана за постигнување на побрзи резултати, инсулинска резистентност и големи осцилации во нивоата на шеќер во крвта, ја потпомага работата на црниот дроб, за детокс на организмот и исфрлање на токсините, при недостаток на енергија и виталност, потпомагаат во регулирање на холестеролот, ја потпомагаат работата на дигестивниот систем и варењето на храната. **Состав на една капсула:** малинови кетони - 300 mg. **Препорачана дневна доза:** се препорачува по 1 капсула дневно со 200 ml вода.

CLA + ЗЕЛЕН ЧАЈ + L-КАРНИТИН – 90 капсули

Лесни и витални! Моќна и уникатна комбинација со тројно дејство за максимален ефект!



Код: 30010
Цена:1385 ден.

CLA- конјугираната линоленска киселина е природна масна киселина која што има благопријатно дејство врз метаболизмот, дури и додека спиеме. Делува во две насоки: прво го поттиснува таложењето на нови масни наслаги и второ - ги активира процесите за топење на наталожените масни наслаги. Го намалува нивото на лошиот холестерол и со нејзина употреба се избегнува ''jo-jo'' ефектот, бидејќи разградените маснотии не се таложат повторно. Зеленият чај е моќен антиоксидант и полифенолите кои ги содржи буквално ги растворат триглицеридите во крвта и не дозволуваат дебелеење. **Зеленият чај** ја инхибира апсорбцијата на маснотии и ја помага регулацијата на гликозата, со што помага да се успори покачувањето на шеќерот во крвта после јадење и не дозволува покачување на нивото на инсулин. Особено го потпомага слабеењето во областа на стомакот. **L - карнитинот** учествува во процесот на разградување на маснотиите за генерирање на метаболитна енергија и во транспортирањето на масните киселини од внатреклеточната течност во митохондриите. Активен учесник е во оксидацијата на аминокиселините со разгранет ланец, учествува во создавањето на млечна киселина во мускулите, ги блокира штетните материи, кои што го оштетуваат клеточниот ѕид. Преку него се зголемува дотокот на кислород до мускулите и се обезбедува енергија, без да се разградуваат корисните протеини за организмот. **Dr.Nature ги препорачува при:** проблем со прекумерна телесна тежина; за потпомагање и топење на мастите без загуба на мускулна маса; при нарушен метаболизам на масти; при тешки физички оптоварувања; при нискокалориски диети; за поддршка на кардио-васкуларниот систем; при оксидативен стрес предизвикан од нездраво слабеење; за оформување на витка и затегната фигура. **Состав на една капсула:** CLA (конјугирана линоленска киселина) - 300 mg, екстракт од зелен чај – 200 mg (полифеноли – 100 mg и кофеин – 18 mg), L-карнитин – 138 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула на ден.

L-КАРНИТИН ТАРТРАТ – 90 капсули

За контрола на телесната тежина и енергија!
L-карнитин тартрат е најбрзата и најефикасната формула која веднаш се апсорбира во организмот

L-карнитинот е природна аминокиселина која што се сретнува во секоја човечка клетка. L- карнитинот е важен за согорувањето на наталожените масни наслаги во телото со што се ослободува енергија. Ако на организмот му недостасува L- карнитин согорувањето на мастите е нарушено и може да се случи натрупување на прекумерни количества на масти, појава на замор и намалување на работоспособноста.

Dr.Nature го препорачува да се користи при: регулирање на телесната тежина; согорување на наталожените масти; за зголемување на енергијата; при режим за намалување на телесната тежина; за активирање на метаболизмот; за намалување на апетитот; за поддршка на срцето и кардио-васкуларниот систем; за подобра работа на мускулите; за поддршка на организмот при тешки физички оптоварувања и спортски тренинзи.

Состав на една капсула: L-карнитин тартрат - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-3 капсули дневно



Код: 30042
Цена: 1620 ден.

ХИЈАЛУРОН КОМПЛЕКС – 30 капсули

Комплексна грижа за зглобовите и кожата!


Комбинацијата од три типа на хијалуронска киселина овозможува максимална апсорпција во сите ткива во организмот. Екстрактот од босвелија има антиинфламаторно дејство. Комбинацијата на

микронизирани диосмин и хесперидин (во сооднос 9: 1) има силен антиоксидантен ефект и придонесува за одржување на здравјето и еластичноста на венскиот систем и го потпомага снабдувањето на сврзните ткива на зглобовите со крв, кислород и хранливи материи.

Dr.Nature го препорачува за: одржување на здрави и подвижни зглобови, при болки и проблеми со движењето; за одржување и обновување на 'рскавиците; спречување на ризик од понатамошно оштетување на сврзните ткива; смалување на болките во коските и мускулите; за поддршка на венскиот систем и за здрава, затегната и хидратирана кожа.

Состав на една капсула: хијалуронска киселина (со ниска молекуларна тежина – 30 mg, со средна молелуларна тежина – 60 mg и со висока молекуларна тежина - 30 mg), екстракт од босвелија (индијски темјан) – 50 mg, диосмин/хесперидин – 100 mg, глукозамин – 100 mg, витамин C – 40 mg, манган – 2 mg, селен – 14 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.



Код: 30088
Цена: 1170 ден.

КУРКУМА ФОРТЕ – 60 капсули

Исклучително моќна комбинацијата на куркума и пиперин која ги смирува болките и воспаленијата во организмот!



Doctor Nature ја препорачува за: намалување на воспалителните процеси; при болки во зглобови предизвикани од артроза и остеоартритис; при проблеми со дигестивниот систем; за зајакнување на имунолошкиот систем; за подобрување на подвижноста на зглобовите; за подобрување на метаболизмот; за подобрување на работата на нервниот систем; за полесно ослободување на токсини од организмот; за регулирање на холестеролот и крвниот притисок.

Состав на една капсула: екстракт од корен на куркума (95% куркумин) – 400 mg, екстракт од црн бибер (95% пиперин) – 5 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 до 2 капсули на ден.

Код: 30089
Цена:1515 ден.

MSM (МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН) – 90 таблети

За флексибилност, тонус и сила на мускулите, коските, екстремитетите! Високо квалитетен метилсулфонилметан кој што има благопријатно дејство врз организмот!



Код: 30001
Цена: 930 ден.

Метилсулфонилметан е органско соединение кое што содржи сулфур и има моќно антиоксидантно, антиинфламаторно и детоксикациско дејство. Учествува во синтезата на протеините и во формирањето на сврзните ткива, давајќи им поддршка на зглобовите, тетивите и коските. MSM е исклучително важен при формирањето на кератин, колаген и еластин, кои што им даваат флексибилност, тонус и сила на мускулите, коските, зглобовите, внатрешните мембрани, кожата, косата и ноктите. Производот не е токсичен, лесно се апсорбира и е исклучително корисен за организмот. Обезбедување на неопходните количини МСМ преку исхрана е практично невозможно, бидејќи го има во исклучително ограничени колични во некои овошки, во доматите, пченката, чајот, кафето и др. и затоа е неопходно да се внесува преку додатоци во исхрана.

Dr.Nature ги препорачува при: остеоартритис; ревматоиден артритис; болки и вкочанетост во зглобовите; фрактури, спортски повреди; ја успорува дегенерацијата на зглобовите; при зголемено оптоварување на зглобовите; при промени во зглобовите поврзани со годините; остеопороза; грчеви во мускулите; го забрзува заздравувањето по спортски повреди; при слаба коса и нокти.

Состав на една таблета: метилсулфонилметан - 1000mg

Начин на употреба: се препорачува по 1 таблета на ден.

ГЛУКОЗАМИН 1100 – 90 таблети

За локомоторен систем и полесно движење без болка!



Код: 30002
Цена: 1460 ден.

Глукозамин сулфатот е аминополисахарид кој е природно присутен во зглобовите и е неопходен за создавање на сврзното ткиво и одржување на здравјето на 'рскавиците. Покрај тоа тој е составен дел и на лигаментите, мембраните, коските и другите ткива во организмот. Таблетите од Dr.Nature со глукозамин сулфат лесно се апсорбираат во организмот и ефикасно ја надополнуваат дневната потреба на организмот од оваа важна компонента за да го одржиме здравјето и подвижноста на локомоторниот систем. Поседува и антиинфламаторно својство и потпомага и ги олеснува вообичаените симптоми поврзани со возраста и стареењето, како што се артритис, остеоартритис и сл. Според најновите истражувања глукозаминот е природен, поефикасен и побезбеден за употреба за олеснувањето на болкатите во колената, колковите, 'рбетот и рацете отколку класичните антиинфламаторни лекови.

Dr.Nature ги препорачува за: нормално функционирање на локомоторниот систем (зглобови, лигаменти, тетиви, коски и др.). Позитивно делува врз слободното движење.

Состав на една таблета: глукозамин сулфат (глукозамин) - 1100 mg.

Препорачана дневна доза: се препорачува по 1 таблета дневно со 200 ml вода.

ЗЕЛЕНОУСНА ШКОЛКА – 90 капсули

За здрави зглобови и движење без болка!



Код: 30015
Цена:1620 ден.

Dr. Nature Зеленоусна школка е производ специјално наменет за здрави зглобови кој содржи максимално количество висококвалитетен лиофилизиран концентрат од зеленоусна школка со голема концентрација на глукозаминогликани. Зеленоусната школка е уникатен природен вид која што живее во водите на Нов Зеланд и претставува богат извор на глукозаминогликани кои делуваат како лубрикант во просторот помеѓу зглобовите и на тој начин потпомагаат да се намали болката и укоченоста во зглобовите при движење и да се зголеми отпорноста на зглобовите при стрес. **Dr. Nature ја препорачува при:** ревматски артритис и остеоартритис; спондилоза и ишијас; болки во зглобовите, дегенеративни процеси во зглобовите; оштетување на рскавицата; повреди при тешки физички оптоварувања; прекумерна тежина; неправилно движење и постојано седење на работното место.

Состав на една капсула: лиофилизиран концентрат од зеленоусна школка (3,4% глукозаминогликани) – 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2-3 капсули на ден.

ФЛЕКСАМОЛ – 60 капсули

За здрави зглобови, мускули и движење без болка!



Код: 30013
Цена: 2235 ден.

Dr. Nature Флексамол е производ кој ги комбинира докажано најдобрите природни состојки наменети за поддршка на здравјето на зглобовите. Dr. Nature Флексамол содржи патентиран екстракт од босвелија и висококвалитетен лиофилизиран концентрат од зеленоусна школка. Се повеќе луѓе имаат проблем со зглобовите, а причините за овие проблеми се многубројни. Основните предуслови кои што доведуваат до дискомфорт во зглобовите се што поголемиот дел од денот го поминуваме во седечка положба, недостатокот од движење и оптовареноста на зглобовите. Најчесто промени се случуваат во колената, колковите и рбетот.

Придобивките од употреба на капсулите се:

- Ја помагаат регенерацијата на рскавиците на зглобовите;
- Ги намалуваат воспаленијата и отоците;
- Ги намалуваат болката и вкочанетоста при движење;
- Ги одржуваат здрави тетивите и лигаментите;
- Го забрзуваат процесот на заздравување по повреди – фрактури, истегнувања, изместувања.

Зеленоусната школка е уникатен природен вид која што живее во водите на Нов Зеланд и претставува богат извор на глукозаминогликани кои делуваат како лубрикант во просторот помеѓу зглобовите и на тој начин потпомагаат да се намали болката и укоченоста во зглобовите при движење и ја зголемуваат отпорноста на зглобовите при стрес. Во Dr.Nature Флексамол е искористен патентиран висококвалитетен лиофилизиран концентрат за постигнување на максимална ефикасност. 5 Loxin® претставува патентиран екстракт од босвелија (индиски темјан) стандардизиран до 30% ацетил-11-кето-бета-босвелиска киселина (AKBA). Босвелијата е дрво познато уште и како Индиски темјан чии што плодови благопријатно делуваат на зглобовите, особено при остеоартритис, ревматски артритис, бурзитис и тендонитис. Екстрактот од босвелија поседува клинички докажани антивоспалителни својства, бидејќи го блокира енизмот 5-липоксигеназа и ги намалува воспалението и болката во зглобовите. 5 Loxin® се разликува од останатите екстракти од босвелија со исклучителната биорасположливост. Утврдено е дека тој е неколку пати подобар со што допринесува до подобрување на состојбата на зглобовите и намалувањето на болките 7 дена по употребата.

Dr. Nature го препорачува при: остеоартритис и остеоартроза (коксартроза, гонартроза); истрошеност на зглобните рскавици; болки, вкочанетост и оток во зглобовите; шилци во грбот и потешкотии во движењето; дискус хернија и дископатија; состојби при повреди, фрактури и операции; зголемено физичко оптоварување.

Состав на една капсула: лиофилизиран концентрат од зеленоусна школка (3,4% глукозаминогликани) – 400 mg, 5 Loxin® (екстракт од босвелија стандардизирана до 30% ацетил-11-кето-босвелиска киселина) – 100 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули на ден.

БОСВЕЛИЈА (ИНДИСКИ ТЕМЈАН) – 90 капсули

За здрави зглобови и движење без болка!

Босвелијата позната уште и како индиски темјан најмногу се цени заради нејзиното позитивно дејство при проблеми со зглобовите. Помага за подобра подвижност и флексибилност на зглобовите, влијае добро на 'рскавицата и сврзните ткива, ги тонизира мускулите, ја подобрува периферната циркулација. Покрај тоа екстрактот од босвелија делува и се препорачува да се употребува при астма и воспаленија на цревата. Истражувањата покажуваат дека босвелијата влијае врз работата на мозокот, го намалува стресот и напнатоста.

Dr.Nature ги препорачува при: болки и воспаленија на зглобовите; артритис; остеоартритис; реума; астма; воспаленија на цревата.

Состав на една капсула: екстракт од босвелија (индиски темјан Boswellia serrata) - 400mg, стандардизиран до 65% босвелиска киселина (260 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 -2 капсули на ден.



Код: 30016
Цена: 1135 ден.


IQ МАКС – 30 таблети

Најдобрата формула за јакнење на меморијата и концентрацијата!

Dr. Nature ги препорачува за помош при: нарушено снабдување со крв на мозокот и екстремитетите, намалена концентрација, зуење во ушите, вртоглавица. Го подобрува помнењето и ја стимулира работата на мозокот. Исто така влијае позитивно и врз работата на кардио-васкуларниот систем.

Состав на една таблета: екстракт од гинко билоба (24 % флавоноиди) - 100 mg, магнезиум - 160 mg,- екстракт од родиола (Rhodiola Rosea) - 100 mg, екстракт од семки од грозје (95 %) - 60 mg, фосфатдилсерин - 50 mg, диметиламиноетанол - 30 mg, екстракт од мента - 20 mg, хуперизин А - 50 µg, витамин В6 - 4 mg, селен - 100 µg, витамин В12 - 10 µg.

Начин на употреба: се препорачува 1 таблета на ден наутро по јадење.



Код: 30060
Цена: 890 ден.

ГИНКО ПЛУС – 30 капсули

За подобра концентрација и помнење!

Гинко билоба е најстариот познат вид на дрво и е последниот жив претставник на цела фамилија голосемени растенија кои постоеле во ерата на диносаурусите. Неговите листови содржат 198 активни состојки кои влијаат на стимулирање на работата на мозокот, подобрување на концентрацијата и помнењето, намалувањето на холестерол, во поддржување на еластичноста на крвните садови, елиминирање на слободните радикали.

Dr.Nature го препорачува при: проблеми со помнењето и концентрацијата; проблеми со периферната циркулација; шум во ушите; вртоглавица. Ја подобрува циркулацијата и еластичноста на крвните садови.

Состав на една капсула: екстракт од гинко билоба - 200 mg, екстракт од семки од грозје - 50 mg.

Начин на употреба: се препорачува по една капсула на ден наутро по јадење.



Код: 30061
Цена: 490 ден.

L-ТЕАНИН – 60 капсули

При стрес и нервна напнатост!
Го смирува и релаксира организмот!



Код: 30028
Цена: 795 ден.

L-теанинот е аминокиселина, која што претежно ја има во зелениот чај. L-теанинот има исклучително анти-стресно дејство и се употребува за релаксирање на организмот. Има способност да ги намали симптомите на вознемиреност и стрес. Го подобрува фокусот и вниманието и е една од најефикасните природни состојки при зголемено психичко оптоварување. Голем број испитувања докажуваат позитивни ефекти од употребата на L-теанин при хроничен замор, напнатост, вознемиреност, несоница, анксиозност и депресивни состојби, проблеми со помнењето и концентрацијата и др. L-теанинот многу добро се апсорбира и делува многу брзо: 30-40 минути по употребата. Тој поминува низ крвно мозочната бариера, каде што делува заемно со мозочните клетки, кои што се одговорни за процесите поврзани со контрола на стресот. L-теанинот се шири во меѓуклеточните простори на мозочните клетки. Го засилува имунолошкиот систем и делува како антиоксиданс и како чувар на нервните клетки. L-теанинот го стимулира и формирањето на алфа-брановите во мозокот кои предизвикуваат состојба на смиреност и во исто време ја зголемува меморијата.

Dr.Nature го препорачува да се употребува при: стрес, вознемиреност, анксиозност и лесни форми на депресија; при психички и физички замор; нарушен фокус, меморија и концентрација; при деменција и Алцхајмер; при чести проблеми со спиењето; при нервози и главоболки; при тахикардија; при пред менструален синдром.

Состав на една капсула: L-теанин – 200 mg.

Начин на употреба: се препорачува 1-2 капсули на ден по можност 30 минути пред јадење.

L-АРГИНИН – 90 капсули

За здраво срце и мускули! За виталност, енергија и зголемено либидо!

НОВО



Код: 32025
Цена: 755 ден.

L-аргинин е есенцијална амино киселина која е потребна за различни физиолошки процеси во телото која што самиот организам не може да ја синтетизира во доволни количини, па затоа треба да се зема преку храна или како додаток во исхрана. Аргининот игра клучна улога во производството на азотен оксид (NO), молекула која делува како вазодилататор, што значи дека помага во проширување на крвните садови и ја подобрува циркулацијата на крв. Со тоа L-аргининот го поддржува здравјето на кардио-васкуларниот систем, помага во регулирање на крвниот притисок, ја зголемува енергијата и го зајакнува либидото. Покрај тоа L-аргининот има незаменлива улога во синтезата на хормоните, го зголемува излачувањето на хормонот за раст, помага при детоксикација на организмот, го зајакнува имунолошкиот систем, ефикасно се спротивставува на слободните радикали и помага во намалувањето на вишокот маснотии во организмот.

Dr.Nature го препорачува при: проблеми со кардио-васкуларниот систем, проблеми со циркулацијата и крвните садови, проблеми со периферната циркулација, проблем со зголемени нивоа на холестерол, проблем со висок притисок, за поддршка на телото при интензивни тренинзи и оптоварувања на мускулите при тешки физички оптоварувања, проблем со замор и недостаток на енергија, при еректилна дисфункција.

Состав на една капсула: L-аргинин – 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула со вода 2 пати дневно.

GABA – 60 капсули

За рамнотежа на нервниот систем, добро расположение и добар сон!



Код: 32026
Цена: 605 ден.

Гамалон или Гама амино бутерна киселина (GABA) е не-протеинска амино киселина која е важен невротрансмитер кој се наоѓа во мозокот и ја инхибира работата на нервните клетки. GABA природно се продуцира во организмот и нејзиното присуство во централниот нервен систем може да помогне во промовирање на релаксација и олеснување на нервната напнатост. Капсулите имаат смирувачко дејство без да предизвикаат зависност на организмот. Особено се препорачуваат при стресни ситуации, преголема возбуденост, несоница и депресивни состојби. Имаат одличен ефект при зголемена психичка оптовареност и психолошки стрес и ја нормализираат работата на мозокот и во голема мера го намалуваат менталното возбудување. Под влијание на Gaba се активираат процесите на размена на енергија во мозокот, се подобрува респираторната активност на ткивата и се подобрува микроциркулацијата во нервниот систем. Благодарение на сето тоа се релаксира нервниот систем, се подобрува меморијата, благосостојбата и бистрината на умот. Покрај тоа оваа амино киселина го зголемува нивото на хормонот за раст и ги подобрува физичките перформанси.

Dr.Nature ги препорачува при: стрес, вознемиреност и напнатост, за смирување и виталност на нервниот систем, подобрување на работата на мозокот и нервниот систем, за подобрување на помнењето и расположението, потпомага при панични напади, анксиозност и депресивни состојби, за релаксација на мозокот, за подобрување на сонот и проблеми со несоница, за подобрување на моторните и говорните функции по преживеан мозочен удар, потпомага при проблеми со концентрацијата и расеаност.

Состав на една капсула: GABA- 500 mg.

Препорачана дневна доза: се препорачува по 1 капсула дневно.

L-ТРИПТОФАН – 60 капсули

При стрес, вознемиреност, депресивни мисли и несоница!



Код: 32024
Цена: 755 ден.

L-триптофанот е една од основните аминокиселини кои му се потребни на организмот за синтеза на белковините, како и за синтезата на хормонот на среќата – серотонин и мелатонин. Серотонинот и мелатонинот се одговорни за регулирање на расположението, спиењето, апетитот и другите физиолошки функции кои се важни за одржување на здрав нервен систем. Неговата поврзаност со сератонинот е исклучително важна и недостатокот на L-триптофан во мозокот води до смалување на синтезата на сератонин, а ниското ниво на сератонин води до депресија, анксиозност, па дури и до зголемена агресивност. L-триптофанот исто така делува и врз синтезата на мелатонин кој помага во регулирање на ритамот на спиење и будност. Повеќе фактори можат да предизвикаат недостаток на L-триптофан во организмот како што се зголемен стрес, рестриктивни диети и вегетаријанска исхрана, зголемено конзумирање на алкохол, употреба на некои орални контрацептивни средства, метаболички нарушувања и сл.

Dr.Nature ги препорачува при: стрес, напнатост и вознемиреност, при лошо расположение и психолошки проблеми, нервоза, депресивни мисли, анксиозност, депресија, проблеми со спиењето и несоница, проблеми со самоконтрола и агресија, замор и истоштеност, раздразливост, зголемен апетит и тенденција за зголемување на телесната тежина.

Состав на една капсула: L-триптофан- 500 mg.

Препорачана дневна доза: се препорачува по 1 капсула дневно.

L-ТИРОЗИН – 60 капсули

Поддршка на работата на мозокот и тироидната жлезда!

За повеќе сила и енергија и подобро расположение!



Код: 32023
Цена: 680 ден.

L-тирозинот е неесенцијална амино киселина која природно се произведува во нашиот организам со помош на друга амино киселина фенилаланин и е потребен како градивна материја за синтезата на многу важни молекули, протеини, невротрансмитери и хормони. L-тирозинот влијае на три клучни невротрансмитери допамин, адреналин, норадреналин кои се одговорни за расположението, справувањето со стресот и когнитивните функции. Исто така оваа амино киселина ја употребуваат и многу спортисти и боди билдери за постигнување на повисоки перформанси, издржливост и регенерација на мускулите. L-тирозин игра клучна улога и во производството на два главни тироидни хормони, тироксин (Т4) и тријодтиронин (Т3). Тие се од суштинско значење за регулирање на метаболизмот, растот, развојот и производството на енергија во телото. Откако ќе се апсорбира во крвотокот, L-тирозин се транспортира до тироидната жлезда каде што се претвора во Т4 и Т3 со процес наречен јодирање. Недостатокот на L-тирозин, јод или други хранливи материи може потенцијално да влијае на производството на тироидните хормони и да доведе до состојби како што се хипотироидизам или хипертироидизам.

Dr.Nature ги препорачува при: силен стрес и напнатост, за подобрување на расположението и за зголемување на енергијата и силата, за регулирање на хормоните и работата на тироидната жлезда, при симптоми на ADHD синдром на нарушување на вниманието со хиперактивност, при сезонски психички растројства, за разбистрување на умот, за поголема концентрација и фокус, за намалување и полесно справување со стресот, анксиозноста и депресијата, за подобро извршување на задачи во стресни ситуации.

Состав на една капсула: L-тирозин- 500 mg.

Препорачана дневна доза: се препорачува по 1 капсула дневно по можност на гладно.

L-ЛИЗИН – 90 капсули

За добар имунитет, здрави коски, кожа, коса и нокти!

100% чист L– Лизин со максимална биолошка активност!



Код: 30098
Цена: 815 ден.

L – Лизинот е исклучително важна аминокиселина, која што не може да се синтетизира во организмот, а истовремено игра клучна улога во голем број метаболички процеси. Му дава поддршка на имунитетот, учествува во синтезата на колаген, го потпомага усвојувањето на калциум, цинк, железо. Недостатокот на лизин во организмот доведува до загуба на апетит, косопад, замор, промени во расположението, репродуктивни нарушувања, гадење, вртоглавица, стрес, забавување на растот, анемија.

Dr. Nature ги препорачува за: заздравување на коските и потпомага во борбата со остеопорозата, херпес – го намалува релапсот, зачестеноста и тежината на состојбата, за поддршка на имунитетот – го зголемува производството на антитела, го стимулира производството на колаген и ја подобрува состојбата кожата, косата, ноктите, сврзните ткива и крвните садови, синтеза на ензими и хормони, за подобрување на расположението и намалување на стресот, забрзување на заздравувањето на раните, за подобро варење на храната, за подобрување на транспортот на кислород и хранливи материи во крвта, подобрување на работата на жолчката, за подобра апсорбција на други амино киселини.

Состав на една капсула: L -Лизин(L-lysine) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-3 капсули дневно

L-ГЛУТАМИН – 60 капсули

За добро здравје на цревата, супер имунитет, енергија за мускулите и мозокот!



Код: 32022
Цена: 605 ден.

Глутаминот е најраспространетата слободна аминокиселина во нашиот организам, која што сочинува околу 50 до 60 проценти од аминокиселинскиот фонд на мускулите. Ја регулира аци-до-базната рамнотежа и служи како претходник на антиоксидантот глутатион, учествува во гликогеногенезата, го стимулира производството на цитрулин и глицин. „Го собира" вишокот амонијак во организмот. L-глутаминот природно се синтетизира во организмот и го има во хра-на, богата со протеини (говедско, пилешко, риба, млечни производи и мешунки). Се смета за „условно незаменлива" аминокиселина, што значи, дека при определени услови, како стрес, повреди или боледување, организмот не може да произведе доволно глутамин и да има по-треба од дополнителен внес,особено во форма на додаток во исхрана. Dr. Nature капсулите ја содржат активната форма на L-Глутамин која што има повисока биолошка активност и подобро се апсорбира во организмот.

Dr. Nature ги препорачува при: нарушено варење, чир, дијареа, синдром на пропустливи црева и синдром на возне-мирени црева (IBS); ослабен имунитет - често боледување и подложност на инфекции; загуба на мускулна маса - при ин-тензивни тренинзи, при следење на рестриктивни диети, долготрајно боледување, нарушување на когнитивните функции, општа слабост, недостаток на енергија- при зголемен стрес, хроничен замор и депресивни состојби.

Состав на една капсула: L -Глутамин – 500mg

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули дневно.

ЛУТЕИН МАКС – 30 капсули

За добар вид и здрави очи! 35 mg чист лутеин во секоја капсула!



Код: 30086
Цена: 815 ден.

Dr.Nature Лутеин макс содржи висока концентрација на активни компоненти, кои што имаат важно заштитно дејство врз ретината на очите. Тие го намалуваат ризикот од оштетување предизвикани од дејството на слободните радикали. Исто така имаат моќ да апсорбираат еден дел од високо енергетските зраци од синиот спектар на светлината и играат главна улога како фотопротективен агенс. Комбинацијата на активните состојки во производот ја заштитуваат ретината и успешно се борат со штетните дејства на над-ворешната средина како што се UV зраците, загадениот воздух, промените поврзани со напредување на годинити, работата пред компјутер, димот од цигарите и др. надворешни фактори кои што имаат влијание врз видот и очите.

Dr.Nature ги препорачуваат за: подобрување на оштрината на видот и за потпомагање на проблеми при видот; за намалување на ризикот од формирање на катаракта и развој на макулна дегенерација на очите; за намалување на ризикот од заболувања на очите особено при дијабетичари и пушачи; ја потпомага функцијата на окото пред и по операција од катаракта; го потпомага закрепнувањето на капиларите и спречува формирање на тромбови во ретината; ја подобрува адаптацијата на окото од светлина во темнина (дури се препорачува при ноќно возење); потпомага при синдром на „заморени очи" при интензивна работа на компјутер и отсуство на природна светлина.

Состав на една капсула: лутеин - 35 mg, зеаксантин - 2 mg, боровница - 35 mg, бетакаротен - 2 mg, хијалуронска киселина - 5 mg, рутин - 25 mg, витамин C - 75 mg, витамин E - 18 α-TE, витамин B2 - 3 mg, цинк - 15 mg, бакар - 1 mg, селен - 30 μg, гинко билоба - 5 mg, ленено масло - 80 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула на ден.

ПАСИФЛОРА – 60 капсули

Смиреност и рамнотежа директно од мајката природа!



Код: 30031
Цена: 705 ден.

Пасифлората е позната со векови поради нејзиното смирувачко и релаксирачко дејство. Се препорачува при нервни растројства, несоница, заболувања на кардио-васкуларниот систем, хормонални проблеми, автономни нарушувања во период на климакс и др.

Dr.Nature го препорачува при: стрес, вознемиреност, депресија, анксиозност, несоница и проблеми со сонот, синдром на хроничен замор, проблеми со централниот нервен систем, ментално и психичко оптоварување, лесна раздразливост, нарушувања во концентрацијата и фокусот, главоболка предизвикана од стрес, проблеми со крвниот притисок и работата на срцето, за намалување на заморот и апатијата.

Состав на една капсула: стандардизиран екстракт од цвет на пасифлора – 200 mg (5% флавони).

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули на ден по можност 30 минути пред јадење.

СУПЕР МЕМОРИ – 60 капсули

Иновативна формула за зголемена концентрација, когнитивни функции и добра меморија!



Код: 30054
Цена: 2425 ден.

Dr. Nature Супер Мемори е револуционерен, иновативен додаток во исхраната за стимулирање на когнитивните функции. Патентираните состојки кои се дел од составот на производот Cognivia™ и ZumXR® ја подобруваат работата на мозокот, способноста за учење и усвојување на нови информации, помнењето, фокусот и концентрацијата и придонесуваат за виталност и енергичност во текот на целиот ден. **Cognivia™** е уникатен иновативен природен когнитивен стимулатор кој што сингергиски го комбинира дејството на два вида жалфија– воден екстракт од **Salvia officinalis и етерично масло од Salvia lavandulifolia** и не создава и предизвикува зависност. Ја стимулира умствената работа, ги активира когнитивните функции, ја подобрува меморијата, ја зголемува способноста за учење и го заштитува мозокот од различни штетни последици предизвикани од прекумерно оптоварување или хипоксија. ZumXR® е високо квалитетен патентиран кофеин со продолжено ослободување за стимулација на мозокот и за повеќе енергија во текот на целиот ден. Улогата на кофеинот во Dr. Nature Супер Мемори се поврзува со зголемување на издржливоста, подобрување на нивото на фокусираност и ефикасност на мозокот, како и за забрзување на метаболизмот и согорување на масти, со што се зголемува енергијата и виталноста. Dr. Nature Супер Мемори се препорачува за ученици, студенти, луѓе со стресни професии и зголемено психичко оптоварување кои што имаат потреба од зголемена концентрација и носење брзи одлуки, како и за поддршка на работата на мозокот со напредување на возраста.

Dr.Nature ги препорачува при: зголемено психичко оптоварување, за зајакнување на мозокот и активирање на когнитивните функции на природен начин, при учење и подготовка на важни испити, потреба од меморирање на многу нови информации, за зголемена концентрација и фокус при извршување на важни задачи, проблеми со расеаност, дефокусираност, заборавеност и намалено внимание, за релаксација и намалување на стрес, за виталност и енергија.

Состав на една капсула: Cognivia™ - 400 mg, ZumXR® - 50 mg, Витамин B3 – 10 mg, Фолна киселина – 200 µg, Селен – 55 µg, Витамин B12 – 2,5 µg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула дневно (наутро). Содржи кофеин и не се препорачува за деца, бремени жени и доилки.

АСТАКСАНТИН – 60 капсули

Супер антиоксидант. За здраво срце, добар вид и клеточна заштита! Природен астаксантин добиен од најдобриот извор – црвени микро- алги Haematococcus pluvialis!



Код: 30044
Цена: 1620 ден.

Астаксантинот е дел од групата на каротеноиди и се добива од некои видови на алги, ракчиња и др. Неговата антиоксидантна активност е исклучително висока – денес се смета за еден од најмоќните антиоксиданти, познати на човекот, бидејќи е еден од малкуте кои што се способни да допрат до секоја човечка клетка и успешно да продре низ мозочните и ретиналните бариери, за разлика од голем број други антиоксиданти и активни материи. Благодарение на тоа, неговата употреба е исклучително важна и дополнително за заштита и поддршка на мозокот, очите и нервниот систем. Астаксантинот на Dr. Nature содржи природно астаксантинско масло, добиено од слатководни алги Haematoccus pluvialis, за разлика од многу други додатоци во исхраната кои содржат синтетички астаксантин и затоа има исклучително висока биолошка активност и идеално се апсорбира во организмот. За разлика од други антиоксиданти како бета каротен, зеаксантин и др, астаксантинот никогаш не станува про-оксиданс во организмот. Покрај тоа покажува моќно антивоспалително дејство, ги успорува процесите на стареење на клеточно ниво, му дава поддршка на имунитетот, го намалува нивото на холестерол, го стабилизира кардио-васкуларниот систем и крвниот притисок, ја потпомага работата на желудникот. **Dr. Nature ги препорачува при:** оксидативен стрес – заштита од слободните радикали вклучително и на најнежните структури на човечкиот организам; за превенција на ризик од кардио-васкуларни заболувања; проблеми со видот; оптеретување и замор на очите; континуирана работа со компјутер и електронски уреди; намален вид и визуелна острина; за заштита од катаракта и макулна дегенерација; воспалителни процеси; кожни проблеми; ги успорува процесите на стареење. **Состав на една капсула:** природно астаксантинско масло (од Haematococcus pluvialis – 80mg), од кое што чист астаксантин – 5% (4mg).**Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула дневно за време на оброк.

БЕРБЕРИН – 60 таблети

Ефикасна контрола на шеќерот во крв, липидите и телесната тежина!



Код: 30005
Цена: 985 ден.

Берберинот е природен производ со висока биолошка активност кој е добро познат во ајурведската и кинеската традиционална медицина за борба против паразити, инфекции и за регулирање на вредностите на шеќер и липиди во крвта. Dr.Nature Берберин е добиен од куркуминовото дрво што гарантира исклучително висококвалитетен и концентриран екстракт со високо биолошка активност. Постојат стотици научни истражувања кои го проучуваат дејството на Берберинот и ја потврдуваат неговата ефикасност која пред се се должи на неговото дејство врз специфични ензими чија што активност се зголемува при дијабетис. Покрај тоа ја оптимизира отпорноста на инсулин, ја стимулира гликозата, го намалува производството на шеќер во црниот дроб, го забавува разградувањето на јаглени хидрати во цревата, активно ја подржува нормалната цревна микрофлора. Неговото дејство е споредбено исто со најчестите фармацевтски лекови за дијабетис, а неговата предност е што има природно потекло и е безбеден за употреба без никакви контраиндикации. Берберинот го регулира метаболизмот на масти, ги намалува нивоата на триглицериди и серумскиот холестерол, ја подржува работата на кардио-васкуларниот систем и спречува таложење на маснотии со што допринесува и во регулирање на телесната тежина. Сето ова со право го прави берберинот еден од најкомплексните и најделотворни природни производи при метабиолички синдром кој што се одликува со обезност и инсулинска резистентност со покачен крвен притисок, зголемени вредности на холестерол и шеќер во крвта и висок атеросклеротичен ризик. **Dr.Nature го препорачува при:** дијабетес II тип, преддијабетини состојби; наследен ризик за дијабетис; нарушен метаболизам на јадглехидрати и липиди; покачени вредности на холестерол и триглицериди; покачена телесна тежина; метаболички синдром. **Состав на една капсула:** екстракт од корени и стебла на куркуминово дрво (Berberis aristrata) DER 5:1 – 400 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 таблета на ден за време на јадење. За максимален степен на делотворност и максимална апсорпција се препорачува Берберинот да се комбинира со производи кои што содржат Бел трн.

КВЕРЦЕТИН – 60 капсули

Антиоксидант за здрави крвни садови и имунолошки систем!



Код: 30029
Цена: 2235 ден.

Кверцетинот е еден од најмоќните антиоксиданти со моќно антиинфламаторно дејство. Тој е дел од подгрупата флавоноли, кои се претставници на големата група на флавоноиди. Во капсулите од Dr.Nature е добиен од Sophorae Japonica (јапонски багрем). Голем број научни истражувања ја докажуваат исклучителната антиоксидантна активност на кверцетинот, која гарантира моќна заштита од деструктивното дејство на различни фактори и токсини кои предизвикуваат оксидативно оштетување на мозокот, срцето, крвните садови и разни мукозни мембрани во телото. Како моќен антиоксидант, ја поддржува нормалната функција на срцето и крвните садови и го намалува ризикот од кардио-васкуларни заболувања, како што се мозочен удар и срцев удар. Најновите истражувања ги потврдуваат неговите придобивки во многу различни области како што се - алергологија, имунологија, ендокринологија, гастроентерологија, урологија, психијатрија и онкологија. Ин витро студиите ја докажаа ефикасноста на кверцетинот во борбата против разни вируси кај луѓето, па дури може да го инхибира ширењето и размножувањето на РНК вирусите, што го прави еден од најефикасните антиоксиданти во периоди на зголемена циркулација на вируси. Кверцетинот е еден од најперспективните природни лекови и се повеќе станува предмет на разни истражувања преку кои се откриваат неговите потенцијални и здравствени придобивки за сите органи и системи во телото. **Dr.Nature го препорачува за:** заштита на клетките од оксидативен стрес и моќен антиоксидант; за заштита на клетките од вируси; за намалување на воспалителните процесци во организмот; за поддршка на работата на срцето и крвните садови; поддшка на работата на белите дробови и бронхиите; за блокирање на ослободувањето на хистамин и за потпомагање на организмот да ги надмине алергиските реакции; за заштита од оштетување на мукозните мембрани на дигестивниот тракт, особено при земање нестероидни антиинфламаторни лекови: за намалување на холестеролот и високиот крвен притисок; за забавување на процесот на стареење; има корисен ефект врз кожата и го подобрува видот; за зајакнување на имунитетот и одбрамбените сили на организмот, за подобрување на метаболизмот; за потпомагање на регулирањето на телесната тежина. **Состав на една капсула:** кверцетин од Sophorae Japonica (јапонски багрем) – 500 mg. **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула на ден, по можност 30 минути пред јадење.

ЦРВЕН КОРЕЈСКИ ЖЕН-ШЕН – 60 капсули

Коренот на животот - за младост и долговечност!



Код: 30006
Цена: 815 ден.

Црвениот корејски жен-шен е познат како крал на адаптогените. Тој се употребува со векови во народната медицина како средство кое што го потпомага здравјето на целиот организам. Неговото име Panax потекнува од грчкиот збор панацеа што буквално значи „билка која лекува се". Од сите познати видови жен-шен, Црвениот корејски жен-шен е еден од најистражуваните и со клинички потврдено дејство и ефикасност. Жен - Шенот има моќно имуностимулирачко, адаптогено, антистресно, тонизирачко, афродизијачко и закрепнувачко дејство. Ја зголемува физичката и психичката работоспособност,го подобрува дишењето и работата на белите дробови, го намалува заморот, го подобрува снабдувањето на мозокот со крв и кислород, потпомага на организмот да се адаптира на стрес и различни оптоварувања на органимзот. Ја зголемува отпорноста на организмот кон штетните влијанија на животната средина. Панаксовата киселина која што ја содржи коренот на Жен - Шен ја нормализира размената на материи и работата на ендокриниот систем. Исто така влијае благопријатно врз работата на крвните садови и работата на срцето, ја зголемува амплитудата и ја намалува фреквенцијата на срцевите контракции. Го регулира нивото на инсулин и шеќер во крвта и ја подобрува подвижноста на сперматозоидите. **Dr.Nature го препорачува при:** тешки физички и психички оптоварувања; хроничен замор; стрес; проблеми со концентрација и помнење; ослабен имунитет; ерективна дисфункција и машки стерилитет; диабетес, за заздравување по долготрајно боледување.**Состав на една капсула:** стандардизиран екстракт од црвен корејски жен-шен – 200 mg (20% женшеноиди). **Начин на употреба:** се препорачува по 1 капсула наутро за време на јадење.

Dr. Nature Ayurvedic Line

Dr. Nature Ayurvedic Line е нова подлинија на природни додатоци во исхраната инспирирана од древната Ајурведа. Со моќта на лековитите растенија, тие помагаат во одржување на баланс, превенција на здравствени проблеми и подобрување на виталноста во современиот начин на живот.

УРОБАЛАНС – 60 капсули

За здрави бубрези и уринарен систем!

НОВО



Билните капсули Уробаланс се ефикасна формула инспирирана од древните знаења на Ајурведската медицина која што делува како подмладувачки тоник на бубрезите и надбубрежните жлезди. Ја подржуваат работата на уринарниот тракт и ги одржуваат нивоата на креатинин и мочна киселина во нормални вредности. Покрај тоа капсулите имаат детокс ефект на организмот, а го помагаат и прочистувањето на крвта и лимфата. Во својот состав содржи 9 високо концентрирани растителни екстракти, вклучувајќи пунарнава, бабини заби, варуна и ним, кои синергиски делуваат за да го стимулираат природното прочистување на организмот, да ги намалат воспаленијата и да обезбедат заштита од инфекции. Активните состојки се познати по своите диуретички, противвоспалителни, антисептички и антиоксидативни својства, кои ја поддржуваат нормалната функција на уринарниот систем. Dr. Nature Уробаланс ја регулира pH на урината, спречува формирање на камења во бубрезите, ја зајакнува слузницата на уринарниот тракт и истовремено обезбедува долготрајна заштита и комфор во уринарниот тракт.

Код: 34001
Цена: 1135 ден.

Dr.Nature ги препорачува за: заболувања и нарушена работа на бубрезите, проблеми и воспаленија на мочните канали, камен и песок во бубрезите, зголемено ниво на креатинин, зголемено ниво на мочна киселина, гихт и сл.

Состав на една капсула: екстракт од пунарнава (Boerhavia Diffusa) 4:1 – 100 mg, екстракт од бабин заб (Tribulus Terrestris) – 100 mg (80% сапонини), екстракт од корен на Varun (Crataeva nurvala)- 50 mg (25–35:1, 1,5% лупеол), екстракт од Palash (Butea Monosperma) 4:1 – 50 mg, екстракт од листови на моринга (Moringa oleifera) 4:1 – 50 mg, екстракт од Shirish (Albizzia lebeck) 4:1 – 50 mg, екстракт од корен на Куркума (Curcuma longa) – 50 mg (95% куркуминоиди), екстракти од листови на Ним (Azadirachta indica) 4:1 – 50 mg, Пиперин (Piper nigrum) – 1 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула двапати дневно.

НОВО

НИИМ – 60 капсули

Природна поддршка за прочистување на крвта, здрава кожа и детоксикација на организмот!



Ним е една од најмоќните ајурведски билки со силни антибактериски, антивирусни и антиинфламаторни својства. Помага при кожни проблеми како акни, егземи и псоријаза, ја поддржува функцијата на црниот дроб и го зајакнува имунитетот. Погоден е и при проблеми со дигестивниот систем и воспалителни состојби.

Dr. Nature го препорачува при: кожни заболувања, воспаленија, инфекции, намален имунитет, дијабетес и токсини во организмот.

Состав на една капсула: екстракт од Ниим (Azadirachta indica) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1-2 капсули дневно.

Код: 34006
Цена: 905 ден.

ДИАХЕЛТ – 60 капсули

Природна поддршка за регулирање на шеќерот во крвта и подобрување на метаболичкото здравје!

НОВО



Код: 34003
Цена: 1095 ден.

Диахелт е ајурведски додаток во исхрана направен со комбинација на природни растителни екстракти, кои традиционално се користат за поддршка и регулирање на шеќерот во крвта и подобрување на симптомите поврзани со дијабетес. Производот е наменет за лица со дијабетес, предијабетес, метаболички синдром или нарушувања во метаболизмот на јаглехидрати. Може да помогне при често мокрење, засилена жед, сува кожа, како и при зголемени нивоа на холестерол и триглицериди, прекумерна тежина и кардиоваскуларни заболувања. Делува како природна поддршка во периоди на зголемена гликемија или хормонален дисбаланс поврзан со шеќерот.

Состав на една капсула: семе од сминдух – 75 mg, семе од петрокарпус – 75 mg, плод од јамун – 50 mg, лист од ним – 50 mg, плод од амла – 50 mg, плод од горчлива диња – 50 mg, корен од куркума – 50 mg, корен од ашваганда – 50 mg, лист од гудучи – 50 mg, корен од бабини заби – 50 mg, лист од гимнема силвестре – 50 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула два пати дневно.

АРЏУН – 60 капсули

Природна поддршка за здраво срце, нормален крвен притисок и нивоа на холестеролот!

НОВО



Код: 34005
Цена: 1400 ден.

Арџун е традиционален ајурведски билен тоник за срцето, кој се користи со векови за зајакнување на срцевиот мускул, подобрување на циркулацијата и одржување на нормален крвен притисок. Дејствува кардиопротективно, помага при регулирање на холестеролот и го поддржува метаболизмот на мастите. Погоден е за лица со срцеви заболувања, стрес, покачен холестерол или нарушена васкуларна функција.

Dr. Nature ја препорачува при: зголемен крвен притисок, нарушен липиден профил, слабост на срцето, срцева аритмија, нарушена циркулација, метаболчки синдром, задржување на течности, како и во периоди на закрепнување после долготрајно боледување, воспаление или срцеви компликации. Позитивно влијае и на црниот дроб и на васкуларната еластичност.

Состав на една капсула: екстракт од плодови на арџун (Terminalia arjuna) - 500 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула двапати дневно..

Dr. Nature - медицински печурки

Dr. Nature линијата со медицински печурки ја носи мудроста на традиционалната азиска медицина во современата грижа за здравјето. Медицинските печурки илјадници години се ценети поради своето богатство со полисахариди, витамини (С и В комплекс), протеини, аминокиселини, растителни влакна и минерали. Со внимателно селектирани формули, Dr. Nature ви нуди највисок квалитет и моќна природна поддршка за виталност, имунитет и баланс на организмот.


ЧАГА – 60 капсули

Кралицата на печурките – извор на долговечноста!
Содржи > 30% полисахариди!

Dr.Nature ја препорачува при: проблеми со варењето на храната, чир на желудник, за потпомагање при рак на желудник, рак на бели дробови, рак на дојки, рак на матка, дијабетис, за потпомагање на организмот при појава на различни тумори, артритис, габични и кожни заболувања. Исто така потпомага при хипертензија, за нормализирање на срцевиот ритам, ги намалува отоците и го смалува стресот. Делува адаптогено, антиоксидативно, имуномодулирачки, антивоспалително и антивирусно.

Состав на една капсула: 400 mg висококвалитетен стандардизиран екстракт од плодното тело на печурката Чага (Inonotus obliquus).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден (или според препораките на Вашиот лекар).



Код: 30319
Цена: 1620 ден.

MEGAVITAL COMPLEX – 60 капсули

Megavital Complex е уникатна комбинација од 6 печурки и три антиоксиданти!

Dr.Nature ја препорачува при: за потпомагање на организмот при справување со најтешките болести и за одржување на сите органи и системи во организмот во една хармонична состојба, пад на имунолошкиот систем, како дополнителна терапија на болни од рак, во потпомагање на организмот при хемотерапија и зрачење, ја подобрува работата на кардио-васкуларниот, дигестивниот и уринарниот систем, го нормализира хормоналниот баланс, потпомага во регулирање на шеќер во крвта, потпомага во регулирање на крвниот притисок и нивоата на триглицеридите и холестеролот.

Состав: Рејши (екстракт од Ganoderma lucidum) - 60 mg; Шиитаке (екстракт од Lentinula edodes) - 60 mg; Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) - 60 mg; Кордицепс (екстракт од Cordyceps sinensis) - 60 mg; Агарикус (екстракт од Agaricus blazei) - 60 mg; Херициум (екстракт од Hericium erinaceus) - 60 mg; Витамин С – 60 mg; Селен (Se) - 30 µg; Цинк (Zn) - 6,8 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден пред јадење. Не се препорачува да го користат деца, бремени жени и доилки.



Код: 30301
Цена: 1620 ден.

CORDYCEPS PLUS – 60 капсули

Најмоќниот природен антибиотик со широк спектар на делување!

Dr. Nature го препорачува при: респираторни проблеми (пневмонија, воспалителни процеси, емфизем, итн.), за подршка на уринарниот систем (особено при воспалителни процеси на уринарниот тракт и бубрезите), тумори на белите дробови, простатата, мозокот, крвта и лимфните жлезди, подршка на организмот при хемотерапија и зрачење, за зајакнување на имунолошкиот систем, за детоксикација на крвта и лимфата, делува како моќен природен антибиотик против разни вирусни и бактериски инфекции, ја потпомага работата на црниот дроб и го заштитува, за зголемување на либидото, за потпомагање на работата на кардиоваскуларниот систем, за виталност и енергија на организмот.

Состав: Кордицепс (екстракт од Cordyceps sinensis) - 372 mg; Реиши (екстракт од Ganoderma lucidum) - 11 mg; Шитаке (екстракт од Lentinula edodes) - 11 mg; Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) – 11 mg; Агарикус (екстракт од Agaricus blazei) - 11 mg; Херициум (екстракт од Hericium erinaceus) - 11 mg; витамин C - 11 mg; Селен (Se) - 6,8 μg; Цинк (Zn) - 1,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден.



Код: 30302
Цена: 1620 ден.


REISHI PLUS – 60 капсули

Megavital Complex е уникатна комбинација од 6 печурки и три антиоксиданти!

Dr.Nature ја препорачува за: подршка на имунолошкиот систем како моќен адаптоген; за дополнителна терапија на болни од рак на желудник, црн дроб, бели дробови, кожа; при заболувања предизвикани од зрачење и радијација; хроничен замор, вознемиреност, проблеми со спиењето, нервози; за потпомагање на сите ткива, органи и системи во организмот; за закрепнување на организмот по тешки и долготрајни боледувања; при проблеми со алергии, астма, бактериски и вирусни заболувања; при чир, гастритис; за намалување на болките во коските, зглобовите и мускулите; за подобрување на циркулацијата и за зголемување на позитивното расположение.

Состав: Рејши (екстракт од Ganoderma lucidum) – 372 mg; Шитаке (екстракт од Lentinula edodes) - 11 mg; Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) – 11 mg; Кордицепс (екстракт од Cordyceps sinensis) - 11 mg; Агарикус (екстракт од Agaricus blazei) - 11 mg; Херициум (екстракт од Hericium erinaceus) - 11 mg; витамин C -11 mg; Селен (Se) - 6,8 μg; Цинк (Zn) - 1,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден.



Код: 30303
Цена: 1620 ден.

MAITAKE + – 60 капсули

За зајакнување на телото, подобрување на целокупното здравје и продолжување на човековиот живот!



Код: 30304
Цена: 1620 ден.

Dr.Nature ја препорачува при: дополнителна терапија на болни од рак на дојки, панкреас, кожа, желудник, црн дроб, простатна жлезда; при ослабен имунитет како последица на габични, бактериски и вирусни инфекции; за регулирање на хормоналниот баланс; за регулирање на мастите и телесната тежина; за регулирање на нивото на шеќер во крв; потпомага при хепатитис и заболувања на црниот дроб; ја подобрува работата на кардио-васкуларниот систем; потпомага во намалување на високиот крвен притисок.

Состав: Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) - 372 mg; Реиши (екстракт од Ganoderma lucidum) - 11 mg; Шитаке (екстракт од Lentinula edodes) - 11 mg; Кордицепс (екстракт од Cordyceps sinensis) - 11 mg; Агарикус (екстракт од Agaricus blazei) - 11 mg; Херициум (екстракт од Hericium erinaceus) - 11 mg; Витамин C - 11 mg; Селен (Se) - 6,8 µg; Цинк (Zn) - 1,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден пред јадење. Не се препорачува да ги користат деца, бремени жени и доилки.

SHIITAKE + – 60 капсули

Megavital Complex е уникатна комбинација од 6 печурки и три антиоксиданти!



Код: 30305
Цена: 1620 ден.

Габата Шиитаке („Габа на императорот“) е габа со најпроучени биолошки и фармаколошки својства. Благодарение на нејзините активни материи моќно делува во намалувањето на појавата на тумори и вируси, го зајакнува имунитетот, значително ја олеснува работата на црниот дроб особено при оптовареност со токсични материи, ги штити клетки на црниот дроб, го спречува развојот на цироза. Ефикасно се користи за намалување на штетниот холестерол во крвта и за регулирање на нивото на шеќер. Главниот полисахарид во оваа габа е лентинан. Megavital Complex има моќно зајакнувачко дејство врз целиот организам заради неговиот уникатен состав и биолошко дејство.

Состав: Шитаке (екстракт од Lentinula edodes) - 372 mg; Реиши (екстракт од Ganoderma lucidum) - 11 mg; Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) - 11 mg; Кордицепс (екстракт од Cordyceps sinensis) - 11 mg; Агарикус (екстракт од Agaricus blazei) - 11 mg; Херициум (екстракт од Hericium erinaceus) - 11 mg; Витамин C - 11 mg; Селен (Se) - 6,8 µg; Цинк (Zn) - 1,5 mg).

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден пред јадење. Да не се употребува истовремено со аспирин, синтром и при склоност кон крварења.

ГЕРМАНОР 132 – 60 капсули

Моќен антиоксидант кој ефикасно ги неутрализира слободните радикали!

Германор 132 се препорачува да се користи при: оксидативен стрес, канцерогени заболувања, артритис, срцева слабост, проблеми со циркулаторниот систем, хипертензија, хемотерапија и радиотерапија, намален имунитет, хроничен замор, алергии, артеросклероза, за закрепнување по долготрајни боледувања, работа во загадена и штетна работна средина.

Состав на една капсула: специфичен биоактивни комплекс (Шиитаке (екстракт од Lentinula edodes) -25%; Маитаке (екстракт од Grifola frondosa) -25%; Реиши (екстракт од Ganoderma lucidum) -40%) богат со бета-глукан), аминокиселини, природен органски германиум, витамини, РНК и витамин С - 144 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 1 капсула 2 пати на ден по јадење со вода.




Код: 30306
Цена: 1990 ден.

КАМФОРНА ГАБА – 60 капсули

Најактивните компоненти во **камфорната печурка** се полисахаридите и тритерпеноидите. Го зајакнуваат имунолошкиот систем и имаат антибактериско и имуномодулаторно дејство. Камфорната печурка врши апоптоза на канцерогените клетки, селективно ги уништува, а здравите клетки ги остава неоштетени. Камфорната печурка е медицинска печурка со најмоќно антиканцерогено дејство која се препорачува како превентивен додаток во исхраната против сите видови на рак.

Состав на една капсула: екстракт од Камфорна печурка (Antrodia cinnamomea) - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, препорачливо 30 мин пред јадење.



Код: 30307
Цена: 1855 ден.


АУРИКУЛАРИЈА – 60 капсули

Аурикуларијата е богата со витамини од групата В, протеини, минерали и материи кои го спречуваат згуснувањето на крвта и појавата на различни воспаленија особено на слузните обвивки во организмот.

Dr. Nature ја препорачува за: подобрување на циркулацијата; за спречување на тромбоза и други запушувања во крвните садови; за превентива од инфаркт на миокардот, мозочен удар и артеросклероза; при шум и зуење во ушите; за стимулирање на имунолошкиот систем при инфекции, хронични и малигни заболувања на кожата и слузокожата, простатата и сврзните ткива; при хемороиди и прекумерна телесна тежина.

Состав на една капсула: екстракт од Аурикуларија (Auricularia auricula-judae) - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, препорачливо 30 мин пред јадење.



Код: 30308
Цена: 1620 ден.


КОПРИНУС – 60 капсули

Копринусот значително ја подобрува состојбата на дијабетичарите, ги спречува негативните последици врз кардио-васкуларниот систем предизвикани од високите нивоа на шеќер во крвта.

Dr. Nature го препорачува при: дијабетес, атеросклероза и проблеми со циркулацијата, проблеми со варење на храната и нарушена микрофлора, хемороиди, воспаленија, инфаркт и проблеми на крвните садови и срцевиот ритам; алкохолизам и гихт.

Состав на една капсула: екстракт од Копринус (Coprinus comatus) - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, препорачливо 30 мин пред јадење.



Код: 30309
Цена: 1620 ден.

АГАРИКУС БЛАЗЕИ – 60 капсули

Агарикус блазеи му помага на организмот да ги уништи канцерогените клетки и активно го спречуваат растот на сите видови тумори.

Dr.Nature ги препорачува при: потпомагање на организмот при различни автоимунолошки заболувања (мултиплекс склероза, атописки дерматитис, склеродерматитис, полиартритис, хашимотов тиреодитис и сл.), особено се препорачува при случаи на неоперативни случаи на рак на црн дроб, цироза на црн дроб, рак на дојки; метастази, за закрепнување на организмот од хемотерапија и зрачење; при хепатит В и С; при проблеми со гастро-интестиналниот и дигестивниот систем; при проблеми со респираторниот систем; при хроничен замор и истоштеност.

Состав на една капсула: екстракт од агарикус блазеи (Agaricus blazei) - 400 mg

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, препорачливо 30 мин пред оброк.



Код: 30311
Цена: 1620 ден.


КАРДИО КОМПЛЕКС – 60 капсули

Моќна комбинација од медицински печурки за заштита и подобра работата на срцето и кардиоваскуларниот систем!

Dr.Nature ги препорачува при: висок крвен притисок, коронарна болест на срцето, аритмии на срцето, за превенција од срцев удар, исхемичен мозочен удар и артеросклероза, спречува создавање на тромбови, ја подобрува состојбата на крвоносните садови и го оддржува нормалното ниво на холестерол во крвта.

Состојки во една капсула: екстракт од реиши(Ganoderma lucidum) - 100 mg, екстракт од копринус (Coprinus comatus) - 100 mg, екстракт од шитаке (Lentinula edodes) - 60 mg, екстракт од кордицепс (Cordyceps sinensis) - 60 mg, екстракт од маитаке (Grifola frondosa) - 60 mg, екстракт од агарикус блазеи (Agaricus blazei) - 20 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, се препорачува да се пијат 30 мин пред јадење.




Код: 30313
Цена: 1620 ден.

ХЕРИЦИУМ – 60 капсули

Херициумот има изклучително дејство врз дигестивниот систем. Потпомага при проблеми со нередовна столица и запек. Содржи вредни полисахариди и полипептиди, 19+ аминокиселини и многу минерали. Постојат научни докази дека оваа печурка има сензациона моќ да ги возобновува невроните. Затоа оваа печурка е незаменлива при проблеми со нервите и болести на нервниот систем како Алцхајмер и полиневропатии.

Состав на една капсула: екстракт од херициум (Hericium erinaceus) - 400 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, препорачливо 30 мин пред оброк.



Код: 30312
Цена: 1620 ден.

БРЕЈН КОМПЛЕКС – 60 капсули

Моќната комбинација од медицински печурки за заштита и подобра работата на нервниот систем!

Dr.Nature ги препорачува за: подобрување на дототкот на крв во мозокот, проблеми со помнењето, Алцхајмер, старечка деменција, мултиплекс склероза, дезориентација, несоница, расеаност, мигрена, нервози. Помага и за подигнување на либидото и сексуалната функција кај мажите и жените.

Состојки во една капсула: екстракт од херициум (Hericium erinaceus) - 200 mg, екстракт од реиши (Ganoderma lucidum) - 100 mg, екстракт од кордицепс (Cordyceps sinensis) - 60 mg, екстракт од шитаке (Lentinula edodes) - 40 mg,

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, се препорачува да се пијат 30 мин пред јадење.



Код: 30314
Цена: 1620 ден.


ГАСТРО КОМПЛЕКС – 60 капсули

Моќната комбинација од медицински печурки кои ја заштитуваат и подобруваат работата на дигестивниот систем!

Dr.Nature ги препорачува при:: проблеми со дигестивниот систем, чир на желудник и дванаесетпалачно црево, разни воспаленија на желудник, панкреас, тенко и дебело црево; проблеми со цревната флора, киселини во желудник, рефлукс, гастритис, проблеми со варењето на храната, Кронова болест, синдром на нервозни црева, хемороиди.

Состојки во една капсула: екстракт од херициум (Hericium erinaceus) - 250 mg, екстракт од Копринус (Coprinus comatus) - 50 mg, екстракт од реиши (Ganoderma lucidum) - 40 mg, екстракт од шитаке (Lentinula edodes) - 40 mg, екстракт од агарикус блазеи (Agaricus blazei) - 20 mg.

Начин на употреба: се препорачува по 2 капсули 2 пати на ден, се препорачува да се пијат 30 мин пред јадење.



Код: 30315
Цена: 1620 ден.

ЗЛАТНО ЧУДО №14 – 50 ml

Оригинална формула по рецепт на м-р фарм. Никола Мангалџиев од специјално одбрани билки за лесно и здраво слабеење

Се препорачува при: прекумерна тежина, успорен метаболизам, тешко контролирање на телесната тежина. За идеална фигура во проблематичните зони (колкови, бедра, половина и стомак).

Состав: водно-алкохолни екстракти од: зелен чај, плодови од гоџи, семиња од кавкаска коприва, листови од бреза, корен од глуварче, семиња од лен, корен од ѓумбир, корен од ревен, чили, артичока. Содржи 40 % алкохол.

Начин на употреба: се препорачува 2 пати на ден (наутро и навечер) по 21 капка растворени во 200 ml вода, 30 минути пред јадење.



Код: 30117
Цена: 450 ден.

ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СО МОЌТА НА СРЕБРЕНАТА ВОДА

Уникатната моќ на сребрената вода има докажано антибактериско, антивирусно, антигабично и антисептично дејство и ефикасно уништува повеќе од 650 вида патогени микроорганизми, штитејќи го организмот и помагајќи во одржување на здравјето.

Dr.SILVER NEW

До 40000 l сребрена вода!
Со променлива сребрена електрода и батерија!

Мал и компактен апарат за генерирање на сребрени јони (Ag+) и подготовка на сребрена вода со различни концентрации. Работи со променлива електрода и батерија AAA 1,5 V, може целосно да се потопува во вода, а е лабораториски испитан и сертифициран со TÜV сертификат, што го прави безбеден за употреба дома или на патување.*

Код: 20040
Цена: 3790 ден.







Електрода за Dr.Silver New
Код: 200401
Цена: 1135 ден.

**Со цел да се постигне максимален ефект на добивање на сребрена вода препорачуваме при употреба на апаратите да се употребува прочистена вода (филтрирана или вода со низок степен на минерализација).*
***Употребата на вода од чешма или минерална вода може значително да ја намали ефикасноста на сребрените јони!*

DR.SILVER СРЕБРЕНА ВОДА СПРЕЈ – 75 ml

Практичен спреј со висока концентрација на сребрена вода (150 ppm) за надворешна и внатрешна употреба. Има антибактериско, антивирусно и антисептично дејство и помага при грижа за кожата, воспалителни процеси и дезинфекција на површини.

Начин на употреба:

– **Надворешно:** испрскајте директно на површината или кожата.

– **Внатрешно:** 1–3 пати на ден, по 7 прскања (1 ml) директно во устата.

Код: 20028
Цена: 300 ден.



VOLCANO ZAPPER V-4 – Повеќефреквенциски биорезонантен апарат

Volcano Zapper V-4 овозможува ефикасен третман како на акутни, така и на хронични заболувања предизвикани од различни видови микроорганизми. Теоријата за селективно уништување на патогените микроорганизми е откриена од д-р Ројал Рајф, дополнително развиена од д-р Хулда Кларк и потврдена од бројни истражувачи ширум светот.

Апаратот помага при: тешки хронични заболувања, појава на воспалителни процеси, намален имунитет, настинки, грипови, вирусни инфекции, алергии и кожни заболувања, состојби предизвикани од паразити, бактерии и габички, како и при балансирање и хармонизирање на енергетските центри (чакри) во телото. **Третманот има закрепнувачко дејство** врз организмот, но и биостимулативно делува на имунолошкиот систем – го прави поотпорен на идни инфекции, го зголемува виталниот тонус, ја подобрува когнитивната функција и го забрзува метаболизмот на клеточно ниво.

Карактеристики:

- Повеќефреквенциски генератор со мемориски картички со однапред програмирани фреквенции (протоколи на д-р Хулда Кларк, д-р Ројал Рајф, CAFL, Frex 16 и други)
- Можност за селекција на програми според здравствената состојба
- 120 програми распоредени на 12 мемориски картички
- Може да работи и без картичка – според универзалниот протокол на д-р Хулда Кларк
- Целосна електронска контрола
- Напојување: 2 × AA батерии (1.5 V)
- Гаранција: 24 месеци

Подарок: Со секој купен апарат се добива мемориска картичка „К1-Паразити" (која содржи 25 индивидуални програми).

Начин на употреба: Се користи едноставно, без потреба од компјутер или посебни конфигурации. Со вметнување на картичката се избира конкретна програма, а без картичка автоматски се активира протоколот на д-р Хулда Кларк.



Код: 20800
Цена: 12130 ден.

Дополнителни мемориски картички за Zapper V-4:

- К1 – Паразити (код 208001)
- К2 – Нервен систем (208002)
- К3 – Ендокринолошки систем (208003)
- К4 – Дигестивен систем (208004)
- К5 – Респираторен систем (208005)
- К6 – Циркулаторен систем (208006)
- К7 – Лимфен систем (208007)
- К8 – Коскен систем (208008)
- К9 – Мускулен систем (208009)
- К10 – Секреторен систем (208010)
- К11 – Репродуктивен систем (208011)
- К12 – Инфекции (208012)

Цена на една мемориска картичка: 755,00 денари

VOLCANO ZAPPER

Заперот овозможува ефикасен третман како на акутни, така и на хронични заболувања предизвикани од различни видови на микроорганизми. Теоријата за селективно уништување на патогените микроорганизми е откриена од страна на американскиот лекар Д-р. Рајф и дополнително развиена од страна на Д-р Хулда Кларк кон крајот на 20-от век. Подоцна истата е потврдена од страна на десетици истражувачи ширум светот.

Помага кај:

- Тешки хронични заболувања;
- Појава на воспалителни процеси;
- Опаѓање на имунитетот;
- Настинки, грипови, вирусни инфекции;
- Алергии и кожни заболувања
- Сите видови заболувања што се предизвикани од паразити, вируси, бактерии
- Балансирање и хармонизирање на енергетските центри (чакри) во телото.

Третманот покрај закрепнувачкото дејство врз организмот, дејствува и биостимулативно на имунолошкиот систем. На тој начин го прави поотпорен на идни потенцијални напади од паразити. Видно го зголемува виталниот тонус, го подобрува памтењето и работата на мозокот. Друго позитивно дејство е забрзувањето на метаболизмот на клеточно ниво и размената на материи.



Код: 20015
Цена: 5650 ден.

TERADOC – апарат за терахерцова терапија

TeraDoc е иновативен апарат кој користи терахерцови зраци за активирање на природната регенерација на телото, подобрување на енергетскиот баланс и ублажување на болка и воспаленија.Терахерцовата терапија е неинвазивна и безболна метода која користи електромагнетни бранови во опсегот меѓу инфрацрвената и микробрановата радијација (0.1–10 THz), со способност да продираат длабоко во ткивата и да ја стимулираат клеточната активност без оштетување на телото.

Придобивки од TeraDoc:

- Ги активира клетките и природните процеси на нивна регенерација
- Ги елиминира болните клетки и ја намалува болката
